**ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН**

**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**за периодот 2024 – 2027 година**

Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина  Струмица во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.

ВОВЕДЕН ТЕКСТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Почитувани сограѓани,

Општина Струмица во текот на 2023 год. започна со подготовка на Интегриран развоен план, врз основа на методолошките насоки подготвени од Министерството за локална самоуправа, а со поддршка на УНДП. Примарната цел на методолошките насоки беше да се следи процесот на подготовка на Националната развојна стратегија и да се интегрира планирањето на локалниот развој во националниот систем за планирање на развојот на земјата. Методологијата овозможи инклузивно и интегрирано планирање на локално ниво.

Имајќи предвид дека овој план се однесува на периодот 2024-2027г., истиот ќе служи како општинска стратегија за постигнување на општинските одржливи (економски, социјални и еколошки) цели. Тие се во насока на исполнување и на националните развојни цели, целите од Зелената агенда за Западен Балкан, како и целите за одржлив развој на Обединетите нации. Оттука, Општината може да го користи овој интегриран развоен план за исполнување на критериумите за мобилизирање дополнителни средства од донации од различни извори.

Имплементацијата на планот, односно неговата операционализацијата, е поврзана со годишното планирање на програмите на општините, извршувањето на буџетот на општината и спроведувањето на Планот за развојни програми, кој е составен дел на општинскиот буџет. Директно одговорни за спроведување на овие годишни планови се раководителите во општинската администрација, општинските институции и јавните претпријатија.

Доброто планирање ни помага, на најдобар можен начин да се фокусираме на резултатите кои за се од исклучителна важност за нас, а се во функција на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од општина Струмица, како и на понатамошно проширување на нивните можности и одлуки.

**Градоначалник на општина Струмица**
**Костадин Костадинов**

**СОДРЖИНА**

**I. ВОВЕД** ..... 5
I.1 Профил на општината Струмица ..... 5
I.2 Цел на ИЛРП ..... 7
**II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП** ..... 7
**III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ** ..... 8
**IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** ..... 10
**V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА** ..... 23
**VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА** ..... 23
**VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ..... 25
**VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** ..... 25
8.1 Програма за урбано планирање ..... 28
**8.2 Програма за комунални дејности** ..... 34
**8.3 Програма за заштита на животната средина и природата** ..... 45
8.4 Програма за локален економски развој ..... 54
8.5 Програма за култура ..... 62
8.6 Програма за спорт и рекреација ..... 70
8.7 Програма за образование ..... 74
8.8 Програма за социјална заштита и заштита на децата ..... 81
8.9 Програма за родова еднаквост согласно буџетскиот циркулар ..... 86
8.10 Програма за противпожарна заштита ..... 91
8.11 Програма за месна самоуправа ..... 93
**9 БУЏЕТ НА ИЛРП** ..... 96
**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП** ..... 110
**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА** ..... 144
**АНЕКС 2: ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ** ..... 202
**АНЕКС 3: ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА** ..... 228

# I. ВОВЕД

## I.1 Профил на општината Струмица

Географска положба:

**Струмичкиот регион** се наоѓа во југо-источниот дел на Република Македонија на 41° 22' и 23° 45' источна географска должина и располага со површина од 963 км$^2$. Синорот од југ граничи со Република Грција, а од исток со Република Бугарија. Разврстен е во јужно-медитеранскиот подреон, под таканаречениот индустриски микро-реон. Но неговиот низински дел е најгусто населено подрачје во Македонија. Просечната надморска височина на котлината изнесува 280 метри, а вкупната површина 290 км$^2$, што претставува околу 30% од вкупната површина на регионот. Оградена е со планините Огражден, Беласица и Еленица. Економски најбогат и најзначаен дел од котлината е Струмичката рамница, потоа доаѓа Подбеласичкиот микро реон или таканаречениот Подгорот и на крај микро реонот на населените места распределени во подножјето на планината Огражден.

**Општина Струмица** се наоѓа на западниот и централниот дел од Струмичкиот регион, со површина од 321,89 км$^2$. На исток се граничи со Општината Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општината Василево, на југоисток со Општина Ново Село, а на југозапад со Општината Валандово.

Пристапноста кон Општина Струмица е добра и тоа од повеќе правци. Магистралниот пат М6 североисточно ја поврзува општината со Општина Радовиш и Општина Ново Село до граничниот премин со Република Бугарија. Југозападно со регионалниот пат Н се поврзува со Општина Валандово и граничниот премин со Република Грција.

Населени места и град Струмица(25): Општина Струмица според последниот Попис на население во 2021 година има вкупно 49995 жители кои живесат во град Струмица и население места: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиља, Добрејци, Дорломбос, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица и Триводи Во двете населени места: Чепели и Злешево нема ниту еден жител и се целосно раселени населени места.

Соседни општини: Василево, Босилово, Ново Село, Василево, Конче и Валандово.



Слика 1. Географска локација на општина Општина Струмица

Комуникацискатa мрежа, сообраќајот и врските на подрачјето на општината даваат белег на едно современо подрачје. Најзастапен и единствен е патниот сообраќај кој се одвива по магистрален, регионални и локални патишта. Транзитивноста и поливалентноста која оваа општина ги поседува, пред се произлегуваат од нејзината местопожба во крајниот југоисток на РС Македонија, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници на нашата земја со Р.Бугарија и Р.Грција.

Општина Струмица е сместена во Струмичката котлина кое е типично транслатационо подрачје и во него се комбинираат влијанијата на субмедитеранската и источно-континенталната клима. Поради субмедитерански влијанија од Егејското море и влијанието на континенталната клима, климатските услови се карактеризираат со намалено годишно количество врнежи со што се засилува аридноста, се менува плувометрискиот режим и се намалува температурата, особено зимската.

Климата во Општина Струмица се карактеризира по долги топли лета со високо среднодневни температури, намалено годишно количество на врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци, со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет. Годишно се бележат околу 230 сончеви денови или просечно 2377 часа годишно. Средна годишна температура во воздухот во текот на 2022 година изнесуваше 13.7 ℃. Апсолутна највисока максимална месечна температура во месец јули 38,9℃ и најниска во јануари -11℃.Во однос на светлината, ова подрачје се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата.Во подрачјето на општината во 2022 год. Годишната сума на врнежи изнесуваше 5443,1 мм воден талог. Во просек со магла се околу 20 дена во годината.

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 23 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Струмица и таа е организирана во 8 Сектори и тоа: Сектор за поддршка на Градоначалникот, Сектор за управување со човечки ресурси и обуки, Сектор за образование и јавни дејности, Сектор за правни и општи работи, Сектор за финансиски прашања, Сектор за урбанизам и комунални работи, Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина и Сектор за инспекциски работи. Во рамките на Општина Струмица работи и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Табела за вработени во Општина Струмица по пол:

| Вработени во Општина Струмица по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно вработени во општинска администрација | 87 | 111 | 198 |
| Раководители на сектор | 2 | 4 | 6 |
| Помошник раководител на сектор | 3 | 2 | 5 |
| Раководители на одделенија | 4 | 9 | 13 |

Во Општина Струмица вкупниот број на вработени изнесува 198 лица. Податоците од Табелата покажуваат дека бројот на вработени жени е помал во однос на мажи (44%жени, 56%жени). Раководителите на сектор и помошник раководител на сектор се исти, а додека раководителите на одделениеја се во поголем број мажи(71% мажи, 29%жени).




### I.2 Цел на ИЛРП

ИЛРП на општина Струмица е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Планот е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Струмица е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови** изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од поширোката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1, се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| **Чекори** | **Период на спроведување** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јули, 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јули, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2023 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Август, 2023 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Септември, 2023 |
| Чекор 9 – Изработка на тематски SWOT анализи | Октомври, 2023 |
| Чекор 10 – Изработка на интегрална SWOT анализа | Октомври, 2023 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Ноември, Декември и Јануари 2023<br>Јуни-јули 2024 |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Септември -Октомври 2024 |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Декември 2024<br>Јануари 2025 |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Јануари 2025 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Јануари 2025 |

ИЛРП на општина Струмица е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општината Струмица, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Струмица е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години);

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Струмица со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Струмица особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и

---

1 https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
2 https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
3 https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
4 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
5 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
6 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
7 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
8 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
9 https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
10 https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
11 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
12 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
13 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
14 https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
15 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
16 https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
17 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
18 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
19 https://mon.gov.mk/page/?id=2048
20 https://finance.gov.mk/
21 https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината[22]:

- ✓ Стратегија за женско претприемништво со акциски план 2019-2024;
- ✓ Стратегија за енергетска ефикасност 2019-2023;
- ✓ Финална нацрт верзија на Локален еколошки акциски план на Општина Струмица 2024-2029;
- ✓ Локален акциски план на пазар на труд во Општина Струмица 2022-2025;
- ✓ Стратегија за образование на Општина Струмица 2023-2027;
- ✓ Локална стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027;
- ✓ Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности (април 2023 година);
- ✓ Социјален план на Општина Струмица 2021-2024;
- ✓ Стратегија за унапредување на родова еднаквост во Општина Струмица 2017-2020;
- ✓ Стратегија за култура на Општина Струмица 2017-2022.

# IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Струмица. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Има намалување на бројот на жители од последен попис заради иселувањето | Подобрување на економските услови, подобри здравствените услуги и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето |
| Нема некоја голема разлика во стапката на наталитет на население за последните две година во Општина Струмица | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање |
| Соодносот меѓу мажи и жени покажува балансиран однос во општината | Рамноправно користење на ресурсите и почитување на еднакви можности на мажи и жени |

[22] https://strumica.gov.mk/category/стратегигиски-документи-и-акциски-пл/

| АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на невработени евидентирани лица без образование и со основно образование е најголем | Преквалификации на невработените лица и одржување квалификациони стручни обуки за занимања |
| Заминување на млада квалификувана сила во странство | Поддршка за старт-ап бизниси за млади и жени |
| Бројот на невработени лица кои чекаат вработување повеќе од 4 години е најброен | Усогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието |
| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Има намалување на бројот на активни компании од 2541 во 2019 година на 2303 во 2021 година. | Подобрување на инфраструктура во индустриските зони со цел стимулирање на нови инвестиции |
| Општина Струмица има изградено гасовод во град Струмица, но недостасува гасоводна мрежа до сите индустриски зони | Проширување на постоечката гасоводна мрежа и поголемо стимулирање за приклучување на нови корисници кон мрежата |
| Со површина од 8.130 хектари обработливо земјиште, Струмица е најголемиот земјоделски регион во земјата | Да има организирано производство на земјоделски производи, регистрација на млади земјоделци и жени земјоделки, организиран откуп на земјоделски производи |
| Општина Струмица има три градски зелени пазари на мало, но има потреба од изградба на нов современ градски пазар на мало во град Струмица. Тоа е поради недоволни површини за понуди на земјоделски производи на постоечките градски пазари | Изградба на нов градски пазар на нова локација во град Струмица и подобрување на условите на другите зелени пазари |
| Општина Струмица има богато развиена трговска мрежа, што ја прави главен трговски центар во Југоисточниот регион на земјата и пошироко | Промоција на Струмица како трговски центар во регионот |
| Намалување на комуналните такси за изградба на производствени погони | Општината да изготви нов промоционен материјал за поволностите при инвестирање кои се нудат на домашни и странски инвеститори |
| Во Општина Струмица има повеќе културни историски споменици и природни убавини | Континуирано промовирање на туристичките и културно-историските места и постоење на Инфо точка – Инфо Центар во град Струмица |
| Голем број на угостителски и сместувачки капацитети | Потребно е поактивно меѓусебно вмрежување во асоцијацијата на локално ниво и поголема промоција за нивните услуги во државата и надвор. |
| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Со најновите дигитализирани катастарски подлоги се појавуваат неусогласености помеѓу решенијата во ГУП-от и фактичката состојба на теренот | Донесување на нов ГУП со кој ќе има усогласувањето на сообраќајните решенија на ниво на ДУП со фактичката состојба на теренот |
| Класификацијата на примарната улична мрежа е пречка за реализација на градби во изградените делови од градот каде што не постојат услови и оправданост | Планирање на нова секундарна улична мрежа за обезбедување пристап до поедини градежни парцели |
| Непостоење на планска документација населените места Раборци, Триводи, Дорломбос, Мемешли, Орманли и Костурино | Донесување на планска документација во населените места Раборци, Триводи, Дорломбос, Мемешли, Орманли и Костурино |
| Недоволна покриеност со водоводна, | Изградба и покриеност со водоводна, |

| | |
|---|---|
| канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места | канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места каде недостасува |
| Немање водоводна мрежа во неколку населени места | Доизградба на водоводната мрежа во населените места Мемешли,Орманли и Дорломбос |
| Реконструкција на водоводната мрежа | Замена на азбесни цевки со ПВЦ |
| Нема целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во новите индустриски зони, а има недостаток и во останатите | Потребна е изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациона мрежа и пристапни патишта) во сите индустриски зони |
| Потребна е целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во новите станбени населби во градот | Изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во новите станбени населби во градот |
| Голем дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена. | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните |
| Сеуште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината (градот и населените места) | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови со нови бетонски столбови |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој во две рурални средини во општината | Има потреба од отварање на установи за детско згрижување и во другите руралните средини. |
| Недостасуваат здравствени установи (амбуланти) во руралните населени места | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи (амбуланти) во руралните средини |
| Не постои соодветна пристапност за лица со попреченост во зградата на Општина Струмица, Зграда на урбанизам и комунални работи, Фонд за здравствено осигурување, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Државна изборна комисија, канцеларија на Народен правобранител | Изработка на техничка документација за изградба на пристапни рампи-лифтови за лица со посебни потреби за објекти во надлежност на општината(зграда на Општина Струмица и Зграда на урбанизам и комунални работи) |
| Голем број родители на деца со попреченост не се вработени и тоа покажува силен показател дека родители на деца со попреченост се исклучени од пазар на трудот и немаат доволно алтернативи за згрижување на своите деца. | Општината да обезбеди поголеми можности за згрижување на децата со попреченост во детските градинки и да создаде можности за целодневна настава, односно можности за згрижување на децата после училиште, за да може да се овозможат услови за поголем процент на вработеност на родителите/старателите на децата со попреченост; |
| Лоша образовна состојба меѓу лица со попреченост , низок процент на вработеност и низок процент на лица со попреченост кои бараат работа. | Поголема отвореност на универзитетите за лицата со попреченост, за да може да се зголеми процентот на високо- образовани лица<br>Општината да најде можности за давање стипендии за средношколци и студенти со попреченост<br>Агенцијата за вработување да развие програми за обуки, кои ќе придонесат за доквалификација и преквалификација на лицата со попреченост и да развие мерки за поттикнување на вработувањата на лицата со попреченост;<br>Државниот инспекторат за труд да има |

| | |
|---|---|
| | поинтензивни активности во контролата на злоупотребата на лицата со попреченост од страна на работодавачите;<br>Министерството за труд и социјална политика да развие мерки за поголема опфатеност на лицата со попреченост во јавниот сектор; |
| Ограничен број на сертифицирани негуватели за реализација на социјална услуга „Помош и нега во домот на стари и изнемоштени лица со возраст над 65 год.“ | Зголемување на бројот на сертифицирани негуватели кои се одобруваат од комисијата за сертифицирање на негователи (и мажи и жени) при МТСП |
| Во Општина Струмица има 9 основни училишта, 3 средни училишта и едно музичко училиште | Постои потреба од унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно образовниот, како и препознавање и интегрирање на потребите на учениците, |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Снабдување со доволни количини квалитетна вода за пиење | Изградба на станици за преттретман кај индустриските субјекти кои користат вода во технолошките процеси и контрола на квалитетот на испуштена вода во реципиентот |
| Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот | Има мониторинг станица за следење на квалитетот на воздухот |
| Искористување на органскиот отпад, биомасата од земјоделството | Производство на компост или енергетски ресурси |
| Загадување на почвата поради диви депонии | Редовно чистење и санација на дивите депонии |
| Информирана јавност за проблемите од областа на животната средина и мерки за нивно надминување | Зголемена јавна свест за прашањата поврзани со животната средина |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Плановите за заштита и спасување во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина | Последната ажурирана Проценка на загрозеност е направена во 2023 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка со посебен осврт на ранливост на децата, возрасните, лицата со попреченост и жените. |
| Постоење на стари возила за противпожарна заштита | Замена и обнова на возниот парк |
| Неадекватна, нестандардна и дотраена лична и колективна заштитна опрема | Одржување и обнова на лична и колективна заштитна опрема |
| Несоодветна локација на Единицата за противпожарна заштита | Изнаоѓање на нова локација на единицата за противпожарна заштита |
| Погрешна примена на дојава на пожар и други непогоди | Контрола на телефонскиот број 193, собирање на податоците и точно внесување во ситемот, предвремена координација со полиција, брза помош, ЕВН... |
| Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | Редовно да се спроведуваат обуки на силите за ЦЗ и на локалното население |

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се

надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Како АНЕКС 2 на ИЛРП се приложени засебни SWOT анализи по области од локална надлежност, додека во табела 2, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која е интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| **Образование:**<br>- Долгогодишна традиција на школство во општината<br>- Стручен наставен кадар<br>- Солидна распореденост на образовните установи на територијата на општината<br>-Потреба и желба на жителите за унапредување на образовниот систем во општината<br>- Бројни поединечни и екипни успеси на учениците во различни натпреварувања<br>- Делумно организиран систем за неформално образование на локално ниво<br>- Високо ниво на млади лица со високо образование<br>- Во наставната 2021/2022 во дел од средните училишта воведени се нови струки и нови образовни профили во соработка со струмичката бизнис заедница | **Образование:**<br>- Недоволен просторен капацитет на воспитно-образовните установи<br>- Недоволна опременост на кабинетите во сите училишта<br>- Ниска искористеност на капацитетите на надарените ученици (нивно стагнирање; пад на мотивацијата)<br>- Централизација во управување со образованието<br>- Влијание на политиката врз процесите во образованието<br>- Недоволна поврзаност на економијата и образованието<br>- Недоволно и несистематско вложување во дополнително образование на кадрите од образованието<br>- Мала стимулација и видливост на добри практики<br>- Врсничко насилство<br>- Неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со понудата<br>- Мал број квалитетни високо образовни установи признати во системот на ЕУ школство<br>- Недоволна вклученост на младите во креирање на образовни политики<br>- Недоволна заинтересираност на возрасните за програмите за неформално образование<br>- Недостаток на потребни високошколски установи<br>- Недостаток на напредни обуки, семинари, конференции |

| | |
|---|---|
| **Спорт:**<br>- Голем избор на клубови за различни спортови<br>-Голем интерес од страна на деца од сите возрасти за занимавање со спорт<br>- Талентирани деца за спорт<br>- Успешна традиција на спортските клубови | **Спорт:**<br>- Недостаток на финансиски ресурси<br>- Неадекватна спортска инфраструктура и недостаток на терени за рекреација на граѓаните<br>- Недостаток од квалитетен стручен кадар од областа на спортот<br>- Неадекватна поддршка за спортските сојузи<br>- Висината на членарината во поголемиот број спортски клубови |
| **Здравје и благосостојба:**<br>- Поволна географска положба и климатски услови – умерено медитеранска и континентална клима<br>- Тренд на зголемување на очекуваниот животен век и намалување на стапката на смртност<br>- Висока стапка на примавакцинација<br>- Постоење на национални превентивни програми<br>- Голем опфат на жителите со примарна здравствена заштита<br>- Зголемен волумен на потрошувачка на лекови и ортопедски помагала на сите нивоа на здравствена заштита, што укажува на поголема достапност<br>- Голем број на локални амбуланти со работно време прилагодено на потребите на граѓаните | **Здравје и благосостојба:**<br>- Недостаток на доктори специјалисти<br>- Долго чекање за прегледи во државните здравствени установи<br>- Непостоење на услови за хемотерапија како ни обезбеден превоз за главниот град (најтешките болни често мора со автобус или сопствен превоз да патуваат и по 3 часа во еден правец за да одат на хемотерапија и потоа да се враќаат дома)<br>- Ограничени можности за наградување на квалитетот на работата кај медицинските работници<br>- Инфраструктурата за пружање на палијативна нега не одговара на потребите |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Покриеноста со канализациона мрежа во градот Струмица е 95%<br>- Два пати во текот на денот испитувања на суровата, како и на чистата вода во нашата лабораторија на Филтер Станицата<br>- Еднаш неделно, испитување примероци од повеќе различни места од градот, во лабораторијата на Заводот за здравствена заштита од Струмица.<br>- Четири пати годишно испитување на чистата вода во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје<br>- Два пати годишно фитопатолошки испитувања на сировата и чистата вода во Хидробиолошкиот завод од Охрид<br>- Покриеноста на територијата на општината со систем на јавно снабдување е скоро 100%<br>- Колектор и погон за третман на отпадни води<br>- Постоење на простор за собирање на отпад за рециклирање | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Големи технички губитоци на вода во водоводниот систем од 70% во зимскиот период и 60% во лето<br>- Високи притисоци во мрежата кои предизвикуваат голем број на кварови<br>- Значителен број на септички јами во руралните делови на општината |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Близина до аеродромите во Скопје, Солун, Софија<br>- Планови за зајакнување на сообраќајната мрежа и поврзаност на национално и меѓународно ниво на кои Струмица се приклучува<br>- Поволни теренски услови како потенцијал за воспоставување трансферзални врски на алтернативни средства за транспорт<br>- Добра сообраќајна поврзаност и достапност | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Градби која не ја почитуваат функционалната врска: сообраќај - намена - изградба;<br>- Недоволен капацитет на постоечката сообраќајна мрежа<br>- Сообраќајна презагушеност за време на летната сезона<br>- Недоволен број на паркинзи<br>- Непостоење на локален јавен превоз<br>- Сообраќај преку централното градско подрачје |

| | |
|---|---|
| **Електрична енергија:**<br>- Капацитет за користење на обновливи извори на енергија – постои значаен потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија, особено сончева енергија | **Електрична енергија:**<br>- Висока аморитизираност на постоечката енергетска инфраструктура и потреба за нејзина забрзана ревитализација и технолошка модернизација<br>- Губитоци при преносот и дистрибуцијата на електричната енергија како и енергетска неефикасност во потрошувачката на финалната енергија, што го зголемува инаку веќе високиот енергетски интензитет<br>- Недоволна истраженост на одредени ресурси: нафта и гас, како и поедини обновливи извори на енергија<br>- Недоволна вклученост на домашните научни и стручни институции во решавање на проблемите на енергетскиот сектор<br>- Неискористен потенцијал на обновливите извори на енергија<br>- Сезонски карактер на потрошувачката на енергенсите<br>- Непостоење на простор за складирање и дистрибуција на биомасата<br>- Зависност од увоз |
| **Туризам:**<br>- Разновидна флора и фауна<br>- Присуството на ендемски папрат Osmunda Regalis<br>- Зачувана природа<br>- Авантуристички парк<br>- Угостителски објекти со домашни производи<br>- Густа мрежа на пешачки и планинарски стази<br>- Излетнички дестинации на локалното население – Смоларски и Колешински водопади, манастирите Водоча и Вељуса – изграден локален бренд<br>- Богатство со природни ресурси како потенцијал за привлекување на СДИ<br>- Богато културно-историско наследство<br>- Расположливост на просторот и условите за изградба на нови туристички капацитети од висока категорија<br>- Високо квалитетни домашни производи – храна и пијалоци<br>- Висок степен на безбедност – ниска стапка на криминал<br>- Добар однос со соседните општини од републиката и соседните републики (Бугарија и Грција)<br>- Членство во FECC - Здружение на европски карневалски градови<br>- Постоење на 2 хотели со 4 ѕвезди (Сириус и Глигоров) | **Туризам:**<br>- Недоволна заштита на осетливите локалитети<br>- Неадекватна грижа за културното наследство лоцирано во руралните делови на општината<br>- Недоволна активност во промоција на содржините<br>- Изразена сезоналност и неинтегрирана туристичка понуда |
| **Екологија:**<br>- Висока свесност на населението за потребата од заштита на животната средина | **Екологија:**<br>- Скромен план за управување со отпад<br>- Непланско градење |
| **Економија, приватен сектор, инвестиции:** | **Економија, приватен сектор, инвестиции:** |

| | |
|---|---|
| - Добра инвестициона клима<br>- Ликвиден и солвентен банкарски систем<br>- Потенцијал за развој на земјоделието<br>- Ефикасна локална самоуправа – посебно Одделение за локален економски развој<br>- Погодна клима и географска положба<br>- Висока покриеност со интернет<br>- Потполна дигитализација на комуникационата мрежа | - Присутност на неликвиден реален сектор |
| **ЛС на општина Струмица:**<br>- Искуство во аплицирање на ЕУ Фондови<br>- Искуство во имплементација на проекти финансирани од ЕУ фондови<br>- Добра репутација кај тековни и идни проектни партнери<br>- Компетенции во клучни подрачја<br>- Добра мрежа на проектни партнери<br>- Редовно ажурирање и изработка на стратешки документ за развој на општината<br>- Подобрена наплата на даноци, надоместоци и такси<br>- Поврзаност со НВО во реализација на одредени програми и проекти<br>- Достапност на државна и ЕУ помош<br>- Поддршка од канцеларијата за ЕУ интеграција во стручна и техничка смисла | **ЛС на општина Струмица:**<br>- Недоволно финансиски средства за предфинансирање и изработка на проектни документации |
| **Земјоделие:**<br>- Географска положба со поволни климатски, земјоделски и природни карактеристики која овозможува мултифункционален земјоделски развој | **Земјоделие:**<br>- Намалување на производството на домашните земјоделски производи<br>- Недостаток на сопствени финансиски средства за вложување и скромна економска моќ на населението во руралните и периферните делови на општината<br>- Лоша диверзификација на земјоделието<br>- Мали и уситнети земјоделски стопанства со низок обем на производство |
| **Заштита и спасување:**<br>- Поседување квалитетни противпожарни возила и обучени пожарникари за успешен одговор на различни инциденти<br>- Добри работни услови и континуирана обука на пожарникари - спасувачи<br>- Постојана комуникација и поврзаност со соседните служби за заштита и спасување од соседните општини: Берово, Ново Село, Василево, Босилово, Радовиш, Конче<br>- Соработка со најблиските служби за заштита и спасување од општините од пограничните региони со соседните држави Бугарија и Грција | **Заштита и спасување:**<br>- Недостаток на современа лична заштитна опрема за употреба од страна на волонтери (локално население) во одредени инциденти |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>- Потенцијал за развој на мали и средни бизниси<br>- Поддршка на локалната самоуправа за ММСП и претприемачи | **Претприемништво и ММСП:**<br>- Дефицит на компетентни кадри за управување со бизнисот<br>- Недостаток на ориентација кон услужните дејности (менталитет)<br>- Правна несигурност<br>- Недоволна употреба на медијација и |

| | |
|---|---|
| | алтернативни начини за решавање на деловни спорови<br>- Ниска заинтересираност кај вработените во приватен сектор  за промени |
| **Непрофитен сектор:**<br>- Повеќе од 20 активни НВО на територијата на општината<br>- Разноликост во дејностите на НВО за кои се регистрирани<br>- Развиена граѓанска свест<br>- Активно учество на НВО секторот во изработка на документите на локално ниво<br>- Добра законска регулатива, примарна и секундарна | **Непрофитен сектор:**<br>- Старосната структура на членовите на организациите (малку младинци и млади)<br>- Исти поединци во повеќе НВО-а<br>- Доминантна респонзивност на повици од англиско говорно подрачје<br>- Недоволна информираност за активни повици и грантови шеми<br>- Недостаток на сопствени средства и мал број на спонзори и донатори |
| **Култура и културни настани:**<br>- Големо културно и споменичко богатство<br>- Одржување на бројни културни настани (најмалку 1 месечно)<br>- Голем број активни и надарени уметници<br>- Меѓународна препознатливост на Струмица како значаен културен  центар во Југоисточна Македонија<br>- Силна и независна културна сцена<br>- Висока посетеност на летни манифестации (СОФ)<br>- Концентрација на голем број културни случувања на мало растојание<br>- Интерес за културна мобилност и меѓукултурална соработка<br>- Традиција на уметничко творештво<br>- Традиција во музичко творештво<br>- Интерес за сценска и театарска уметност<br>- Развиена култура на читање книги<br>- Интерес кај туристите за културното наследство | **Култура и културни настани:**<br>- Недостаток на средства, опрема за современ развој на културата во институциите<br>- Потреба од уметнички и стручен кадар<br>- Послаба посетеност на културни настани со исклучок на СОФ и Карневалот<br>- Недостаток на вмрежување на различни културни сектори<br>- Недоволна промоција на независната културна сцена<br>- Недоволна валоризација на културното наследство<br>- Недоволна поврзаност на споменичкото наследство и културниот туризам<br>- Потреба за заштита од Унеско поради загрозеност на добрата<br>- Уситнетост, неповрзаност и преклопување на настани<br>- Слабо развиени креативни и културни индустрии<br>- Недостаток на приватни вложувања во културата<br>- Препуштање на вкусот на публиката<br>- Немање уметничка критика<br>- Немање единствена база на податоци во културата<br>- Културната понуда не ги задоволува потребите на младите и децата<br>- Непрепознатливост на проекти и програми на млади уметници<br>- Пропаѓање на спомениците и монументите на територијата на општината<br>- Недостаток на инфраструктура за развој на аудиовизуелни дејности и нови медиуми<br>- Недостаток на инфраструктура и простор за театарска сцена<br>- Монотона и застарена презентација на културното наследство<br>- Недоволна промоција на музеите<br>- Недоволна соработка на ТО, хотелиерите, угостителите и музеите |

| | |
|---|---|
| **Пазар на труд:**<br>- ниска стапка на невработеност | **Пазар на труд:**<br>- Нефлексибилен пазар на труд и неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието<br>- Депопулација на високо стручен кадар<br>- Недоволното искуство на вработените<br>- Недоволна поддршка на државата<br>- Мал број на пријавени компетентни кандидати за огласени работни места |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Образование:**<br>- Подобрување на ИТ инфраструктурата во училиштата<br>- Унапредување на неформалното образование<br>- Планирани буџетски средства за поддршка на воспитни установи<br>- Неискористени објекти во државна сопственост<br>-Заинтересираност на приватниот сектор да инвестира во образованието<br>-Поддршка на програми и реализација на програми за млади претприемачи<br>-Можност за организирање на обуки за дефицитарни кадри во соработка со партнери<br>- Можност за формирање на ЈПП во областа на образованието<br>- Едукација преку достапните фондови | **Образование:**<br>- Недоволна заинтересираност на работодавците за дополнително вложување во кадрите<br>- Централизација на образованието<br>- Недоволен број на обучени инструктори за практична настава<br>- Структурата на претпријатијата<br>- Хиперпродукција на дипломи |
| **Спорт:**<br>- Можност за регионална соработка<br>- Начин за функционирање на спортските организации преку модел на јавно-приватно партнерство<br>- Аплицирање на фондови на ЕУ за организирање на натпревари и развој на спортска инфраструктура<br>- Примена на добри практики од други општини и држави<br>- Зголемување на свесноста за потребата од занимавање со спорт | **Спорт:**<br>- Привремено заминување на талентираните спортисти во други спортски средини поради подобри услови за работа и спортски напредок<br>- Непрепознавање на значењето на развојот на спортот од страна на приватниот сектор и инвеститорите |
| **Здравје и благосостојба:**<br>- Школување на нови потребни кадри по пат на стипендирање<br>- Обука на постоечки кадри | **Здравје и благосостојба:**<br>- Ниски примања на здравствените работници<br>- Лоши услови за работа во јавниот сектор<br>- Одлив на здравствените работници во странство |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Зголемување на ефикасноста на системот за водоснабдување преку отстранување на изворите на губење на водата и изградба на нови цевководи, резервоари и зонирање<br>- Постоење на простор за подобрување на водоводот во градското подрачје и проширување на водоводот во селските подрачја<br>- Намалување на потрошувачката на вода со нејзино рационално користење и воведување на можност за користење на пречистена сива вода (употребувана во домаќинствата) во руралните подрачја како техничка вода, при недостаток на | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Недостаток на вода за целото подрачје на општината како последица на неефикасното користење на водните ресурси<br>- Транспорт на опасни материи преку територијата на о. Струмица |

| | |
|---|---|
| чиста изворска вода<br>- Воспоставување на мерки за заштита на изворите и зачувување на квалитетот на водата на високо ниво<br>- Приватизација на комуналните служби<br>- ЈП во третман на отпадот и ИОЕ | |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Сообраќајно- географската положба го олеснува пристапот на меѓународните фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>- Отвореност кон приватниот капитал, флексибилност во утврдување на одговорност и обврски (концесии и сл.)<br>- Поврзаност на инвестирањата во туризмот и земјоделието и изградбата на патна инфраструктура | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Продолжување на градење кое не ја зема во предвид врската меѓу сообраќајот, намената на површината и изградбата<br>- Одложување на решенијата за паркинзите<br>- Дозволи за градење без решено прашање за пристап, капацитет на паркинзи и потенцијалното понатамошно оптеретување на сообраќајната мрежа<br>- Начин на прилагодување на постоечката состојба – парцијален пристап и пристап на "мали поправки"<br>- Зависност на инвестирањето во изградба на инфраструктура од страна на операторите и општината |
| **Електрична енергија:**<br>- Високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добиток на енергија од употреба на фотоволтаици<br>- Можност за валоризација на просторот со замена на постоечките далеководи со подземни кабли<br>-Воведување на ОИЕ за домаќинствата и туристичките објекти<br>- Висок потенцијал за заштеда на енергија во општината со помош на мерки за енергетска ефикасност<br>- Потенцијал за ветроенергија на подрачјето на општина Струмица<br>- Рециклажа на користеното растително масло за добивање на обновливо био-гориво<br>- Употреба на соларна енергија – пониски трошоци | **Електрична енергија:**<br>- Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина<br>- Развој на градот по мерки на инвеститорското лоби<br>- Претежно потпирање на необновливи енергетски извори |
| **Туризам:**<br>- Проширување на сместувачките капацитети на хотелите и унапредување на нивната енергетска ефикасност<br>- Отворање на нови излетнички места и атракции за ладните месеци директно влијае врз продолжување на сезоната на викенд туризмот<br>- Инфраструктурно покривање на локациите кои се планираат за инвестирање во туристички капацитети<br>- Нови туристички трендови свртени кон природата и здравиот начин на живот<br>- Близина до аеродромите во Скопје, Солун и Софија<br>- Идеална позиција за развој на излетнички туризам<br>- Развој на МИЦЕ, авантуристички и рурален | **Туризам:**<br>- Нискобуџетен туризам<br>- Глобално загадување<br>- Климатски промени<br>- Девастација на природата и автентичностите на општината<br>- Се поголема регионална конкуренција<br>- Нерационално користење на природните и културните ресурси |

| | |
|---|---|
| туризам<br> - Растечка меѓународна побарувачка за туризам кој е ориентиран кон природата и органската храна | |
| **ЛС на општина Струмица:**<br>- Можности за унапредување на знаењето и вештините на службениците од Општината и претпријатијата чиј основач е Општината<br>-Зајакнување на свесноста за користење на локални ресурси и диверзификациони активности<br>- Создавање конкурентни прилики во однос на опкружувањето<br>- Унапредување на билатералната соработка со цел ширење на мрежата на релијабилни проектни партнери<br>- Учество, т.е. пријавување на различни меѓународни конкурси на проекти како ИПА за набавка на потребни ресурси (возила за прва помош/противпожарни возила/опремување на простории за пружање на различни социјални услуги и сл.)<br>- Унапредување на соработката со претставништвата на меѓународните организации во Р.С.М.<br>- Изработка на општинска стратегија за намалување на ризикот од катастрофи и мапи на хазард<br>- Формирање на регистар (база на податоци) за земјиште во јавна (општинска) своина<br>- Можност за изнајмување или заложување на имот на општината како хипотека за финансирање на проекти без да се оптеретува општинскиот буџет | **ЛС на општина Струмица:**<br>- Право на сопственост и права за располагање со имотот на локалната самоуправа<br>- Централизација на власта<br>- Недостаток на проектни и технички документации<br>- Ограниченост како резултат на рестриктивните програмски прописи на повици (број на партнери, износ на кофинансирање, неопходност од однапред подготвена проектна и техничка документација)<br>- Спор и неадекватен тек на развој на севкупната инфраструктура<br>- Можност за создавање на конфликти помеѓу развојот и заштитата на културното и природното наследство<br>- Природни непогоди<br>- Во континуитет раст на бројот на вработени во ЛС<br>- Пораст на јавната потрошувачка на локално ниво<br>- Оперативно раководство кое не е доволно свесно за улогите и функциите кои ги има финансиското управување, контрола и интерна ревизија<br>- Низок праг на толеранција на различни мислења кај оперативните раководители<br>- Судски спорови покренати против општината |
| **Земјоделие:**<br>- Јакнење на преработувачкиот сектор во земјоделството<br>- Интегрирање и зачувување на земјоделските и природните ресурси | **Земјоделие:**<br>- Ниска продуктивност на земјоделското производство, недостаток на современа технологија и знаење |
| **Заштита и спасување:**<br>- Развој на современи противпожарни техники и опрема<br>- Обуки и вежби на жителите на општината за однесување и справување со различни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави и сл.) и ракување со технолошки современа опрема<br>- Изработка на акустични студии заради воспоставување на системи за известување и алармирања на територија на о. Струмица<br>- Усвојување на регистар на ризици заради воочување на одредени опасности и закани кои треба да се идентификуваат и предлагање начини за нивно отстранување или ублажување на истите | **Заштита и спасување:**<br>- Елементарни непогоди<br>- Ограничени финансиски ресурси наменети за заштита и спасување |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>- Воведување на европски стандарди и норми во деловното работење | **Претприемништво и ММСП:**<br>- Намален прилив на СДИ, ниско ниво на реинвестирање и потенцијален одлив на |

| | |
|---|---|
| - Достапност на фондови и субвенции за самовработување<br>- Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>- Неискористен кредитен потенцијал на комерцијалните банки<br>- Достапност до државна помош<br>- Бизнис зони<br>- Привлекување СДИ во производните дејности<br>- Развој на ИТ секторот<br>- Можност за трансфер на технологии<br>- Можности за отворање на деловен инкубатор како основа за развој на претприемништвото, занаетчиството и ММСП<br>- Овозможување на пристап до извори за финансирање на ММСП | странскиот капитал<br>- Голема конкуренција за привлекување на СДИ на меѓународниот пазар<br>- Бавно заздравување на светската економија<br>- Недостаток на капитал за развој на индустрискиот сектор<br>- Монопол на привилегирани компании<br>- Промени на законските регулативи<br>- Недоволно јасно дефинирани програми за финансирање на Start up проекти од страна на комерцијалните банки и ФИТР |
| **Непрофитен сектор:**<br>- Аплицирање за средства од ЕУ, ИПА и сл. фондови<br>- Меѓусебно здружување на заеднички проекти на локално, регионално и мултилатерално ниво<br>- Соработка и партнерство со јавниот сектор<br>- Изработка на Стратегија за развој на НВО секторот<br>- Интеграција во ЕУ и можност за користење на ЕУ фондови<br>- Програми и повици на национално ниво | **Непрофитен сектор:**<br>- Користење на НВО секторот во политички цели<br>- Можност за влијание врз активностите на НВО-ата од политички аспект од страна на владеачките структури, а со цел застапување на сопствените интереси<br>- Можност за мешање на други држави во домашниот НВО сектор |
| **Култура и културни настани:**<br>- Зголемување на меѓународната побарувачка за туризам ориентиран кон автентична понуда од природно и културно наследство<br>- Воспоставување културна соработка со збратимените градови<br>- Пристап до фондови за финансирање на култура<br>- Децентрализација на донесувањето одлуки за култура од локално и регионално значење | **Култура и културни настани:**<br>- Продажба и отуѓување од културното наследство<br>- Елементарни непогоди и климатски услови кои можат да го оштетат спомeничкото наследство<br>- Политизација на културата<br>- Централизација на културата во РСМ и скромно финансирање на програми во Струмица од страна на државните органи |
| **Пазар на труд:**<br>- Поддршка на процесот на транзиција од клупа на работа<br>преку консултативни, едукативни и активности за поврзување на потенцијални вработени и работодавачи<br>- Градење на еко-систем кој ќе поддржува иновации преку инспирација, промовирање на меѓусебно учење, обезбедување на физички простор и knowledge hub<br>- Охрабрување на воведување на нови идеи, модели и концепти како и промоција на општествени иновации како начин за решавање на социо-економски проблеми и и придонес кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните<br>- Поттикнување и промоција на младинското социјално претприемништво преку натпревари, едукативни програми и работилници, трансфер | **Пазар на труд:**<br>- Општа апатија и незаинтересираност на жителите за работа во локалните компании<br>- Лоша економска ситуација во градот и државата<br>- Заминување на млада квалификувана работна сила во странство<br>- Недостаток на квалификувана работна сила на пазарот на труд<br>- Повисоки плати во непосредното окружување<br>- Скромно образование на идните претприемачи за водење на бизнис |

| | |
|---|---|
| на добри примери и знаења<br>- Обезбедување на стипендии за дефицитарни струки во општината | |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА

Општина Струмица до 2027 ќе биде водечка општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство, висок стандард и квалитет на живот во урбаните и руралните средини, заштитена и чиста животна средина, со планирана и квалитетна инфраструктура согласно потребите на граѓаните, со обезбеден постојан развој на работната сила и со нулта толеранција за корупција.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити. Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Стратешките цели за развој на општината Струмица се дефинирани за сите поединечни области во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа, као што следи:

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште**

Општината Струмица ќе прерасне во општина со современо инфраструктурно уредување и урбанистичко планирање со инкорпорирани развојни можности.

**Комунални дејности**

Стратешка цел на Општина Струмица во областа комунални дејности е да ја одржува постоечката и да изгради нова комунална инфраструктура, согласно современите стандарди за испорака на комуналните услуги со целосен опфат на корисници на својата територија.

**Заштита на животната средина и природата**

Грижа за животна средина и иднина на Општина Струмица со комплетна имплементација на барањата од законска и стратешка рамка за животна средина, соодветно управување со различни видови отпад и заштита на медиумите од загадување, како и општина со енергетско ефикасни јавни и приватни објекти.

**Локален економски развој**

Општина Струмица до 2027 е водечка општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство и висок станадард/квалитет на живот во урбаните и руралните средини согласно потребите на граѓаните, со обезбеден постојан развој на работната сила во општината.

**Култура**

Општина Струмица е културна дестинација со вистински вредности за секого.

**Спорт и рекреација**

Општината Струмица ќе продолжи да ја негува својата традиција на успешни спортски клубови во низа спортски дисциплини и до крајот на 2027 година ќе прерасне во една од општините со најразвиена инфраструктура за спорт и рекреација, воспоставени функционални јавно-приватно партнерство во спортот и спортските индустрии, и зголемена свест кај населението за придобивките од занимавање со спорт и рекреација.

**Социјална заштита и заштита на децата**

Општина Струмица цели до 2027 година да има целосно воспоставен партиципативен, односно инклузивен, одржлив, прилагодлив и ефективен систем на социјална заштита и детска заштита, оспособен да ги следи општествените промени и согласно надлежностите навремено да интервенира со соодветни мерки, активности и сервисни услуги во областа на социјалната дејност, со една единствена цел: задоволување на потребите на своите граѓани.

**Образование**

Стратешка цел на општината Струмица до 2027 година е обезбедување на современи услови за создавање на сеопфатна, стимулативна, инклузивна и интегрирана средина за учење и работа.

**Фокус на младите**

Стратешка цел е општината Струмица да прерасне во Европска младинска престолнина, град кој е секојдневен пријател на младите и расадник на нивните идеи и современи сфаќања, град каде што секој млад е подеднакво важен. Општина Струмица ќе биде општина каква што посакуваат сите млади луѓе.

**Родова еднаквост**

Цел на општината Струмица е да се воспостават родово сензитивни и одржливи политики и пракси кои што ќе допринесат кон постигнување на еднакви можности и овозможување на квалитетен живот за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Општина Струмица прераснува во инклузивна, фер, и безбедна општина, со почит кон сите граѓани, општина која ја афирмира родовата еднаквост и обезбедува еднакви можности и квалитетен живот за сите.

**Заштита и спасување и противпожарна заштита**

Унапреден одговор на општината на различни закани и кризи. Современа противпожарна единица со опремени и обучени пожарникари со најсовремени методи на противпожарна заштита и спасување, ТППЕ на локација за брзо оперативно – тактичко делување на единицата заради навремено пристигнување на настанати пожари, технички интервенции и кризни состојби.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Во интегрираниот развоен план се опфатени приоритетните развојни можности во следните четири години, односно во период 2024-2027 година. Приоритетите се утврдени согласно изготвените анализи и консултациите со граѓаните на форумските сесии и граѓанските собири по урбани и месни заедници, одржани средби на граѓаните и деловните субјекти со Градоначалникот и општинската администрација.

Од приоритетно значење е да се создават поволни услови за економски развој, за нови инвестиции, кои би придонеле и нови вработувања, унапредување на земјоделското производство, развој на манастирскиот, рекреативен и бањски туризам со кои би се искористиле расположите потенцијали, вложувањата во подобрување на животната средина и подобар амбиент на општината како за граѓаните, така и за посетителите.

За севкупен развој на општината секако најзначајно и најголем приоритет е постоење на современа инфраструктура, пристапни патишта, канализациона и водововодна инфраструктура до секој деловен субјект, секое населено место, секој дом. Со изградба на домови во турско мало, Општина Струмица во следниот четири годишен период посветува внимание и на подобрување на условите за живеење на ранливите категории, особено на турското население во тој дел од град Струмица.

Значајни за развојот на општината се многуте културни манифестации кои се одржуваат континуирано секоја година, потоа вложувањата во спортот и тоа како во спортските друштва, така ви во изградба на нови игралишта.

Општината Струмица во континуитет е посветена на развојот на постоечките и воведување на нови јавни услуги. Пред неколку години беше воведена виртуална гасоводна мрежа, а во следниот период е планирано воведување на електрични автобуси за јавен превоз на учениците и граѓаните на територија на општината, се’ со единствена цел за поквалитетна животна средина и подобар живот на сите граѓани.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2022 и 2023 година и на вкупни расходи по надлежности за 2022 и 2023 година.

Наодите се презентирани во трите табели подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| Приходна сметка | 2022 | 2023 | Раст 2022/2023 | Структура 2022% | Структура 2023% | % промена на структура 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | **511.736.964** | **557.238.117** | **45.501.153** | **42** | **40** | **108,89** |
| Донации | 52.466.569 | 44.447.729 | - 8.018.840 | 4 | 3 | 84,72 |
| Кредити | 0 | 82.439.451 | | 0 | | |
| Самофинансирачки активности | 25.909.843 | 36.036.387 | 10.126.544 | 2 | 3 | 139,08 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дотации | **636.868.313** | **741.487.689** | **104.619.376** | **52** | **54** | **116,43** |
| **Вкупен приход** | **1.226.981.689,00** | **1.379.209.922** | **152.228.233** | **100,00** | **100,00** | |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| **Расходна сметка** | **2022** | **2023** | **Раст 2022/2023** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура 2022/2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 510.125.723 | 686.602.141 | 176.476.418 | 42 | 46 | 134,59 |
| Донации | 44.629.733 | 46.508.603 | 1.878.870 | 4 | 3 | 104,21 |
| Кредити | 0 | 82.439.451 | | 0 | | |
| Самофинансирачки активности | 25.687.420 | 33.992.661 | 8.305.241 | 2 | 2 | 132,33 |
| Дотации | 636.868.313 | 746.724.703 | 109.856.390 | 52 | 49 | 117,25 |
| **Вкупенприход** | **1.217.311.189,00** | **1.513.828.108** | **296.516.919** | **100** | **100** | |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2021, 2022 и 2023 година*

| **Надлежност** | **2022** | **2023** | **Раст 2022/2023** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** | **% промена на структура 2022/2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Совет на општина | 6.460.046 | 6.257.481 | - 202.565 | 1,27 | 0,91 | 58,18 | 96,86 |
| А1 –Изборни активности | | | | | | | |
| Д- Градоначалник | 10.461.152 | 23.270.415 | 12.809.263 | 2,05 | 3,39 | 144,2 | 222,45 |
| Е-Општинска администрација | 121.628.514 | 143.497.109 | +21.868.595 | 23,84 | 20,90 | 106 | 117,98 |
| Ф- Урбано планирање | 77.036.841 | Донации 3.880.100 **О.Б. - 119.596.293** **ВК. 123.476.393** | +42.559.452 | 15,10 | 17,42 | 96,61 | 155,25 |
| Г- Локален економски развој | 33.340.844 | донации 918.188 **О.Б. 60.952.941** | | 6,54 | | 793,68 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ВК. 61.871.129** | +28.530.285 | | 8,88 | | 182,82 |
| Ј- Комунални дејности | 183.370.756 | 208.102.959 | +24.732.203 | 35,95 | 30,30 | 137,56 | 113,49 |
| К - Култура | 16.795.263 | Самофинасирачки<br>К1 - 289.145<br>К2 - 74<br>дотации<br>К1 - 13.002.093<br>К2 - 3.175.827<br>К4 - 1.202.629<br>**О.Б. - 27.437.049**<br>**ВК: 45.106.817** | +28.311.554 | 3,29 | 4,00 | 162,53 | 163,36 |
| Л - Спорт и рекреација | 20.718.686 | 26.068.021 | +5.349.335 | 4,06 | 3,80 | 121,79 | 125,82 |
| М – Програми за развој | | Донации<br>27.005.936<br>**О.Б. 9.023.450**<br>**ВК. 36.029.386** | + 36.029.386 | | 1,30 | | |
| Н - Образование | **8.662.036** | Самофинасирачки<br>15.121.831<br>дотации<br>621.252.724<br>донации<br>16.418.050<br>**О.Б – 19.181.127**<br>**ВК. 671.973.732** | + 10.519.091 | 1,70 | 2,79 | 148,37 | 221,44 |
| Р – Заштита на животна средина и природа | 9.522.444 | 18.210.317 | +8.687.873 | 1,87 | 2,65 | 191,74 | 191,24 |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | / | | | | | | |
| В – Социјална заштита и заштита на деца | 7.913.546 | Самофинасирачки<br>18.581.611<br>дотации<br>95.437.306<br>**О.Б. 9.261.788**<br>**ВК.123.280.705** | + 1.348.242 | 1,55 | 1,35 | 135,88 | 117.04 |
| W– Противпожарна заштита | 13.719.195 | Дотации<br>13.856.753<br>**О.Б. 14.512.881**<br>**ВК. 28.369.634** | +14.650.439 | 2,69 | 2,11 | 104,41 | 105,79 |
| Q - Заштита и спасување | / | 610.860 | +610.860 | | 0,10 | | |
| Х – Родова еднаквост | 496.400 | Донации<br>964.000<br>**О.Б. 619.450**<br>ВК. 1.583.450 | + 125.050 | 0,1 | 0,10 | 147,83 | 124,79 |
| Вкупно | 510.125.723 | 686.602.141 | + 176.476.418 | 100,00 | 100,00 | 0,00 | |

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општината Струмица се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година пропишан од министерот за финансии

Програма Н од основен буџет – реализација: Н1- 7.856.963; Н2 – 566.980; НА – 1.700.000; НБ – 9.057.184; или вкупно 19.181.127,00

Програма В од основен буџет – реализација: В1 – 2.344.316; В2 6.917.472; или вкупно 9.261.788,00

Програма Х од основен буџет – реализација: 619.450,00

Кредит е земен од Меѓународна банка за обнова и развој преку Министерство за финансии за замена и инсталација на ултразвучни водомери и проширување на гасоводдна секундарна дистрибутивна мрежа во Општина Струмица на износ од 91.600.315,00 денари во 2020 година со рок на отплата од 10 години и грејс период од три години. Во текот на 2023 година имаме платено 2 рати а прикажаната сума е остаток од кредитот.

### 8.1 Програма за урбано планирање

Цел на програмата за урбано планирање на Општина Струмица е да се создаде основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и основа за уредување и опремување на градежното земјиште. Активностите се разработени низ соодветни потпрограми.

Во 2024 година треба да се донесе новиот ГУП на градот Струмица со кој ќе се направи усогласување со најновите дигитализирани катастарски подлоги односно со фактичката состојба на теренот, овозможувајќи поквалитетна и попрецизна разработка низ ДУП-ови, особено во делот на трасите на сообраќајниците каде е неопходно зголемување на капацитетот на сообраќајната мрежа и можностите за паркирање, како и планирање на нова секундарна улична мрежа за обезбедување пристап до поедини градежни парцели. По однос на основните класи на намени новиот ГУП ќе биде пофлексибилен овозможувајќи поефикасно спроведување преку реализирање на ДУП-овите, без притоа да се прошири планскиот опфат.

Особено внимание ќе биде посветено на усогласување со фактичката изграденост и плановите за развој на комуналната инфраструктура со цел да се задоволат потребите на градот за наредната декада. Нареден приоритет е да се задоволат потребите и да се исполнат условите за проширување на површините со намена за урбано зеленило. ГУП-от цели и кон обезбедување доволно површина со намена за јавни дејности и институции, притоа приоритет се нови рекреативни површини и игралишта како и утврдување на најповолна локација за нов градски пазар. По однос на планираните површини за енергетика и индустрија со претходниот ГУП, бидејќи истите не се реализирани, нема да се планираат нови површини за таа намена.

По донесувањето на новиот ГУП ќе се динамизира усогласувањето на постоечките ДУП-ови и ќе се подготват ДУП-ови за преостанатата непокриена површина (19%) од вкупниот опфат на ГУП на град Струмица. Што се однесува до населените места во Струмица, шест (6) од нив немаат урбанистичка планска документација. Во наредниот период ќе се интензивираат активностите за подготовка на урбанистичка документација за сите населени места во општината.

Од приоритетно значење е низ соодветно и современо урбанистичко планирање да се создадат поволни услови за економски развој на општината, за нови инвестиции, кои би придонеле и за нови вработувања. Притоа особено внимание ќе биде посветено на создавање на поволни просторни и инфраструктурни услови за развој на манастирскиот, рекреативниот и бањскиот туризам. Истовремено, со новиот ГУП и подготовката на урбанистичките планови и документација ќе се зголеми отпорноста на населените места во општината Струмица на климатските промени.

Подготовката на новата генерација на урбанистички планови и документација претставува можност за унапредување на сообраќајните решенија во населените места во

насока на создавање услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (одвоени брзи ленти и сл.) и други транспортни средства кои не предизвикуваат загадување на воздухот. Истовремено низ спроведување на активностите од оваа програма и поврзаните потпрограми ќе се врши урбана и социо-економска регенерација на деградираните делови, засилена заштита на урбаното зеленило и рекреативните површини, како и културното наследство.

Една од приоритетните цели на урбанистичкото планирање во општината е да се унапреди квалитет на амбиентниот воздух преку мапирање на загадените зони, поинтензивно озеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентните сообраќајници.

Во урбанистичките планови и документација ќе бидат целосно инкорпорирани мерките за управување со водите и намалување на штетното дејство од водите, од плановите за управување со речен слив.

Програмата за урбано планирање ќе се спроведува и низ следниве потпрограми:

- Една потпрограма за урбанистичко планирање;
- Една потпрограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште;
- Една потпрограма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја;
- Две потпрограми на капитални објекти.

Во продолжение е даден наративен и табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потпрограма за урбанистичко планирање (F1)**

| Име на буџетска програма | Урбанистичко планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | F1 |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | Урбанистичко планирање | Ознака потпрограма | |
| Цели на потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на потпрограма | Цел на програмата за урбано планирање на Општина Струмица е да се создаде основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и основа за уредување и опремување на градежното земјиште. Активностите се:<br>- Подготовка на урбанистички планови<br>- Геодетски услуги<br>- Основни проекти ( | | |
| Планирани активности | - Донесување нов ГУП за град Струмица, со плански период од 2024 до 2033 година<br>- Завршување на постапка за донесување на постоечки – ажурирани/изменети и дополнети ДУП согласно годишни програми<br>- Ажурирање/измена и дополнување на постоечки ДУП согласно годишни програми ;<br>- Подготовка и донесување на нови ДУП согласно годишни програми<br>- Ажурирање/измена и дополнување на урбанистички планови за населени места согласно годишни програми;<br>- Подготовка на урбанистички планови за населени места согласно годишни програми<br>- Подготовка на локална урбанистичка планска документација со која се уредува користењето на просторот вон плански опфат согласно годишни програми<br>- Подготовка на урбанистички планови вон населено место согласно годишни програми<br>- Подготовка на урбанистички проекти согласно годишни програми | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Донесен нов ГУП<br>Дополнети и ажирирани ДУП | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Нови ДУП во населени места | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, технички проблеми | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 19.400.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 5.300.000,00 | 3.500.000,00 | 5.300.000,00 | 5.300.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Согласно Годишните програми се реализираат активностите | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата е родова одговорна бидејќи се однесува подеднакво за сите мажи и жени | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Уредување на градежно земјиште | Ознака на буџетска/општинска програма | FA |
| Развојна потпрограма | Улици во Општина Струмица | Ознака на развојна потпрограма | FAA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма | Реализација на урбанистички план во општина Струмица, подобрување на улична мрежа на градот и населените места, поефикасен превоз на луѓе и стока во општината, поврзување на улиците во градот со магистралните и регионалните патишта и меѓу градот и населените места со што се создаваат услови за регионален развој на општина Струмица. Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое претставува проблем на градот. | | |
| Планирани активности | Изработка на главни проекти, распишување на тендер, избор на изведувач на градежни работи, надзор на реализацијата на проектите, редовни извештаи за извршените активности. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалување на проблемите во одвивањето на сообраќајот во општина Струмица, задоволни учесници во сообраќајот на приградското подрачје, намалување на ризикот на оштетување на возилата од неизградени и несанирани патишта. | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, технички проблеми | | |
| Датум на започнување со | 1/1/2024 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| имплементација на проектот | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 356.500.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 120.000.000,00 | 53.500.000,00 | 91.000.000,00 | 92.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Согласно Годишните програми се изготвува техничката документација и се пристапува кон уредување на градежно земјиште | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Потпрограмата активно ги препознава и адресира различните потреби, приоритети и пристапи на мажите и жените во урбаните средини, со цел да се создаде еднаков пристап до ресурси, услуги и јавен простор. | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Уредување на простор во рурални подрачја | | Ознака на буџетска/општинска програма | FD |
| Развојна потпрограма | Уредување на населени места во рурални подрачја | | Ознака на развојна потпрограма | FDA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Осовременување на изгледот на руралните населби, тампонирање на улици и патишта и уредување на просторот со урбана опрема. | | | |
| Планирани активности | Изработка на проект, распишување на тендер, избор на изведувач и надзор на реализацијата. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалување на разликата во квалитетот на живееење помеѓу руралните и урбаните средини. | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, ненавремено отпочнување со активности | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 47.500.000,00 | | | |
| Име на студија | Уредување на населени места во рурални средини | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 15.000.000,00 | 7.000.000,00 | 12.500.000,00 | 13.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | На годишно ниво се изготвува техничка документација и се реализра годишните програми | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку обезбедување безбедни и пристапни патишта за жените, особено за оние кои се грижат за семејствата и имаат зголемени обврски за движење, како и простор за рекреација и социјализација што ќе биде инклузивен за сите групи. | | | |

## Потпрограма за капитални расходи за изградба на комерцијални објекти

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на комерцијални објекти | Ознака на буџетска/општинска програма | GA |
| Развојна потпрограма | Нов градски пазар | Ознака на развојна потпрограма | GAG |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Дислокација на постоечкиот градски пазар од централното градско подрачје на нова локација во близина на автобуска станица кој ќе биде поврзан со новиот булевар ,,Братство и Единство“. | | | |
| Планирани активности | Обезбедување на проектна документација | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Избегнување на сообраќајни гужви за време на викенд и обезбедување на поголем простор за циркулација на луѓе и возила. | | | |
| Ризик и претпоставки | Проблеми со динамика на реализација, ненавремено отпочнување со активности, непогодни временски услови | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 112.000.000,00 денари | | | |
| Име на студија | Нов градски пазар | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.000.000,00 денари | 32.000.000,00 | 40.000.000,00 | 40.000.000,00 |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот и финансиски импликации | Проектот е во прва фаза на реализација, во обезбедување на техничка документација. |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата се однесува подеднакво за сите граѓани на Општина Струмица, мажи и жени, девојчиња и момчиња |

**Потпрограма за капитални расходи за изградба на комерцијални објекти**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на комерцијални објекти | Ознака на буџетска/општинска програма | GA |
| Развојна потпрограма | Нова населба во турско маало | Ознака на развојна потпрограма | GAB |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Реализација на проектот за изградба на нови турски куќи и комунална инфраструктура за граѓаните од турска националност кои сеуште живеат во супстандардни услови во населбата кај Терминалот. Со тоа ќе ја дислоцираме целата оваа населба во нова населба која ќе има нормални услови за живот со сите неопходни атрибути за квалитетно живеење. | | |
| Планирани активности | Реализација и надзор на реализација | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Дислокација на сегашната населба на граѓаните од турска националност и изградба на нова населба во која ќе имаат нормални услови за живот. | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, непогодни временски услови при реализацијата. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 176.670.000,00 | | | |
| Име на студија | Нова населба во турско маало-финансирано со донација | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 66.670.000,00 | 30.000.000,00 | 40.000.000,00 | 40.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек е реализација. | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица<br>Национални фондови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Во потпрограмата се опфатени подеднакво сите мажи и жени | | | |

## 8.2 Програма за комунални дејности

Програмата за комунални дејности примарно цели кон:

- Изградба и покриеност со водоводна, канализациона мрежа во дел од населени места каде недостасува и обнова на постоечката мрежа во сите населени места;
- Доизградба на водоводната мрежа во населените места Мемешли,Орманли и Дорломбос;
- Замена на азбесни цевки со ПВЦ цевки;
- Намалување на губитоците на вода во водоводниот систем од 70% во зимскиот период и 60% во лето на 30 – 40% во текот на годината;
- Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните;
- Изградба на современо и одржливо јавно осветлување;
- Изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациона мрежа и пристапни патишта) во сите индустриски зони.

Програмата за комунални дејности ќе се спроведува низ следниве потпрограми:

- Една потпрограма за изградба на системи за водоснабдување;
- Една потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води;
- Една потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови;
- Две потпрограми за капитални расходи за паркови и зеленило
- Една потпрограма за капитални расходи за урбана опрема
- Една потпрограма за изградба на јавно осветлување;
- Една потпрограма за изградба на јавна чистота
- Една потпрограма за капитални расходи за јавен превоз

Преку **потпрограмата за изградба на системи за водоснабдување** ќе се врши замена на дотраените цевки за водоснабдување во општината Струмица како и реконструкција на преостанатата водоводна мрежа која сеуште е со азбестни цевки во градот, а со цел да се осовремени водоснабдителниот систем.

Цел на **потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** е да се обезбеди целокупната инфраструктура за потребите на градот, населените места и стопанските индустриски зони во близина на градот за чии производствени погони е неопходна вода а и понатамошно третирање на отпадните води за тие процеси како и да се оствари придонес за зачувување на животната средина од загадување со отпадни води на територијата на општина Струмица.

Цел на **потпрограмата за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови** е да се спроведат активности за одржување на функционална состојба на општинските улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица. За таа цел ќе се обезбеди редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските патишта и улици. Поконкретно, во буџетот на општината Струмица се предвидени средства за крпење на ударни дупки, средства за зимско одржување на улиците и локалните патишта (сол и механизација), хоризонтална и вертикална сигнализација, како и за чистење на банкини и сливници покрај локалните патишта и улици и замена на капаци и решетки на сливници. Истотака, обезбедени се средства за продолжување на улици, изградба на нови улици и патишта, и асфалтирање.

**Потпрограмите за капитални расходи за паркови и зеленило** имаат за цел да се спроведат активности за подигање на нови зелени и парковски површини, одржување на зеленилото на подрачјето на градот Струмица, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и реконструкцијата на деградирани зелени површини во согласност со пропишаните стандарди. Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Струмица дел во дел се врши интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат парковските зелени површини, зелените површини на булеварите и сите зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер како и други специфично одредени површини. Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, и зелените површини околу детските игралишта. Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма. Задолжен субјект за извршување на активностите опфатени со оваа Програма е ЈПКД „Комуналец" Струмица. За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, општина Струмица, покрај ЈПКД „Комуналец", може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

Со **потпрограмата за капитални расходи за урбана опрема** се уредени видовите и локалитетите на кои е планирано да се поставува урбаната опрема. Целта на оваа потпрограма е да се остварат естетски обликувани подобрувања на јавниот простор во општината согласно со најсовремените стандарди за уредување, оплеменување, и хуманизација на просторот и заштита на животната средина. Потпрограмата истовремено го стимулира локалниот економски развој преку создавање на можности за вработување на невработени лица, активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажаба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба и сувенири. Урбаната опрема ќе овозможи зголемена ефикасност на услуги за граѓаните како на пример: продажба на билети за јавен превоз, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвекиња, храна и сл. Со потпрограмата ќе бидат опфатени следниве видови на урбана опрема: платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, информативни паноа (карта на град, возен ред и друго) и огласување за кутурно-уметнички, спортски и Други манифестации, монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, брза храна, вода и безалкохолни пијалоци,

сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи, јавни суви санитарни јазли, тераси, шанкови и настрешници, самостоечки рекламни паноа, опрема за забава на деца и детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, паркиралишта за велосипеди, жардињери, граничници, тезги, монтажно–демонтажни полици (рафтови), подвижни направи (штандови, колички за продажба на разни артикли, фрижидери за продажба на сладолед, камп-приколки,печки и направи за печење на разни плодови (крофни,костени,бадеми,лешници,пуканки и слично),направи за чистење на чевли и слични направи, подвижни огради кои се поставуваат на отворен простор пред угостителските,занаетчиските и други дуќани, шатори во кои се обавува угостителска дејност, луна паркови, забавни игри, автомобили (картинг), лотариСки наградни игри, столови и маси за потребите на угостителството и сл., подвижни направи(елементи) за потребите на градилиште, автобуски постојки и друга опрема.

Цел на **потпрограмата за изградба на јавно осветлување** е да се спроведат активности за изградба, доградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица или поконкретно, да се врши изградба на нови линии со поставување на електрични столбови (бандери), нови улични светилки во градот и населените места од подрачјето на Општина Струмица (арматури), поставување на светлосни канделабри, како и редовна замена на прегорени и скршени сијалици, замена на оштетени светлосни арматури, замена на заштитни стакла и замена на сите останати елементи на сијаличното место (пригушници, фасонки и др.) Приорет на оваа потпрограма е навремено да се отклонуваат дефекти на улично осветлување и истото да се проширува. Предвидено е редовното одржување преку замена на елементи да го врши ЈП “Паркиралишта – Струмица“. Набавката на елементи за уличното осветлување ќе се реализира преку тендерски постапки. Преку оваа потпрограма ќе се финасира и новогодишното украсување и осветлување.

Преку спроведување на **потпрограмата за капитални расходи за јавен превоз** ќе се организира јавниот превоз во градот со цел да се создадат подобри услови за стопанисување и живеење. Со потпрограмата е опфатен и превозот на учениците на територија на општина Струмица. Предвидено е јавниот превоз во општината да се одвива со електрични автобуси и на тој начин да се обезбеди повисок квалитет на амбиентниот воздух и почиста животна средина на територијата на општина Струмица.

Во продолжение е даден табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на систем за водоснабдување | Ознака на буџетска/општинска програма | JG |
| Развојна потпрограма | Водовод во општина Струмица | Ознака на развојна потпрограма | JGA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификациј а на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Замена на дотраените цевки за водоснабдување во општина Струмица како и реконструкција на преостанатата водоводна мрежа која сеуште е со азбестни цевки во градот. Дополнително набавка на нови чешми и водомери. Со тоа ќе добиеме целосно современи водоснабдителни системи и ќе одговориме на реакциите на граѓаните како и проблемите кои ги имаат досега. | | |

| | |
|---|---|
| Планирани активности | Изготвување на техничка документација за предвидените инфраструктурни објекти, распишување тендер, избор на изведувач, изградба на водоводна мрежа и надзор на реализација. |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрување на условите за живеење во населените места, обезбедување на здрава вода за пиење и реализација на урбанистички планови за населените места во градот во делот на водоводната мрежа. |
| Ризик и претпоставки | Реализацијата е во зависност од јавното комунално претпријатие при приклучување на постоечката водоводна мрежа. |
| Датум на започнување со имплементациј а на проектот | 1/1/2024 |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 |
| Вкупна вредност | **53.522.000,00** денари |
| Име на студија | Водовод во општина Струмица |

| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 22.522.000,00 денари | 15.500.000,00 денари | 7.500.000,00 денари | 8.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Се изготвува техничка документација согласно потребите на општината и граѓаните и се реализира |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови |
| Родова респонсивност (краток опис) | Со осигурување дека инфраструктурните проекти ги адресираат специфичните потреби на жените и мажите, |

## Потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | Ознака на буџетска/општинска програма | JI |
| Развојна потпрограма | Нови канализации во општина Струмица | Ознака на развојна потпрограма | JIA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификациј а на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната | Обезбедување на целокупната инфраструктура за потребите на градот, населените места и стопанските индустриски зони во близина на градот за чии производствени погони е неопходна вода а и понатамошно третирање на отпадните води за тие процеси. Зачувување на животната средина од загадување со отпадни води во општина Струмица. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| потпрограма) | | | | |
| Планирани активности | Изготвување на техничка документација, распишување на тендер, избор на изведувач, изградба и надзор на реализација | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Обезбедување на услови за непречено одвивање на стопанската активност на индустриските објекти,поквалитетно обавување на техничкиот процес во производствените капацитети и зголемување на вработеноста во индустриската зона. | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 117.000.000,00 денари | | | |
| Име на студија | Нови канализации во градот и индустриските зони. | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 20.000.000,00 денари | 30.000.000,00 денари | 33.000.000,00 денари | 34.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Струмица, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

**Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта | Ознака на буџетска/општинска програма | JD |
| Развојна потпрограма | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | Ознака на развојна потпрограма | Ј6/ЈДА |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Поефикасен транспорт на луѓе и стоки во населените места, квалитетно сообраќајно решение за поврзување со градот, создавање на услови за побрз економски развој. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планирани активности | Изработка на проект, распишување на тендер, избор на изведувач, надзор на реализацијата | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Побрз економски развој, посовремен изглед на населените места. Да се приближи квалитетот на животот во руралните средини со тој во градските средини. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 108.000.000,00 денари | | | |
| Име на студија | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 20.000.000,00 | 10.000.000,00 | 38.000.000,00 | 40.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку обезбедни и осветлени улици, со приоритет на пристапноста за пешаци, велосипедисти, и лица со посебни потреби, | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за паркови и зеленило**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за паркови и зеленило | Ознака на буџетска/општинска програма | JM |
| Развојна потпрограма | Нови зелени површини | Ознака на развојна потпрограма | JMA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Разубавување на градот со нови зелени површини, намалување на загадувањето на еколошката средина | | |
| Планирани активности | Реализација на програмата за паркови и зеленило од страна на ЈПКД,, Комуналец ,, Струмица | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Здрава и чиста средина за живеење. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување со активностите, непогодни временски услови при реализацијата. | | | |
| Датум на започнување со имплементациј а на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 22.350.000,00 денари | | | |
| Име на студија | Нови зелени површини | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 8.000.000,00 денари | 4.800.000,00 денари | 4.550.000,00 денари | 5.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку активно вклучување на жените и мажите во процесите на планирање и дизајнирање. | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за паркови и зеленило**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за паркови и зеленило | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈМ |
| Развојна потпрограма | Нов парк-АТШ БЕРОВО | Ознака на развојна потпрограма | ЈМВ |
| Цели на развојната потпрограма (идентификациј а на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Просторот зад стариот објект на АТШ Берово ќе биде хортикултурно уреден, ќе бидат поставени клупи и куќарки како видиковец, патеки за трчање и дел за пикник со посебна локација за парк за миленици и простор за картинг. | | |
| Планирани активности | Изработка на проект , распишување тендер, избор на изведувач, надзор на реализацијата | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Граѓаните на општина Струмица ќе добијат дополнителен простор за можност да се одмарааат и рекреираат во слободното време. | | |
| Ризик и претпоставки | Временски услови | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на започнување со имплементациј а на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2024 | | | |
| Вкупна вредност | 3.000.000,00 | | | |
| Име на студија | Нов парк АТШ БЕРОВО | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 3.000.000,00 | 0 | 0 | 0 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за реализација на годишнта програма за 2024 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Струмица, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

- Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на атрактивни историски и урбани простори и објекти на подрачјето на општина Струмица;
- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Струмица;
- Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

Програмата за култура на општината Струмица ќе се реализира и преку спроведување на следниве потпрограми:

- Потпрограма за музичка и сценска – уметничка дејност
- Потпрограма за музејска и кинотечна дејност

- Потпрограма за културни манифестации и творештво

**Програма за култура**

| Име на буџетска програма | **Култура** | Ознака на буџетска/општинска програма | **К2** |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | Музичко – сценско уметничка дејност | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Децата и младите се ангажираат во нивното слободно време на групни занимања, како и во индивидуални активности за кои покажуваат интерес, како и желба за докажување. Со разни форми на работа се овозможува средба на децата за забава, игра и слично, при што се води грижа при концептирањето на содржината за работа, а се тргнува од идејните позиции на нашето општество потпирајќи се на културно - научна и хумана основа.<br>Се развива способноста за учество во сите области на играта и творештвото, ги развива природните способности и склоности на нивните потенцијали и сознанија, развивање слободно мислење, критично оценување и конструктивно делување. Се настојува на поврзување на децата и младите од сите училишта во општината, регионот, како од државата така и надвор од неа.<br>Се организираат и учествуваат на културни манифестации и детски средби со цел да им се овозможи на децата не само да ги покажаат своите знаења од областа на културно - забавниот и научен живот,<br>туку и ширење на другарството меѓу најмладите членови на нашето општество, чувство на хуманост, пријателство, солидарност и почитување на културните вредности на својот народ.<br>Соработуваме со други организации и асоцијации што работат со деца. | | |
| Планирани активности | 1. Државната трипартитна манифестација “Цвеќе” (екипно цртање на отворено, ликовен конкурс со изложба, екипно аранжирање на свежо цвеќе);<br>2. Регионалниот настан “Натпревар во уметничко рецитирање “<br>3. Традиционално секоја година распишуваме четири конкурси (литературен и ликовен);<br>4. - “8 Март”,”Пролет”, “Детска Недела” и “ Нова година” .<br>5. Организирање настан “Прием на првачињата во Детската организација”;<br>6. Реализација на “Новогодишна приредба” за Нова година.<br>Освен овие настани, Дом за деца и млади предвидува да реализира и други настани од културата, наведени во годишната Програма за работа( како часови по фолклористика, часови по афоризми, цртање на отворено, хепенинзни и сл.<br>Како и настани/активности кои се одобрени со проекти аплицирани до Министерството за култура на конкурсот за Проекти од национален интерес.Тука за 2024 година спаѓаат:<br><br>1. „Часови по цртање со Роза Мојсовска – ликовен уметник којашто црта со уста“<br>2. Размена на три ликовни изложби<br>3. Фолклорното наследство- трајно културно богатсво | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Стекнатите знаења и умеења и творечките докажувања децата и младите ги применуваат во практика преку разни форми на манифестации како: културно - забавни програми, литературни читања, ликовни и литературни конкурси, изложби, ликовни работилници, рецитали, драмски и куклени претставиa, организирање на детски средби и гостувања, посета на историско - културни знаменитости и слични манифестации.<br>Проширување на нивните видици во полето на ликовната и литературната дејност од повеќе аспекти. | | | |
| Ризик и претпоставки | Реализацијата на Програмата за работа исклучиво зависи од одобрените средства од Министерството за култура на Р.С. Македонија и Општина Струмица за таа намена. Домот а деца и млади не располага со сопствени средства со кои би се реализирале одредени проекти.<br>Број на одржани настани,<br>број на учесници,<br>број на пристуни гости на настаните,<br>Број на пристигнати/ изработени ликовни и литературни творби | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | 1.312.300,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 300.000,00 денари | 250.000,00 денари | 363.000,00 денари | 399.300,00 денари |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Во фаза на планирање и реализација на активности според Програмата за работа на Домот за Деца и млади ,,Благој Мучето"-Струмица за тековната 2024 година . | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Одреден број од организираните настани се реализираат самостојно, а други заедно со институции од обласка на културата или образованието. | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Во делот на Родовата еднаквост се води сметка да бидат застапени подеднакво и момчињата и девојчињата во сите активности кои се планираат и реализираат од страна на Домот за деца и млади ,,Благој Мучето,, се разбира со некоја природна избалансираност. | | | |

-

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | **Програма за култура** | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Потпрограма | Потпрограма за музејска и кинотечна дејност | Ознака на развојна потпрограма | К3 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целите на програмата К3, музичка и кинотечна дејност се:<br>- Креирање на конкретна програма која која ги задоволува критериумите на тие кои сакат да ја конзумират<br>- Да се обезбеди активен однос помегу самите чинители / организатори и општина Струмица со цел задоволување на потребите<br>- сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Струмица<br>- да се создадат услови за квалитетно културно живеење<br>- интензивирање и збогатување на меѓународна културна соработка<br>- презентација и афирмација на културата во земјата и странство | | |
| Планирани активности | 1. Get Exited фестивал (2024-2027година)<br>2. Струмица опен фестивал (2024-2027година)<br>3. Ристо Шишков (2024-2027година)<br>4. Астер фест (2024-2027година)<br>5. Ликовна колонија (2024-2027година)<br>6. Фестивал на источно црковно пеење (2024-2027година)<br>7. Фестивал на афоризми и карикатура (2024-2027година)<br>8. Фестивал - Под кулите на Струмица - Распеани струмичани (2024-2027година)<br>9. Фестивал за детски песни (2024-2027година)<br>10. 100.000 поет за промена (2024-2027година)<br>11. Поддршка за театарска претстава – Роденден<br>12. Здружение - Иван Василевски за ЗЕНИТ (2024-2027година)<br>13. Уан веј денс студио – one way (2024-2027година)<br>14. Урбани скулптури во Струмица<br>15. Поддршка за концерт на Љубомир Митровски – Ретроманија (2024-2027година)<br>16. Мултимедијален настан (2024-2027година)<br>17. Поддршка за документарен филм за Ристоман Попчевски<br>18. Поддршка за поетски маратон(2024-2027година)<br>19. Издавање на албум и концерт на Горан Кукиќ<br>20. Поетско претставување – Никола Маџиров (2024-2027година)<br>21. Фолклорна низа (2024-2027година)<br>22. КУД Браќа Минкови – Куклиш (2024-2027година)<br>23. Новогодишен - божиќен концерт - СОУ Јане Сандански (2024-2027година)<br>24. Новогодишна програма (2024-2027година)<br>25. Графити – Струмица<br>26. Поддршка за хип хоп култура (2024-2027година) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 27. Поддршка за настан на Тијана<br>28. Поддршка за настан на Даница<br>29. Фестивал на визуелни активности Кадро (2024-2027година)<br>30. Средби под јаворите (2024-2027година)<br>31. Поддршка за издавања на книги и списанија (2024-2027година)<br>32. Поддршка за проектор Ритамот на европа – фестивал за млади (2024-2027година)<br>33. Поддршка за концерт на You for yu<br>34. Поддршка за концерт на Камерен оркестар на Битола<br>35. Поддршка за фестивал на камерна музика<br>36. Поддршка за изложба на Љупка Галаска Василев<br>37. Поддршка за млади и други настани од областа на културата и тековни барања и повици (2024-2027година)<br>38. Поддршка за настани во Младински културен центар (2024-2027година)<br>39. Поддршка за настани во Градска уметничка галерија (2024-2027година)<br>40. Поддршка за емитување на кино проекции (2024-2027година)<br>41. Поддршка за градски оркестар (2024-2027година)<br>42. Поддршка за концерт под маски (2024-2027година)<br>43. Поддршка за Монументал фест (2024-2027година)<br>44. Поддршка за настани за олдтајмери<br>45. Организација на свечена седница (2024-2027година)<br>46. Изнајмување на сали за настани за потребите на општина Струмица (2024-2027година)<br>47. Месечен културен информатор (2024-2027година) | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Со самото реализирање на предвидените активности се постигнуват големи резултата од обласа на културата со тоа што граѓаните имат можност за често конзумирање на квалитетни културни настани а со тоа и квалитет на живот. Настаните имаат дополнителна можност за афирмација и промоција на Општина Струмица и поединци од обласа на културата надвор од општината и државата. Поголемите фестивали имаат можност за привлекување на посетители од други општини и држави а со тоа и потполнување на угостителските објекти и сместувачките капацитети кој што значи раздвижување на екомомијата. | | | |
| Ризик и претпоставки | Самата програма која е планирана,Општина Струмица има дирекна комуникација со носителите на предложените настани и во зависност од можностите се корегира и усогласува се со цел настанот да се реализира што е можно подобро | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрограмата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | 68.448.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатор | 16.348.000,00 денари | 11.300.000,00 | 19.500.000,00 | 21.300.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и | | денари | денари | денари |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Програмата К3 со активности почнува во јануари / февруари со потпишување на договори со застапниците на предложените проекти. Се утврдува рокот на реализација и распределба на активности за во текот на целата година. | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Додека не се организира јавен повик за култура со испрецицирани критериуми, нашиот модел кој во моментот фунционира е информирање до здруженијата на граѓани и поединци од областа на културата за доставување на предлог проект (ноември) пред да се креира предлог годишната програма за култура.<br>Вториот чекор е допрецизирање на проектите врз основа на изласаните финансии од страна на Советот на општина Струмица и третиот чекор е потпишување на договор со правата и обврските за реализација на проектот. | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Во програмата се вклучени сите кои се заинтересисрани да делуваат без разлика од каде доаѓа предлог проектот  и тоа може да се утврди во претходните години. Во текот на реализацијата ќе се внимава на балансирано учество и на жени и на мажи изведувачи и реализатори на програмата. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | **Култура- Културни манифестации и творештво** | Ознака  на буџетска/општинска програма | **К4** |
| Потпрограма | Културни манифестации и творештво<br>Карневал | Ознака  на потпрограма | |
| Цели на потпрограма | Целта е со организација на  Карневалот да се зачува долговековната традиција во Струмица и празнување на тримерските денови.<br>Цел е културно да се промовира градот Струмица, но и зголемемување на туризмот | | |
| Планирани активности | Организатор на Струмициchkиот каневал е Одборот за организација на Струмичкикарневал кој е орган на Советот на општина Струмица и се избира од Советот со мандат од четири години. Покровител на карневалот се Градоначалникот и Советот на општина Струмица. Техничката организација е потпомогната и од културните институции. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зголем број на маски-учесници на карневалот<br>Зголем број на туристи<br>Културно туристичка промоција на Општина Струмица | | |
| Ризик и претпоставки | Временски услови при одржување на настаните<br>Недоволно пријавени маски<br>Мал број на посетители | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | 15.000.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 4.000.000,00 денари | 3.000.000,00 денари | 4.000.000,00 денари | 4.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Во тек е реализација на годишната програма | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица<br>Национални фондови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | При реализација ќе се внимава на подеднаква застапеност и на момчињата и девојчињата, жени и мажи во сите активности. | | | |

Потпрограма за капитални расходи во културата

Активност: Реконструкција и адаптација на сали во дом на АРМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за култура | Ознака на буџетска/општинска програма | DA |
| Развојна потпрограма | Домови на култура | Ознака на развојна потпрограма | DAA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Овозможување на граѓаните од Општина Струмица да учествуваат во културни настани. | | |
| Планирани активности | Реализација и надзор на реализација на проектот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрување на културниот живот на граѓаните. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување со активностите, непредвидени технички проблеми во текот на реализацијата, непогодни временски услови при реализацијата. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 4.000.000,00 | | | |
| Име на студија | Домови на култура | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.000.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | 1.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активности од годишната програма | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат сите граѓани од општината, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | **Култура** | Ознака на буџетска/општинска програма | **К2** |
| Потпрограма | Библиотекарство | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Поддршка за развој на библиотекарството | | |
| Планирани активности | Обнова на библиотечниот фонд и поддршка на активности за развој на библиотекарството | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Развој на читателската публика | | | |
| Ризик и претпоставки | Незаинтересираност на локалното население за читање | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | |
| Вкупна вредност | 600.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 150.000,00 денари | 150.000,00 денари | 150.000,00 денари | 150.000,00 денари |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | тековна | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Самостојно | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Ќе се води сметка да бидат застапени подеднакво и момчињата и девојчињата во сите активности кои се планираат и реализираат од страна на Домот за деца и млади ,,Благој Мучето,, да се поттикнат и мажите и жените да ја користат библиотеката | | | |

Другите форми на активности за поддршка и помош на манифестациите и приредбите, ќе се реализираат од страна на надлежниот орган на Општина Струмица и тоа по барање на организатори на манифестациите и реализаторите на проектите до Градоначалникот на општина Струмица, усогласено со целите на оваа Програма и расположивите можности на општина Струмица.

**8.6 Програма за спорт и рекреација**

Цел на програмата за спорт и рекреација на општината Струмица е да се подобри спортската инфраструктура. Притоа, приоритет е изградба на терени/игралишта за спортски активности и терени рекреација на граѓаните, а за таа цел е формулирана засебна потпрограма.

Специфичните цели на програмата се:

- Остварување учество на во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;
- Афирмирање на Општина Струмица како развиен спортски центар;
- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;

- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Промовирање на можностите на Општина Струмица да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;
- Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти и млади спортски надежи, како и за гостување во Општина Струмица на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;
- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.

Истовремено општината ќе продолжи да се залага за функционирање на спортските организации преку модел на јавно-приватно партнерство, ќе комуницира со приватниот сектор и инвеститорите со цел да го препознаат значењето на спортот и спортските индустрии и ќе им помага на спортските организации за аплицирање на фондови на ЕУ за организирање на натпревари и развој на спортска инфраструктура. За наредниот 4-годишен период планирано е спроведување на кампањи во соработка со спортските клубови, приватниот и граѓанскиот сектор за зголемување на свесноста за потребата од занимавање со спорт и рекреација. Општината ќе превземе активности со кои ќе се превенира привремено заминување на талентираните спортисти во други спортски средини поради подобри услови за работа и спортски напредок.

**Потпрограма за спорт и рекреација**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | LA |
| Потпрограма | Потпрограма за активности во спорт и култура | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Остварување учество на Општина Струмица во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;<br>- Афирмирање на Општина Струмица како развиен спортски центар;<br>- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;<br>- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;<br>- Промовирање на можностите на Општина Струмица да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;<br>- Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти и млади спортски надежи, како и за гостување во Општина Струмица на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;<br>- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка. | | |
| Планирани активности | 1.1 Дотација<br>Дотацијата се доделува на спортските клубови кои имаат најголеми трошоци во текот на натпреварувачката година( 2024-2027г. 10.750.000,00 денари)<br><br>1.2. Јавен повик за спорт | | |

| | |
|---|---|
| | Јавниот повик за спорт се распишува во првите месеци од годината. На него можат да се пријават сите клубови кои се основани и делуваат на територија на Општина Струмица. По утврдена методологија изгласана од страна на Советот на општината клубовите добиваат бодови по неколку основи како што се степен на натпревари, млади категории кои учествуваат во организиран систем на натпревари и масовност во клубот како и вклученост на девојчиња и жени. Исто така клубовите кои аплицираат за добивање на средства по јавниот повик доставуваат извештај за потрошените средства, пропратна документација и програма за работа<br>( 2024-2027г. 2.000.000,00 денари)<br><br>1.3.Тековни барања, проекти, турнири, спортист на годината<br>Општина Струмица во текот на цела година го помага спортот. Во рамките на нашите можности ги помагаме сите активности, турнири, настани, форуми и патувања на клубовите и спортистите, ставајќи акцент особено на поддршка на младинските категории од клубовите. ( 2024-2027г. )<br><br>1.4.Јавен повик за тренери (10 максимум) ( 2024-2027г. 555.000,00 денари)<br><br>1.5.ОСУС (училишен спорт)<br><br>Училишниот спорт го помагаме тековно секоја година, со конкретна сума без да се доставуваат дополнителни барања од ОСУС за одредени активности. Во организација на ОСУС е и традиционалната маниофестација „Спортист на годината“ која минатата година прослави јубилеј 60 години. ( 2024-2027г. 250.000,00 денари)<br><br>1.6.Шампионска титула<br>Одлука на Советот на Општина Струмица секоја година да се наградува клубот кој освојува шампионска титула во 4-те големи спортови фудбал, кошарка, одбојка, ракомет. Доколку наредната година се освојат 2 титули сумата од 300 000 денари се дели на двата клуба. Доколку не се освои шампионска титула средствата може да се прераспределат за други спортски активности со ребаланс на буџетот.<br>( 2024-2027)<br><br>1.6.Полумаратон<br><br>Поддршка на полумаратонот со покривање на одреден дел на трошоци исто како и во тековната 2023 година. Од година на година полумаратонот „Струмица на улица“ станува препознатлив настан во земјата и пошироко. ( 2024-2027)<br><br>1.7.НОВОГОДИШНО-БОЖИЌЕН ТУРНИР „Благој Истатов“<br>После неколку години повторно се реактивира новогодишно-божиќниот турнир во мал фудбал кој се одржуваше во 90-те години на минатиот век и потоа од 2005 до 2009 година. Општина Струмица значително ќе се вклучи во покровителство на турнирот кој ќе се организира во чест на Струмичката и Македонска голманска легенда - Благој Истатов(2024-2027 г. 900.000,00 денари)<br><br>1.8. Поддршка за женскиот спорт ( 2024-2027).<br>Општина Струмица ги поддржува сите женски клубови и нивните проекти.Како најприсутен спорт е одбојката и тоа во женска конкуренција со активно учество на четири клуба во организиран систем на натпреварување . |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Потоа во фудбалот(ФК Тиверија) преку проектите:<br>- Со срце за Струмица<br>- Да, и девојките играат фудбал<br>- Куп на Карневалот (турнир женски фудбал)<br>и другите спортови. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемен број на спортисти и рекреативци. Повеќе организирани спортски натпревари за девојчиња и момчиња | | | |
| Ризик и претпоставки | Неповолни временски услови за одржување на натпревари и манифестации | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 86.965.000.000,00 денари | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 20.000.000,00 денари | 10.965.000,00 денари | 26.000.000,00 денари | 30.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Во континуитет секоја година се реализираат активностите од потпрограмата . Општина Струмица секоја година ги помага и активностите на клубови кои се најактивни низ различни проекти, донаторски и еколошки акции. | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на општина Струмица<br>Здруженија на граѓани/спортски клубови<br>ОСУС | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | При планирање и реализација на активностите се внимава на подеднаква застапеноста на девојчиња и момчиња во спортските клубови и нивните активностите, тренинзи , натпревари и спортски манифестации. | | | |

## Потпрограма за капитални расходи за спорт и рекреација

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | LA |
| Развојна потпрограма | Изградба и реконструкција на спортски игралишта | Ознака на развојна потпрограма | LAA |
| Цели на развојната потпрограма (идентификациј а на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната | Зборатување на спортскиот живот во градот за децата од школска и предшколска возраст и за рекреација на младите во градот | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| потпрограма) | | | | |
| Планирани активности | Изготвување на проектна документација, обезбедување на градежна дозвола, надзор за реализација на проектот, распишување на јавна набавка<br>2.1 Реконструкција на спортски игралишта и изградба на полигон за велосипеди, скејборди, ролери и др<br>2.2 Нови спортски игралишта<br>2.3 Детски игралишта - реконструкција ден<br>2.4.Нови детски реквизити за детски игралишта ден<br>2.5 Повеќенаменско игралиште Маларично | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Овозможување на услови за побогат спортски живот во градот. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување со активностите, непогодни временски услови при реализацијата, ненавремно обезбедена техничка документација | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 32.000.000,00 | | | |
| Име на студија | Изградба и реконструкција на спортски игралишта | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 18.000.000,00 денари | 6.000.000,00 денари | 4.000.000,00 денари | 4.000.000, 00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Подготвување на тендерска документација на годишно ниво и по потреба за проекти со донација | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Струмица<br>Национални фондови<br>ИПА фонсови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подобрени услови за реализација ан спортски активности и на жени и на мажи. Подобрите услови ќе допринесат за поголемо вклучување и сигурност на девојките во спортот. | | | |

### 8.7 Програма за образование

Визијата на Општина Струмица за развој на образованието е обезбедување на современи услови за создавање на сеопфатна, стимулативна, инклузивна и интегрирана средина за учење и работа.

Во процесите на остварувањето на визијата, Општина Струмица е насочена кон остварување на стратешките цели:

1. Унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно-образовниот процес
2. Препознавање и интегрирање на потребите на учениците
3. Зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во училиштата
4. Унапредување на еколошките стандарди во училиштата
5. Зајакнување на воспитната компонента во училиштата
6. Унапредување на соработката со институциите

Овие стратешки цели ќе се реализираат преку утврдените приоритети:
-осовременување на наставата
-подобрување на енергетската ефикасност на училиштата
-подобрување на образовната инфраструктура
-поддршка на талентирани ученици
-поддршка на ученици од социјално-загрозени семејства
-поддршка на ученици со надмината возраст
-поддршка на ученици со попреченост
-зголемување на опфатот на деца во прво одделение
-поддршка за реализација на активности за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието
-намалување на меѓуврсничкото насилство во училиштата
-воведување на образование за возрасни
-намалување на социјалните разлики во основните училишта
-поддршка за реализација на активности за зголемување на безбедноста на учениците во и околу училишните објекти
-едукација и мотивација на наставници и стручни соработници
-зајакнување на капацитетите на училиштата
-воведување на меѓународен стандард ИСО во училиштата
-воведување на здрава ужина
-поддршка за реализација на активности за унапредување на здравјето на учениците
-поддршка за реализација на активности за заштита на животната средина
-зголемување на соработката со родителите
-унапредување на социо-емоционалните вештини на наставниците и стручните соработници
-вклучување на локалната заедница во училишни, вонnаставни и слободни активности

Програмата ќе се спроведува низ четири потпрограми:

**Потпрограма за основно образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | N1 |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за Основно образование | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификациј а на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на Програмата за основно образование на општина Струмица е препознавање и интегрирање на потребите на учениците, зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во училиштата, унапредување на еколошките стандарди во училиштата, зајакнување на воспитната компонента во училиштата, унапредување на соработката со институциите, невладиниот сектор и бизнис секторот | | |

| | |
|---|---|
| Планирани активности | - Поддршка за реализација на обуки за личен и професионален развој на наставници и стручни соработници;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието;<br>- Поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието-дополнителни часови по македонски јазик за учениците од турската заедница;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за учество на ученици на натпревари;<br>- Поддршка за реализација на воннаставни активности и проекти на учениците;<br>- Обезбедување на еднократна парична помош на семејства со прваче;<br>- Доделување на стипендии на ученици кои освоиле награди на натпревари;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за 20 деца со надмината возраст кои се надвор од образовниот систем;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за ученици со попреченост со наод и мислење;<br>- Ангажирање на лични асистенти за ученици со попреченост;<br>- Обезбедување на училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства;<br>- Обезбедување на училишни униформи за првачиња;<br>- Награди за наставници/стручни соработници на Свечена академија по повод 24 Мај;<br>- Реализација на работилници/трибини за превенција на меѓуврсничко насилство, ненасилно разрешување на конфликти и за поттикнување на емоционалната интелигенција на учениците;<br>-Реализација на едукативни предавања за учениците за: безбедност во сообраќајот, користење на велосипедот како превозно средство, здрава храна, превенција од дрога, алкохол, пушење, дијабетес, подигнување на еколошката свест, селекција на отпад итн.;<br>-Реализација на активности за професионална ориентација на учениците;<br>-Поддршка за реализација на активности со родителите на учениците;<br>-Реализација на обуки за воведување на меѓународен стандард ИСО во училиштата;<br>-Воведување на здрава ужина (Министерство за образование и наука);<br>-Обезбедување на бесплатен јавен еколошки превоз за учениците од населените места од општина Струмица до општинските училишта. |
| Очекувани резултати / ефекти | Создадена стимулативна, инклузивна и интегрирана средина за учење и работа во општинските основни училишта. |
| Ризик и претпоставки | Немање континуитет во реализацијата на планираните и започнати активности;<br>Необезбедени финансиски средства за реализација на активностите. |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 |
| Вкупна вредност | 35.214.000,00 денари |

| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 6.667.000,00 денари | 12.547.000,00 денари | 8.000.000,00 денари | 8.000.000,00 денари |
| Статус на реализација на проектот | Дел од активностите се реализираат во текот на 2024 година и ќе се реализираат во континуитет, согласно Стратегијата за развој на образованието на општина Струмица за периодот од 2023-2027 година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Активностите ќе се реализираат во соработка со општинските основни и средни училишта, ДСУ-РЦСОО ”Никола Карев”- Струмица, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот.<br>За реализација на активностите ќе бидат обезбедени финансиски средства од буџетот на Општина Струмица, општинските основни училишта, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот. | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Активностите ќе се реализираат со учество на ученици, родители и вработени од машки и женски пол. | | | |

**Потпрограма за средно образование**

| Име на буџетска програма | Програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | N2 |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма Средно образование | Ознака на развојна потпрограма | |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на Програмата за средно образование на општина Струмица е препознавање и интегрирање на потребите на учениците, зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во училиштата, унапредување на еколошките стандарди во училиштата, зајакнување на воспитната компонента во училиштата, унапредување на соработката со институциите, невладиниот и бизнис секторот. |
| Планирани активности | - Поддршка за реализација на обуки за личен и професионален развој на наставници и стручни соработници;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за учество на ученици на натпревари;<br>- Поддршка за реализација на воннаставни активности и проекти на учениците;<br>- Доделување на стипендии на ученици кои освоиле награди на натпревари;<br>- Обезбедување на финансиска поддршка за ученици со попреченост со наод и мислење;<br>- Ангажирање на лични асистенти за ученици со попреченост;<br>- Обезбедување на училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства;<br>- Награди за наставници/стручни соработници на Свечена академија по повод 24 Мај;<br>- Реализација на работилници/трибини за превенција на меѓуврсничко |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | насилство, ненасилно разрешување на конфликти и за поттикнување на емоционалната интелигенција на учениците;<br>-Реализација на едукативни предавања за учениците за: безбедност во сообраќајот, користење на велосипедот како превозно средство, здрава храна, превенција од дрога, алкохол, пушење, дијабетес, подигнување на еколошката свест, селекција на отпад итн.;<br>-Реализација на активности за професионална ориентација на учениците;<br>-Поддршка за реализација на активности со родителите на учениците;<br>-Реализација на обуки за воведување на меѓународен стандард ИСО во училиштата;<br>-Воведување на здрава ужина (Министерство за образование и наука);<br>-Обезбедување на бесплатен јавен еколошки превоз за учениците од населените места од општина Струмица до општинските училишта;<br>- Обезбедување на бесплатен јавен еколошки превоз за учениците од населените места од општина Струмица до компаниите надвор од градот за реализација на практична настава;<br>-Валидација и верификација на струки и профили за образование за возрасни при ДСУ-РЦСОО ”Никола Карев”- Струмица | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Создадена стимулативна, инклузивна и интегрирана средина за учење и работа во општинските средни училишта. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Немање континуитет во реализацијата на планираните и започнати активности;<br>Необезбедени финансиски средства за реализација на активностите. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 5.295.500,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 1.042.500,00 денари | 1.217.000,00 денари | 1.500.000,00 денари | 1.500.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Дел од активностите се реализираат во текот на 2024 година и ќе се реализираат во континуитет, согласно Стратегијата за развој на образованието на општина Струмица за периодот од 2023-2027 година | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Активностите ќе се реализираат во соработка со општинските основни и средни училишта, ДСУ-РЦСОО ”Никола Карев”- Струмица, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот.<br>За реализација на активностите ќе бидат обезбедени финансиски средства од буџетот на Општина Струмица, општинските средни училишта, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот. | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Активностите ќе се реализираат со учество на ученици, родители и вработени од машки и женски пол. Ќе се посвети посебно внимание на осипување на учениците од образовниот процес. | | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за основно образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | NA |

| Развојна потпрограма | Капитални расходи за основно образование | | | Ознака на развојна потпрограма | |
|---|---|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на Програмата за капитални расходи за основното образование на општина Струмица е унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно-образовниот процес во општинските основни училишта. | | | | |
| Планирани активности | -Набавка на интерактивни табли и други технички помагала;<br>-Обезбедување на нагледни средства/ асистивна технологија за ученици со попреченост;<br>-Опремување на училиштата со лесно подвижен и прилагодлив мебел и инвентар;<br>-Набавка на шкафчиња за ученици од основните училишта;<br>-Подобрување на енергетската ефикасност на училиштата-термофасади на училишните објекти;<br>-Набавка на инвертер клима уреди во ООУ "Даме Груев", с.Куклиш, ПУ с.Костурино;<br>-Изградба на спортска сала во ООУ "Сандо Масев"- Струмица (Министерство за образование и наука);<br>-Обезбедување на пристапност на лица со попреченост во училиштата-пристапни рампи<br>-Подобрување на условите за греење во училишните објекти- во спортската сала во ООУ "Никола Вапцаров"- Струмица;<br>-Проширување и уредување на просторните услови на училишните објекти и дворови, спортски сали и игралишта во училиштата. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрени услови за реализација на воспитно-образовниот процес во општинските основни училишта. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Немање континуитет во реализацијата на планираните и започнати активности; Необезбедени финансиски средства за реализација на активностите. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 9.220.000,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 1.800.000,00 денари | 3.420.000,00 денари | 2.000.000,00 денари | 2.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Дел од активностите се реализираат во текот на 2024 година и ќе се реализираат во континуитет, согласно Стратегијата за развој на образованието на општина Струмица за периодот од 2023-2027 година | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Активностите ќе се реализираат во соработка со општинските основни и средни училишта, ДСУ-РЦСОО "Никола Карев"- Струмица, Министерството за образование и наука, невладиниот сектор, бизнис секторот.<br>За реализација на активностите ќе бидат обезбедени финансиски средства од | | | | |

| | |
|---|---|
| | буџетот на Општина Струмица, општинските основни училишта, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот. |
| Родова респонсивност (краток опис) | Активностите ќе се реализираат со учество на ученици, родители и вработени од машки и женски пол. |

**Потпрограма за капитални расходи во средното образование**

| Име на буџетска програма | Програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | NB | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Капитални расходи за средно образование | Ознака на развојна потпрограма | | | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на Програмата за капитални расходи за средното образование на општина Струмица е унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно-образовниот процес во општинските средни училишта. | | | | |
| Планирани активности | -Изградба на ученички дом во СОУУД „Димитар Влахов"- Струмица (Министерство за образование и наука, Општина Струмица)<br>-Подобрување на условите за греење во училишните објекти-обезбедување на грејни тела за загревање на спортската сала во СОУ "Јане Сандански"- Струмица;<br>-Проширување и уредување на просторните услови на училишните објекти и дворови, спортски сали и игралишта во училиштата<br>-Набавка на интерактивни табли и други технички помагала;<br>-Обезбедување на нагледни средства/ асистивна технологија за ученици со попреченост | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрени услови за реализација на воспитно-образовниот процес во општинските средни училишта. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Немање континуитет во реализацијата на планираните и започнати активности; Необезбедени финансиски средства за реализација на активностите. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 6.000.000,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 2.000.000,00 денари | 0 денари | 2.000.000,00 денари | 2.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Дел од активностите се реализираат во текот на 2024 година и ќе се реализираат во континуитет, согласно Стратегијата за развој на образованието на општина Струмица за периодот од 2023-2027 година | | | | |
| Начин на реализација | Активностите ќе се реализираат во соработка со општинските средни училишта, Министерството за образование и наука, невладиниот сектор, бизнис секторот. | | | | |

| | |
|---|---|
| (самостојно или во партнерство) | За реализација на активностите ќе бидат обезбедени финансиски средства од буџетот на Општина Струмица, општинските средни училишта, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, невладиниот сектор, бизнис секторот. |
| Родова респонсивност (краток опис) | Активностите ќе се реализираат со учество на ученици, родители и вработени од машки и женски пол. |

Низ оваа програма ќе се спроведуваат и активности за обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината, создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес во средните општински училишта и за вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори како и за аплицирање со проекти за зачувување и унапредување на животната средина, поставување фотоволтаици на кровни површини на училишни објекти и др.

Погоре наведените активности се во согласност со Стратегијата за образование на Општина Струмица 2023-2027 и Акцискиот план за образование 2023-2027г.

**8.8 Програма за социјална заштита и заштита на децата**

Цел на програмата за социјална заштита и заштита на децата на општината Струмица е до 2027 година ќе има целосно воспоставен партиципативен, инклузивен, одржлив, прилагодлив и ефективен систем на социјална заштита и детска заштита, оспособен да ги следи општествените промени и согласно надлежностите навремено да интервенира со соодветни мерки, активности и сервисни услуги во областа на социјалната дејност, со една единствена цел за задоволување на потребите на своите граѓани.

Програмата ќе се реалзиира низ три потпрограми:

**Потпрограма за детски градинки**

На територијата на општина Струмица има две институции за престој на деца, детски градинки и тоа ЈОУДГ,,Детска радост‘‘ со 5 клона, (градинки кои се во склоп на градинката на различни делови од градот) и 2 клона (градинки во населени места), капацитетот на оваа градинка со градинките во населените места е 650 деца.

Пред една година е отворена нова градинка ЈОУДГ,,Виножито‘‘ со капацитет за престој на 300 деца. Финансирањето на овие две општински установи е претежно од блок дотации, кои се планирани за исплата на плати за вработените,тековно одржување, како и за материјални трошоци.

Средства од основниот буџет на општината се користат од сметка 603, за агенциски вработувања и материјални трошоци. Општината со сопствени приходи ги финансира агенциските вработувања во градинките затоа што согласности за вработувања од МТСП многу тешко се добиваат и за ослободено работно место по основ на пензионирање.

Забелешка :

Во делот за изградба на градинки во руралните средини, од веќе изградени две градинки во с.Куклиш и с.Муртино, од нивно пуштање во употреба до денес не е исполнет капацитетот за престој на деца, бидејки нема интерес од родителите за запишување во детските градинки.

**Потпрограма за капитални расходи за детски градинки**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Реконструкција на градинка во склоп на ЈОУДГ,,Детска Радост‘‘ клон 6 | Ознака на буџетска/општинска програма | | |
| Развојна потпрограма | Капитални расходи за детска градинка клон 6 | Ознака на развојна потпрограма | | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Подобрување на условите за престој на децата во детската градинка (клон 6), затоа што од нејзината изградба до денес нема реконструкција и обновување на столаријата,тоалетите,кујната во која се спрема храна за децата,термо изолација, фасада и др. | | | |
| Планирани активности | Распишување на тендер, избор на изведувач и надзор на реализацијата. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрување на условите за престој на децата во градинката. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, непогодни временски услови при реализацијата. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01.06.2025 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 01.06.2027 | | | |
| Вкупна вредност | 24.000.000 | | | |
| Име на студија | Реконструкција на клон 6 | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 0 | 0,00 | 12.000.000,00 | 12.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Во идејна фаза | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Струмица<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Еднаква опфатеност на мажи и жени | | | |

**Потпрограма за социјална заштита**

Целта на оваа потпрограма е обезбедување активен однос на општина Струмица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштитата на децата потпирајќи се на четири клучни столба: развој на капацитетите, унапредување и поврзување на системот на социјална и детска заштита на локално ниво, развивање на социјалната заштита низ петте клучни сегменти (социјална заштита, социјална превенција, институционална заштита, вонинституционална заштита и локални социјални услуги) и финансиски менаџмент (менаџмент со општински буџетски средства и финансиски средства обезбедени од други извори на финансирање во функција на социјалната заштита и заштитата на децата на локално ниво.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за социјална заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | V2 |
| Потпрограма | Програма за социјална заштита | Ознака на развојна потпрограма | V2 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта на оваа потпрограма е обезбедување активен однос на општина Струмица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштитата на децата потпирајќи се на четири клучни столба: развој на капацитетите, унапредување и поврзување на системот на социјална и детска заштита на локално ниво, развивање на социјалната заштита низ петте клучни сегменти (социјална заштита, социјална превенција, институционална заштита, вонинституционална заштита и локални социјални услуги) и финансиски менаџмент (менаџмент со општински буџетски средства и финансиски средства обезбедени од други извори на финансирање во функција на социјалната заштита и заштитата на децата на локално ниво. | | |
| | Дом на култура во с. Куклиш | Изградба на нов дом на култура во н.м. Куклиш, на истата локација на опожарениот Дом на култура | Не постои соодветна инфраструктура за реализација на културни настани во населеното место. | | | | Изграден нов дом во н.м Куклиш | | |

**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА**

**СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ**

**<u>Демографски развој</u>**

**Бројното движење на населението** претставува основна демографска компонента, која има големо значење во сите области на животот. Природните услови од една и општествено-економските услови од друга страна се основните фактори кои влијаат врз бројното движење на населението.

Населението во градот Струмица од 1948 година до 2002 година се зголемило од 10.868 на 35.111, а со пописот од 2021 година во градот Струмица живеат 33825. Согласно пописот од 2021 година во Општина Струмица живеат 49995 жители, и има намалување на бројот на жители за 4681 жител

Причините за намалување на бројот на жители е отселување на населението во западно европските држави..

Општина Струмица во последните десетина години станува центар во овој дел од државата нудејќи поволности и услови за подобар живот и е насочена кон подобрување на квалитетот на живот преку подобрување на комунална инфраструктура, подобрување на мерки за заштита на животна средина, изградба на социјални станови за социјално загрозени лица, дневни центри, училишта, градинка и сл.

Со овие мерки доаѓа внатрешни миграции на населението од населените места кон градот, со што некои населени места остануваат со мал број жители а некои полека целосно се иселуваат.

Исто така има голем процент на население кое се иселува надвор од границите на нашата држава барајќи подобри услови за живот, и тоа најчесто се од населените места . Намалувањето на популацијата е сериозен проблем секако за секоја општина, па општината ги прави потребните услови за младите лица да останат во нашиот град.

**Половата структура** на населението го покажува бројниот соодност на машкото и женското население во однос на вкупното население. Според последниот попис во нашата општина има вкупно 24 701 мажи и 25 294 жени . Соодносот меѓу мажи и жени е 49,4 спрема 50,59%

| Вкупно резидентно население на Република Северна Македонија по возраст и пол, по населени места, Попис , 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| Куклиш | 2172 | 1119 | 1053 |
| Дабиље | 1647 | 803 | 844 |
| Баница | 1191 | 624 | 567 |
| Банско | 2414 | 1216 | 1198 |
| Белотино | 13 | 7 | 6 |
| Вељуса | 890 | 458 | 432 |
| Водоча | 227 | 116 | 111 |
| Габрово | 202 | 102 | 100 |
| Градско балдовци | 626 | 299 | 327 |
| Добрејци | 1507 | 765 | 742 |
| Дорломбос | 52 | 29 | 23 |
| Злешево | / | / | / |
| Костурино | 895 | 448 | 446 |
| Мемешли | 16 | 9 | 5 |
| Муртино | 1740 | 898 | 842 |
| Орманли | 7 | 5 | 2 |
| Попчево | 221 | 113 | 108 |
| Просениково | 1223 | 631 | 592 |
| Раборци | 77 | 36 | 41 |
| Рич | 315 | 157 | 158 |
| Сачево | 443 | 237 | 206 |
| Свидовица | 292 | 155 | 137 |
| Град Струмица | 33825 | 16474 | 17351 |
| Три води | / | / | / |
| Чепели | / | / | / |

**Старосната структура на населението** ја покажува распределбата на населението според одредени старосни групи и претставува значаен демографски елемент бидејќи од неа зависат можностите за репродукција на населението, виталноста и потенцијалната биодинамика на населението во одредена област.

| Вкупно резидентно население во Општина Струмица по 5-годишни возрасни групи и по пол, Попис 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО |
| Возрасна група - ВКУПНО | 24701 | 25294 | 49995 |
| 0-4 | 972 | 870 | 1842 |
| 5-9 | 1071 | 1022 | 2093 |
| 10-14 | 984 | 876 | 1860 |
| 15-19 | 869 | 912 | 1781 |
| 20-24 | 857 | 872 | 1729 |
| 25-29 | 990 | 1017 | 2007 |
| 30-34 | 1121 | 1099 | 2220 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35-39 | 1234 | 1196 | 2430 |
| 40-44 | 1148 | 1229 | 2377 |
| 45-49 | 1092 | 1035 | 2127 |
| 50-54 | 1017 | 1119 | 2136 |
| 55-59 | 1166 | 1272 | 2438 |
| 60-64 | 1175 | 1395 | 2570 |
| 65-69 | 1151 | 1290 | 2441 |
| 70-74 | 815 | 953 | 1768 |
| 75-79 | 434 | 592 | 1026 |
| 80-84 | 247 | 366 | 613 |
| 85+ | 131 | 236 | 367 |

**Структура на населението според образование**

Населението според образование во основа се категоризира како писмено и неписмено. Лицата кои знаат да читаат и пишуваат се сметаат за писмено население и обратно. Во анализата на населението според писменост се земаат само лицата кое има петнаесет и повеќе години.

Писмените лица во продолжение се категоризираат според завршената школска подготовка (население без образование, незавршено основно образование, основно, средно, високо образование, магистратура, докторат и непознато).

| Вид на образование | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| основно | 4774 | 2505 | 2269 |
| средно | 1672 | 832 | 840 |
| високо | 1678 | 712 | 966 |
| магистратура | 150 | 56 | 94 |
| докторат | 12 | 2 | 10 |
| Не посетува образование | 38017 | 18683 | 19334 |

Вкупно резидентно население на возраст од 5+ години во формалното (редовно) образование, според степенот на образование, пол и возраст, по општини, Попис, 2021

**Природното движење на населението** е тесно зависно од одликите на наталитетот, морталитетот и виталниот индекс на населението .

Стапката на **наталитет**, или стапка на раѓање, за даден период е вкупниот број на живи раѓања на луѓе на 1.000 население поделен со должината на периодот во години. Бројот на живородени родени вообичаено се зема од универзален систем за регистрација на раѓања; брои население од попис и проценка преку специјализирани демографски техники. Стапката на наталитет (заедно со стапката на смртност и преселба) се користи за пресметување на растот на населението. Проценетото просечно население може да се земе како население од средината на годината

Од долу дадената табела може да се забележи дека нема некоја голема разлика во стапката на наталитет за последните две години во Општина Струмица.

| Т-03: Родени деца, живородени деца според полот, брачната состојба и местото на раѓање<br>T-03: Births and live births according to sex, marital status and place of birth | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Струмица | Вкупно родени<br>Total births | Живородени / Live births | | | | | | | Municipality |
| | | вкупно живородени<br>Total live births | пол / Sex | | брачна состојба / Marital status | | место на раѓање / Place of birth | | |
| | | | машки<br>Male | женски<br>Female | во брак<br>Legitimate | вон брак<br>Illegitimate | во здравствена институција<br>In medical institution | на друго место / Elsewhere: со стручна помош<br>attended by health personnel | без стручна помош<br>not attended by health personnel | |
| **2022** | 479 | 474 | 238 | 236 | 386 | 88 | 474 | - | - | |
| **2021** | 487 | 480 | 244 | 236 | 388 | 92 | 480 | - | - | |

**Морталитетот** претставува негативна компонента на природното движење на населението, која се однесува на бројот на умрени лица во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Струмица во последните две години стапката на морталитет има тенденција на намалување за наведениот период. Исклучок се годините на Ковид пандемијата каде бројот на умрени лица значително беше повисок во однос на периодот пред пандемијата.

| Т-03: Умрени и умрени доенчиња во 2022 година<br>T-03: Deaths and infant deaths, 2022 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Струмица** | Вкупно Total | | Умрени доенчиња Infant deaths | | Лекувани пред смртта Medically treated before death | | Умрени во здравствена установа Deaths in medical institution | **Municipalities** |
| | вкупно Total | машки Male | вкупно Total | машки Male | вкупно Total | доенчиња Infant | | |
| **2022** | 675 | 372 | 1 | - | 622 | 1 | 238 | |
| **2021** | 830 | 418 | 3 | 3 | 779 | 3 | 397 | |

Природниот прираст претставува најважен демографски елемент кој ја покажува разликата меѓу родените (наталитет) и умрените лица (морталитет) во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007).

**Поимот миграции** подразбира просторно движење и територијално преразместување на популацијата, односно преселување на населението од едно место на друго.

**Имиграција.** Доселувањето на население во општина Струмица е пред се од околните населени места и помали градови поради подобрите услови за живот и повеќе можности за избор на работни места како и постојаниот економски и социјален подем на општината.

Општина Струмица е административен центар со високо развиени образовни и културни институции и нуди добар прсперитет за младите лица. Во 2022 година во Општина Струмица има доселено вкупно 266 лица од кои 50 се мажи а 216 се жени.

**Емиграција.** Процесот на иселување на населението од одредено место уште се нарекува и емиграција. Емиграцијата ва Општина Струмица е најзастепена во ридско планинските места каде има лоша патна и институционална инфраструктура и каде природните услови се неповолни за стопанисување. Во 2022 година од Општина Струмица има иселено вкупно 184 лица од кои 27 се мажи а 157 се жени. Иселувањето ако е во границите на нашата држава најчесто е во главниот град Скопје поради можноста за поголем просперитет или надвор од границите на државата нашите сограѓани често заминуваат во Германија, Швајцарија, Холандија и др. европски држави а поретко во прекуокенаските држави.Според податоците се забележува дека во емигрантите поголемо учество има женското население кај кое една од главните причини за отселување е склучувањето на брак.

Според возраста најмногу се отселува работоспособното население од 15-45 години а во последните години има промена и во образовниот профил кај лицата што се иселуваат па така од најчесто застапените лица со средно образование се зголемува и бројката на лица кои се иселуваат со високо образование. Тоа е така бидејќи на луѓето не им се допаѓаат моменталните случувања во општеството како на политички така и на економски, социјален, здравствен план.

**Етничка група**, **етнос** или **народ** е различна група на луѓе кои се идентификуваат едни со други врз основа на вистинско или наводно заедничко наследство - биолошко потекло,историја, раса, родствени врски, религија, јазик, култура, територија, националност или изглед. Религијата е важен, но не е задолжителен елемент за формирањето на еден етнос.

| Струмица | Пол | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 49 995 | 38 949 | 22 | 3 927 | 218 | 10 | 99 | 3 |
| мажи | 24 701 | 19 094 | 4 | 2 006 | 112 | 4 | 51 | - |
| жени | 25 294 | 19 855 | 18 | 1 921 | 106 | 6 | 48 | 3 |

Етничка структура според Попис 2021 година

Од овој податок се гледа дека доминира македонското население во цело подрачје, а после него најзастапено е турското население кое во градот е лоцирано во Турската маала, а исто така турски жители има и во некои населени места.

## Пазар на трудот

**Активноста на населението** е економска и демографска категорија и опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, вработени и невработени лица.
Попис на население 2021 година Општина Струмица

| Работоспособно население на 15 години и повеќе | Број | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Работоспособно население - лица | 41544 | 20298 | 21246 |
| Активно население | 32398 | 16184 | 16214 |
| Активно население - вработени | 17590 | 9586 | 8004 |
| Активно население - невработени | 1707 | 935 | 772 |
| Неактивно население | 19603 | 8466 | 11137 |
| Непознато | | | |

Според податоците од Табелата од Пописот 2021 бројот на вработени лица е 90, 28% во однос на невработени лица, а учеството во работоспособно население е 42,34%. Невработените лица се 4,1% од работоспособно население.

| | 2021 Попис | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени |
| Невработени лица | 1707 | 935 | 772 |
| Невработени лица според возрасна структура | | | |
| 15-19 | 87 | 54 | 33 |
| 20-24 | 205 | 113 | 92 |
| 25-29 | 207 | 108 | 99 |
| 30-34 | 178 | 94 | 84 |
| 35-39 | 206 | 119 | 87 |
| 40-44 | 168 | 94 | 74 |
| 45-49 | 165 | 82 | 83 |
| 50-54 | 178 | 87 | 91 |
| 55-59 | 188 | 104 | 84 |
| 60 | 115 | 72 | 43 |
| 65+ | 10 | 8 | 2 |

Според податоците на невработени лица според возраста најмал број на невработени согласно податоците од Попис 2021 се со возраст од 15-19 години (5% ) а поголем број се со возраст од 20-39 години(46,63%).

| | 2021 Попис | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени |
| Невработени лица | 1707 | 935 | 772 |
| Невработени лица според школска подготовка | | | |
| Без образование | 57 | 33 | 24 |
| Незавршено основно образование | 141 | 77 | 64 |
| Основно образование | 408 | 247 | 161 |
| Завршено средно образование | 857 | 467 | 390 |
| Високо образование | 224 | 103 | 121 |
| Магистри на науки | 19 | 8 | 11 |
| Доктори на науки | 1 | | 1 |

Според податоците за невработени лица според школската подготовка, најголем број се со завршено средно образование, односно 50,2%.

Следните табели содржат податоци на активни баратели на работа, невработени лица евидентирани во Центарот за вработување Струмица и тоа според: возрасна структура, школска подготовка, време на чекање на вработување, национална структура и невработени инвалидни лица според возрасна структура.

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3738 | 1943 | 3232 | 1680 | 3067 | 1562 |
| Невработени лица според возрасна структура | | | | | | |
| 15-19 | 148 | 72 | 102 | 50 | 104 | 38 |
| 20-24 | 432 | 234 | 334 | 186 | 359 | 185 |
| 25-29 | 394 | 203 | 308 | 159 | 292 | 155 |
| 30-34 | 378 | 204 | 329 | 182 | 284 | 144 |
| 35-39 | 350 | 187 | 301 | 170 | 276 | 145 |
| 40-44 | 407 | 219 | 379 | 205 | 332 | 182 |
| 45-49 | 383 | 195 | 360 | 170 | 359 | 183 |
| 50-54 | 348 | 177 | 329 | 169 | 310 | 153 |
| 55-59 | 473 | 241 | 424 | 223 | 390 | 211 |
| 60 | 425 | 211 | 366 | 166 | 361 | 165 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени евидентирани лица во Центарот за вработување во 2023 година е намален за 18% во однос на 2021, а во однос на 2022 година за 5,1%. Бројот на евидентирани невработени мажи и жени е приближно ист, отстапува за незначителен процент е поголем бројот на евидентирани невработени жени (2021-51,19%; 2022-51,98%; 2023 -50,92%). Во однос на возрасната структура е приближно ист во сите, најмал број на невработени евидентирани лица се на возраст од 15-19 години, но тука е поради тоа што сеуште на ова возраст се ученици во средни училишта или почетни студии.

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3738 | 1943 | 3232 | 1680 | 3067 | 1562 |
| Невработени лица според школска подготовка | | | | | | |
| Без образование и со основно образование | 2767 | 1414 | 2389 | 1218 | 2293 | 1151 |
| Непотполно средно образование | 231 | 112 | 194 | 84 | 160 | 68 |
| Завршено средно образование | 538 | 301 | 470 | 260 | 454 | 252 |
| Више образование | 30 | 11 | 20 | 7 | 25 | 10 |
| Високо образование | 157 | 94 | 137 | 92 | 118 | 70 |
| Магистри на науки | 14 | 10 | 21 | 18 | 17 | 11 |
| Доктори на науки | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица без образование и со основно образование е најголем, односно во 2023 е 2.293 евидентирани невработени лица, односно 74,73%.

| | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3232 | 1682 | 3067 | 1562 |
| Невработени лица според време на чекање на вработување | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Под 1 месец | 372 | 204 | 111 | 58 |
| Од 1 до 5 месеци | 309 | 161 | 377 | 191 |
| Од 6 до 11 месеци | 200 | 100 | 287 | 136 |
| Од 12 до 17 месеци | 163 | 99 | 228 | 110 |
| Од 18 до 23 месеци | 193 | 101 | 121 | 58 |
| 2 години | 589 | 318 | 263 | 150 |
| 3 години | 687 | 466 | 475 | 257 |
| 4 години | 157 | 51 | 590 | 406 |
| 5 до 7 години | 350 | 113 | 337 | 111 |
| 8 години и повеќе | 212 | 67 | 278 | 85 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица кои чекаат на вработување повеќе од 4 години е најброен – 590 лица, односно 19,23%, а од нив најбројни се жени невработени – 406 лица, односно 68.81 %.

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3738 | 1943 | 3232 | 1680 | 3067 | 1562 |
| Невработени лица според национална припадност | | | | | | |
| Македонци | 1953 | 1021 | 1687 | 872 | 1584 | 801 |
| Албанци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Турци | 1719 | 882 | 1492 | 773 | 1430 | 733 |
| Роми | 49 | 31 | 39 | 27 | 33 | 21 |
| Срби | 6 | 3 | 4 | 3 | 5 | 3 |
| Власи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 11 | 6 | 10 | 5 | 15 | 4 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица од македонска, турска и ромска година опаѓа, согласно опаѓањето на вкупниот број, а додека бројот на невработени лица од српска националност е приближно ист. Најголем број на евидентирани невработени лица се Македонци, односно 52,24%, а потоа следува бројот на евидентирани невработени Турци 45,98% во однос на вкупниот број.

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3738 | 1943 | 3232 | 1680 | 3067 | 1562 |
| Инвалидни невработени лица според вид на инвалидност:Вкупно | 14 | 7 | 8 | 4 | 12 | 5 |
| Воен инвалид | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Инвалид на трудот | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| Пречки во видот | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Телесна инвалидност | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| Лица со пречки во развојот | 2 | 1 | 4 | 2 | 4 | 3 |
| Лица со повеќе видови инвалидност | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | | | | | | |
| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 3738 | 1943 | 3232 | 1680 | 3067 | 1562 |

| Невработени инвалидни лица според старосна структура | 14 | 7 | 8 | 4 | 12 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15-19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20-24 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| 25-29 | 2 | 1 | 2 | 1 | 4 | 3 |
| 30-34 | 6 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 |
| 35-39 | 1 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 |
| 40-44 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 45-49 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 50-54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55-59 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 60 | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 |

Според податоците дадени за 2022 година, невработените инвалидни лица ги има во сите возрасни групи, но според школската подготовка без образование и со основно образование, како и со непотполно средно образование изнесува 10 лица, односно 55,56% од вкупниот број на невработени инвалидни лица.

***<u>Пензионирање</u>***

Според податоците кои ги добивме од Здружението на пензионери Струмица, заклучно со 30.10.2023 година во Општина Струмица има 9206 пензионери – членови на здружението од кои 4327 се мажи и 4879 се жени.

| Ред. Број | Вид на пензија | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи |
| 1 | Инвалидска | 854 | 409 | 445 | 787 | 386 | 401 | 771 | 382 | 389 |
| 2 | Семејна | 3060 | 2822 | 238 | 3001 | 2757 | 244 | 2910 | 2666 | 244 |
| 3 | Старосна | 8824 | 3536 | 5288 | 8997 | 5348 | 3649 | 9180 | 5378 | 3802 |
| | Вкупно | 12738 | 6767 | 5971 | 12785 | 8491 | 4294 | 12861 | 8426 | 6011 |

Извор:Фон за Пензиско и Инвалидско Осигурување на Република Северна Македонија

Во Фонд за ПИОМ, бројот на пензионери континуирано расте но во мал процент. Најголем број на пензионери во 2023 година се во категорија со старосна пензија - 9.180 (71,37%) пензионери, потоа следува со семејна пензија 2910 (22,63%), а најмал број се корисници на инвалидска пензија – 771 (5,99%). Вкупниот број на пензионери е во незначителен број зголемен и може да се констатира дека е константен во анализираните години бидејќи во 2023 година во однос на 2021 година е зголемен за 1%, а во однос на 2022 година за 0, 9%.

## Економски аспекти

Општина Струмица се простира во југоисточниот дел на Македонија во близина на соседните земји Грција и Бугарија.

Со површина од 8.130 хектари обработливо земјиште, Струмица е најголемиот земјоделски регион во земјата, лидер помеѓу земјоделските производители во Македонија и најголем извозник на земјоделски производи.

Постојаните заложби за подобрување на условите во кои се одгледуваат земјоделските производи, за здрава и чиста животна средина, доведоа до добивање на Сертификатот ИСО 14001:2004, кој е доказ за високиот квалитет при управувањето со животната средина.

Успешното и квалитетно управување со процесите во општината резултираше со сертификатот ИСО 9001:2008, што само по себе е показател за високото ниво на транспарентност и вложувањето на континуирани напори за зголемување на ефективноста и ефикасноста на општинските услуги.

Ако на сето ова го додадеме и Сертификатот за поволно деловно опкружување, што ја прави Струмица,,Business Friendly Municipality”, ќе заклучиме дека општината е посветена и динамично дејствува во сите сфери на општеството.

Покрај земјоделството, развиени се и функционираат повеќе индустриски гранки, како прехранбена индустрија,дрвна, текстилна, градежна и метална индустрија.

Исто така, општина Струмица има богато развиена трговска мрежа, што ја прави главен трговски центар во Југоисточниот регион на земјата и пошироко. Додека пак, широката мрежа на ресторани, хотели и кафулиња, богатиот културен живот и надалеку прочуениот ,, ноќен живот“, придонесуваат за тоа Струмица да биде дестинација на многу туристи.

Развиената деловна инфраструктура и можностите за развој на бизнис ја прават општината идеално инвестициско подрачје. Б1 кредитниот рејтинг, доделен од страна на меѓународната агенција Moody’s Investors Services, како резултат на добрите финансиски резултати на општината, нејзината соодветна ликвидност и непостоењето на директен долг, е одраз на успешното менаџирање и успешните оперативни резултати кои ги постигнува Струмица подолг временски период.

Силна економска развиеност, создавање на атрактивна бизнис дестинација и квалитетен живот за граѓаните отсекогаш биле во фокусот на општината. Токму затоа, Струмица е синоним за посветена, прогресивна и успешна општина. Како една добро поздравена одлука е и одлуката за намалување на комуналната такса за изградба на производствени погони. Инвеститорот кој е решен да придонесе за развој на стопанството и бизнис секторот, Општина Струмица му овозможува намалување на комуналната такса, се со цел да ги поттикнат да се развиват со зголемена динамика и правци кон кои тежат сите европски земји. https://strumica.gov.mk/povolnosti-pri-investiranje/

Поволност која е предност инвеститорот да да ја избере Струмица како дестинација за инвестирање е неодамна имплементираниот проект за Гасификација на Струмица со природен гас, со што Струмица стана прва општина во Македонија која е гасифицирана преку виртуелен гасовод. Има гасоводна мрежа до речиси сите индустриски зони и ЈП Струмица Гас нуди поволности за потенцијалните инвеститори кои се заинтересирани за приклучување кон гасоводниот систем, бидејќи природниот гас е најекономичниот и еколошки најдобар енергенс.

***<u>Бројот на активни деловни субјекти по сектори според последниот попис во 2021 година е даден во следната табела:</u>***

| Дејност | Број на деловни субјекти по сектори | Број на деловни субјекти по сектори | Број на деловни субјекти по сектори |
|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 67 | 65 | 63 |
| Рударство и вадење камен | 8 | 8 | 8 |
| Преработувачка индустрија | 290 | 259 | 240 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 4 | 3 | 6 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 9 | 8 | 6 |
| Градежништво | 122 | 122 | 124 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка | 988 | 940 | 906 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на моторни возила и мотоцикли | | | |
| Транспорт и складирање | 134 | 119 | 122 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 144 | 149 | 147 |
| Информации и комуникации | 50 | 49 | 57 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 17 | 19 | 19 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 12 | 12 | 14 |
| Стручни, научни и технички дејности | 265 | 257 | 266 |
| Административни и помошни услужни дејности | 44 | 41 | 42 |
| Јавна управа и одбрана ,задолжително социјално осигурување | 4 | 4 | 3 |
| Образование | 39 | 38 | 38 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 113 | 112 | 117 |
| Уметност, забава и рекреација | 49 | 41 | 27 |
| Други услужни дејности | 182 | 148 | 98 |
| **Вкупен број на активни претпријатија** | **2541** | **2394** | **2303** |

| Број на вработени | Без вработени и со неутврден број | 1-9 вработени | 10-19 вработени | 20-49 вработени | 50-249 вработени | 250 + вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на претпријатија | 154 | 1887 | 126 | 88 | 44 | 4 |

Бројот на компаниите (по големина) дадени се во следната табела:

| Општина | година | микро | мали | средни | големи | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Струмица** | 2020 | 1528 | 814 | 33 | 19 | 2394 |
| | 2019 | 1693 | 800 | 30 | 18 | 2541 |
| | 2018 | 1582 | 817 | 28 | 15 | 2442 |

Од дадените податоци се гледа дека има намалување на бројот на активни претпријатија од 2394 во 2020 година на 2303 во 2021 година.

Во 2019 година Одделението за ЛЕР направи Анализа на бизнис заедницата во општина Струмица. Според оваа анализа стопанствениците се главно задоволни од бизнис опкружувањето на нашата општина и како позитивни фактори ги наведуваат:

- Стабилна бизнис клима;
- Пристап на поголем пазар без царини или други пречки;
- Учество во ЕУ програмите.

Меѓу негативни фактори спомнати од фирмите спаѓаат:

- Повисоки трошоци за работна сила;
- Силна конкурентност;
- Инвестиции за прилагодување кон новите услови.

Тие исто така беа прашани кои услуги локалната самоуправа би требало да ги обезбеди на бизнис секторот. Еве ги услугите кои беа понудени и нивните одговори во графиконот подолу.



Фирмите го оценуваа и квалитетот на општинските услуги. Собирањето отпад доби најдобра оценка. Добра и просечна оценка има: посредување при издавање дозволи и одобренија за градба, посредување при издавање на дозволи и други прописи за стопанисување, подршка на мали и средни претпријатија и развој на инфраструктура. Незадоволителна оценка најмногу е дадено на одржување на патишта и заштита на животната средина. Останатите одговори се без коментар.




- **Зона Север** - Вкупната површина на целата зона е 511 680м 2 . Сопственоста на парцелите е 15% државна, а 85% приватна. Зоната располага со пристапни патишта, осветлување,канализациска мрежа, гасоводна мрежа и трафостаница.
- **Индустриска зона Сачево** - 408,400 м2-во фаза на градба е целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта).

- **Индустриска зона Агроберза** - 153,000 м2. Располага со добра инфраструктура со водовод,канализациска мрежа, гасоводна мрежа,трафостаница, пристапни патишта,осветлување
- **Урбан блок 17 и 17А** - 314,500 м2. Располага со добра инфраструктура со водовод,канализациска мрежа, гасоводна мрежа,трафостаница, пристапни патишта,осветлување
- **Урбан блок 19** - 267,700 м2. Располага со добра инфраструктура со водовод,канализациска мрежа, гасоводна мрежа,трафостаница, пристапни патишта,осветлување
- **Блок 15** - 126,800 м2. Располага со добра инфраструктура со водовод,канализациска мрежа, гасоводна мрежа,трафостаница, пристапни патишта,осветлување
- **Урбан блок 42** - 135,000 м2. Располага со добра инфраструктура со водовод,канализациска мрежа, гасоводна мрежа, трафостаница, пристапни патишта,осветлување.

***Индустриски капацитети во Општина Струмица***

- Во Општина Струмица постои релативно развиена индустрија и тоа за преработка и повисока финализација на примарно земјоделско производство, кланици и конзумни млекарници во приватниот сектор, како и капацитети за конзервирање и пакување на земјоделски производи. Најзастапена индустриска гранка е текстилната - лесна конфекција со лон систем. Истовремено оваа гранка вработува најголем дел од работоспособното население. Застапена е и мелничко-пекарската индустрија, како и занаетчиско-слаткарски работилници. Дрвната индустрија е преставена преку повеќе производствени капацитети кои произведуваат мебел, столарија и дрвена амбалажа. По распаѓањето на единствениот дрвно-преработувачки капацитет на територијата на Општина Струмица- “ДИЈОС” Струмица се формираа повеќе капацитети кои се занимаваат со примарна и финална обработка на дрво, како и производство на мебел. На овие простори имаме и повеќе капацитети на металопреработувачката и електронската индустрија, додека градежништвото е во постојан подем. Во Општина Струмица егзистира фабрика за производство на тули Еленица.
- Металопреработувачката е застапена преку микро производните капацитети со следниве производи: пресувани делови и производство на метална галантерија од лим, каси, сефови, сигурности врати, противпожарни ормари, алуминиумска браварија итн.
- За преработка и повисока финализација на примарното земјоделско производство постојат капацитети за производство на конзервиран зеленчук, преработка на млеко и производство на млечни производи, мелничко-пекарска индустрија, мини производствени погони за производство на слатки и слично.

***Туристичките потенцијали и туристичката инфраструктура***

**Туристичко – географска положба на струмичкиот регион**

Струмичкиот регион се карактеризира со одредени функционални белези на неговата туристичко-географска положба, при што треба да ги истакнеме неговата транзитивност, контактност и поливалентност.Транзитивноста и контактноста, кои овој регион ги поседува, пред се , произлегуваат од неговата место положба во крајниот југо-исток на Р.Македонија, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници на нашата земја со Р.Бугарија и Р.Грција. Од

особено значење, за транзитивноста на овој регион неговата сообраќајна поврзаност кон Р.Бугарија преку граничниот премин Ново Село и со меѓународната магистрала по долината на реката Вардар.

Контактноста на струмичкиот регион се согледува преку неговото граничење со Бугарија и Грција и преку отвореноста на нашата земја кон соседите и воопшто кон другите држави.

Поливалентноста пак на овој регион треба да се нагласи дека таа е содржана во вредностите кои се елементи на овој регион. Испреплетеноста на природните и атропогените форми овозможува изразита содржајност при престојот на туристите. Имено, природните вредности во овој регион имаат рекреативни, куриозитетни и естетски карактерестики, додека антропогените елементи кои доминираат во просторот претставуваат значајно знаменито и естетско надополнување.

Од досега изложеното произлегува дека струмичкиот регион се карактеризира со туристичко географска положба која претставува одредена туристичка вредност и важен фактор за туритичкиот развој

Струмичкиот крај е богат со мошне вредни, па и униктни културно-историски споменици од времето на антиката па се до денес. Некои од нив се добро зачувани, а други се реставрирани, конзервирани или реконструирани. Покрај пронајдената ќерамика и други предмети од доцниот неолит, еден од најстарите делумно сочувани споменици од римскиот период е Римската терма во Бања Банско, во непосредна близина на хотелот "Цар Самуил" откриена во 1978 год. Бањата ја користела топлата минерална вода во Банско, чиј извор се наоѓа над термата. Овој објект, несомнено, бил термо-балнеум, и тоа еден од најстарите на Балканот.

Еден од најпрепознатливите белези на општина Струмица е археолошкиот локалитет ,,Цареви Кули. Тврдината се наоѓа на југозападната страна на Струмица, на зарамнето плато на врвот од ридот, кој стрмно се издига над градот и од каде има добра прегледност и контрола врз целата струмичка котлина. На надморска висина од 445 метри, стрмните страни овозможувале платото лесно да се брани дури и кога не би било утврдено. Денес се видливи остатоците од пониското и тврд бедем на предградието, а највисокиот дел од изохипсите ја сочувал акрополата.

Од ***меморијалните споменици*** може да се набројат:

- Споменик на петте струмички студенти-Се наоѓа во малиот градски парк. Посветен е на петте струмички студенти (Борис Велев, Ѓорѓи Јармов, Ѓорѓи Костуранов, Мирко Пецев, Стево Топчев), кои биле убиени во 1951 година…."
- Меморијален центар Благој Јанков Мучето-Меморијалниот Музеј е отворен на 14.07.1964 година, годишнина од загинувањето на херојот.
- Спомен Костурница-Изградбата започна 1979 година, а на 04.07.1982 година со свечен чин се пренесени моштите на загинатите борци во НОВ и положени во саркофагот.
- Споменик Македонија - Спомеников е изграден во чест на нашиот сограѓанин, трагично загинатиот претседател на Република Македонија, Борис Трајковски. Автор на скулптурата "Македонија" е познатиот Руски скулптор од светски глас Григориј Потоцки.
- Струмин гроб-Средновековен гроб, се наоѓа на 3 км западно од Струмица, во близина на с.Баница. Гробот има мавзолеен изглед и се состои од 9 слоеви делкан бигор.

***Музеи, библиотеки и галерии***

На територијата на Струмица, денес постојат следниве културни институции: Национална установа-центар за култура ,,Антон Панов" , НУ Завод за заштита на спомениците на култура и музеј, Општинска матична библиотека ,,Благој Јанков Мучето".

Во 2021 година се отвори и градска уметничка галерија . Галеријата е сместена во дел од скривницата на плоштадот Гоце Делчев и има корисна површина од 319 метри квадратни. Покрај изложбениот простор галеријата има депо за слики, дневно депо, канцеларија, бифе и простор за седење.

***Религиозни објекти***

Од религиозните објекти на територијата на општината има три католички цркви, седум џамии, три евангелистичко-методистички цркви и регистрирани се над 50 објекти од православен карактер (цркви и манастири).

Најпознати и најмногу посетувани религиозни објекти од туристи се:

- Комплексот цркви "Св.15 тивериополски маченици" во Струмица е една од најстарите ранохристијански базилики на Балканот. Со неа е сврзано народното предание за 15-те христијански маченици дојдени од Тивериопол. Ископувањата покажаа дека "Св. Петнаесет" всушност претставува комплекс на цркви од различни временски периоди, и тоа: претхристијанска, ранохристијанска базилика, крстообразна црква и нејзината подоцнежна обнова.
- Манастирската црква во Вељуса "Св. Богородица Елеуса"(Милостива), според архитектонското решение, е единствената градба од таков вид во Македонија од периодот на 11 век. Црквата е навистина мала по размери и речиси четвртаста, чија основа има форма на детелина со четири листа. И во целост претставува исклучително вреден и би, рекле, луксузен уметнички објект од висок стил.
- Манастирската црква ,,Св.Леонтиј" во с.Водоча која најверојатно потекнува од времето на Цар Самоил, била седиште на Струмичката епископија.
- Во непосредна близина на Банско е изградена црквата "Св. 40 Севастиски маченици". Се смета дека настанала по пропаѓањето на Самоиловата држава, односно во 11 12 век. Црквата е разрушена и од неа денес можат да се видат само незначителни остатоци, а не се знае нејзиниот китор, но со голема веројатност се претпоставува дека таа била епископско седиште.
- Недоволно испитан и обвиен со тајни е и манастирот "Св. Илија" кој се наоѓа на околу 4 km јужно од градот. Во манастирот се пронајдени икони со старост од околу 350 години, поради што се претпоставува дека тој датира од крајот на 16 или од почетокот на 17 век. Тука е пронајдена и камен плоча со старословенско писмо, која, доколку не е дополнително донесена, укажува на можноста и овој манастир да е приближно стар како Водочкиот и Вељушкиот.

***Настани и манифестации***

Општина Струмица организира значајни културни манифестации, со долга традиција кои привлекуваат домашни и странски посетители .

*Струмички карневал*

Карневалот претставува еден остаток од еден култ од паганското време и во суштина ги означува славењето на плодноста и прочистувањето од сенишните енергии на секојдневието.Од 1991 година, па до сега е воспоставена организирана форма на карневалот. Во 1994 година, Струмица станува член на ФЕЦЦ (федерација на европски карневалски градови), а во 1998 година беше домаќин на XIX интернционален конгрес на карневалски градови. Свеченото отварање на карневалот се случува во петок вечер со маскенбал на кој се избираат Принцот и Принцезата. Во сабота е главната карневалкса вечер, а во неделата се одржува детскиот карневал.На карневалот покрај учесниците од земјава , учествуваат и групи

од странство и се доделуваат поединечни и групни награди на слободни и изворни теми. Во рамките на карневалот од 2000 година се одржува фестивалот за карикатури и афоризми

*Ликовна колонија*

Меѓународната струмичка ликовна колонија се организира од 1964 година на иницијатива на Кочо Урдин, а од 1969 прераснува во меѓународна манифестација. Таа се оддржува секоја година од 1 до 20 август. Најмногу учесници на колонијата имало 1964 г. – 34, а најмалку 1965 г. и 1967 г. – 11 учесници. Во просек на колонијата учествуваат од 16 до 25 уметници од земјата и од странство. Секој уметник е должен да создаде две дела за време на колонијата. Тематски, уметниците не се ограничени.

*Фестивал на камерен театар ,,Ристо Шишков*

Се одржува од 1993 година во чест на великанот на македонското актерство, Ристо Шишков. Од 2005 година фестивалот е со меѓународен карактер. Фестивалот започнува на 8 септември, а бројот на театарски претстави и времетраењето на фестивалот се менуваат секоја година.

*,,Астер Фест"*

Фестивалот "Астерфест" започна да се одржува од 2005 година. Фестивалот од 2006 година има натпреварувачки карактер и во програмата "Астердокс" се доделуваат три награди за документарни филмови над 30 минути: златна, сребрена и бронзена потковица. Покрај овие награди се доделува и специјална награда "Златен стар проектор" и награда за високи достигнување во областа на филмот "Астер". На фестивалот земаат учество професионални филмски автори, кои живеат или се родени во југоисточна Европа. На фестивалот се прикажуваат кратки и долги проектирани содржини.

***Природни убавини и потенцијали***

Струмичкиот микро регион е познат по многуте природни убавини што ги поседува. Така, како најпосетувани туристички атракции се Смоларски водопади, Колешински водопади и Габровски водопади, како и Моноспитовско блато.

- ✓ ***Смоларски водопад*** се наоѓа во непосредна близина на селото Смоларе, во Општина Ново Село, на планината Беласица, на надморска висина од 600 метри. Тоа е објект со височина од околу 35 метри. На дното од водопадот е формиран џиновски лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода изнесува пет метри, широчината му е 11 метри, а длабочината е околу половина метар. До него има изградена пристапна патека и уреден локалитет за посетители со туристичко-рекреативна функција.
- ✓ ***Колешински водопад*** -Се наоѓа во долниот тек на реката Баба, на надморска висина од 500 метри, на планината Беласица, а на територија на Општина Ново Село. Има височина од 15 метри и широчина на падот од околу шест метри. Според настанувањето, се вбројува во тектонски водопади. Во непосредна близина од околу 100 метри, се наоѓаат уште неколку помали водопади и слапови распоредени во низа со височини до околу пет метри.
- ✓ ***Габровски водопади -*** Во непосредна близина на Колешинскиот и на Смоларскиот Водопад, во пазувите на планината Беласица, на територија на Општина Струмица скриени од очите на јавноста се наоѓаат Габровски водопади. Сместени се веднаш над селото Габрово, по кое и го добиле името. На оддалеченост од еден километар има три помали

водопади, високи од 4 до 8 метри, а нивната чиста ледено студена вода истекува меѓу дебелите и разгранети буки. Слапот од највисокиот водопад се прекршува во средниот, а тој во најмалиот и заедно истекуваат покрај последната куќа од селото Габрово. Самото прекршување и паѓање на водата од еден во друг водопад е тоа што ги прави интересни и различни од двата веќе добропознати водопади во овој крај.

- ✓ ***Моноспитовско блато -*** големо мочуриште, кое се наоѓа десетина километри североисточно од Струмица , на теритија на Општина Босилово во долината на Стара Река која заедно со Струмица и реката Турија се разлива низ Струмичката котлина . Се претпоставува дека блатото е остаток од некогашното големо езеро кое настанало пред дваесет милиони години во време кога се формирало Егејското копно, а подоцна истекло кон Егејското Море.

**Геотермален потенцијал**

Општина Струмица е една од ретките општини во Република Македонија, која располага со голем потенцијал на геотермални води чиј квалитет и квантитет е недоволно истражен. Во регионот има 5 термоминерални извори, со температура од 71 °C на главниот извор и 56 °C на останатите.

Со најзначаен геотермален капацитет во општина Струмица располага геотермалното поле Банско. Од изобилството на топли подземни води стручно каптиран е само изворот „Парило" од кој се испумпуваат 53 литри во секунда со температура од 72°C. Температурата на водата во изворот не се менува во текот на годината, што докажува дека водата потекнува од голема длабочина и е без атмосферски влијанија. Искористувањето на геотермалните води во земјоделството-оранжерии, за развивање на банскиот туризам и како топлотна енергија претставува значаен економски потенцијал

***Сместувачки капацитети***

За развојот на туризмот во Струмица големо значење и улога имаат и сместувачките и угостителски капацитети. Градот располага со неколку хотели, кои се нови и реновирани и може да пружат задоволителни и добри услуги:

**„Хотел Самоил" с.Банско**

Медицинско-хотелскиот комплекс е во процес на целосна реконструкција со цел комплетно да се модернизира и да ги обезбеди сите највисоки стандарди за користење на сите природни благодети во неговото опкружување.

Во рамки на комплексот веќе комплетно функционира ПЗУ „Белиот Цвет" како дел од амбулантите за ортопедија и интервенции, со посебна амбуланта за постурална анализа каде ексклузивно и за прв пат во Македонија е достапен GPS постурален анализатор Leonardo, што оваа ординација ја прави единствена од ваков вид во нашата земја.

Други хотели:

- Хотел ,,Илинден" -0,33 км оддалеченост од центарот на градот - има конференциска сала и ресторан;
- Хотел ,,Сириус" - кој се наоѓа наоколу 2 км од центарот на градот и истиот има надворешен базен, конференциски сали, мали и големи и голема свечена сала;
- Хотел,,Централ" се наоѓа во самиот центар на градот и располага со конференциска сала, бар;
- Хотел ,,Глигоров" се наоѓа на 600 м оддалеченост од центарот на градот;
- Мотел ,,Подгорски Ан" во с.Колешино;
- Хотел,,Вила Парк" - кој се наоѓа во градскиот парк и многу други приватни апартмани.

Според статистички податоци во месеј јули 2023 градот и околните места го посетиле 807 домашни туристи кои вкупно престојувале 3106 ноќевања и 511 странски туристи кои престојувале 758 ноќевања.

Во градот работат и повеќе туристички агенции како Атлантис, Сафари, Нова травел, Лагуна травел, Лагуна Џет и др.

Извесен број туристи и нивните ноќевања, сепак, остануваат неопфатени, поради непријавувањето на гостите, претежно туристи во приватни соби, куќи за одмор и рекреација и оние туристи кои престојувале кај роднини или пријатели.

***Угостителски објекти***

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на Општина Струмица функционираат голем број на ресторани, пицерии и кафе барови.

***Земјоделски ресурси и производи***

Струмичкиот регион е најголем земјоделски производител во Македонија особено на градинарските култури. Во 2017 година од последен објавен извештај на ДЗС со податоци од вкупното производство во Македонија, во општина Струмица биле произведени 58% од краставиците, 32% од доматите, 22% од пиперот и 17 % од зелката. Вкупно земјоделски површини во Општина Струмица според последниот попис на земјоделство од 2017 година на Државниот завод за статистика има 5187,35 ха и тоа по категории на земјиште.

| Категорија на земјиште | Површина во ха |
|---|---|
| Ораници | 4708,25 |
| Овоштарници | 144,55 |
| Лозја | 143.09 |
| Ливади | 134,20 |
| Пасишта | 57,09 |
| Расадници | 0,18 |
| ВКУПНО | 5187,36 |

ЛЕАП на Општина Струмица (2024-2029)

Производството во Струмичкиот регион се реализира на следните површини по култури
и тоа:

| Култура | Произведено во тони во Струмица | Произведено во тони во Македонија | Удел(%) |
|---|---|---|---|
| Грав | 398 | 4867 | 8,18 |
| Грашок | 106 | 1893 | 5,60 |
| Зелка | 23783 | 132821 | 17,91 |
| Домати | 52545 | 159721 | 32,90 |
| Пиперки | 39050 | 175100 | 22,30 |
| Краставици | 29948 | 51532 | 58,12 |
| Бостан | 7331 | 121168 | 6,05 |
| Луцерка | 4738 | 98083 | 4,83 |
| Цреши | 376 | 4061 | 9,26 |
| Бадеми | 24 | 533 | 4,50 |

ЛЕАП на Општина Струмица (2024-2029)

Во Општина Струмица постојат 3 земјоделски пазари за продажба на земјоделски производи на мало и 1 пазар за продажба на земјоделски производи на големо во чиј склоп е и добиточниот пазар.

***Сточарство***

На епизоотилошкото подрачје Струмица егзистираат околу 15.000 грла чупункари (крави, биволи, волови, телиња). Заради усогласување со Европското законодавство на беше донесен Законот за идентификација и регистрација на животните. Со цел реализација на законот на територијата на град Струмица досега е извршено трајно обележување и оматичување на 13.000 говеда.

***Шумарство***

Вкупната површина под шуми во општина Струмица изнесува 18.860 (ha). Високостеблени површини спаѓаат: бука 1.373(ha) или 7,2%, горун - 243(ha) или 1,2%, црн бор - 570(ha) или 3,0%, насади и култури 12(ha) или 0,06% и чтинари 122(ha) или 0,6%. Нискостеблени површини спаѓаат: бука 353(ha) или 1,8%, горун 4.539(ha) или 24%,благун 2.198(ha) или 11,6%, плоскач 6.491(ha) или 34,4%, габер 1.161(ha) или 6,1%, лисјари 1.199(ha) или 6,3% и четинари 30(ha) или 0,1%. Шикари 568(ha) или 3,0%.

Согласно сопственоста 9,2% се во приватна сопственост.Површините на исечени шуми се движат од 228(ha) во 1999година до 315(ha) во 2004 година што е за 38% повеќе. Управувањето со шумите е во надлежност на правните субјекти: Македонски шуми, Струмички слив и Комуналец. Наведените субјекти водат грижа и за репродукција на шумскиот фонд со засадување на садници, со тоа што активно е вклучена општина Струмица и невладиниот сектор.

***Овоштарство***

На територијата на Општина Струмица се застапени разни видови на овошни култури, но најзастапени се сливите и јаболката, а потоа следуваат цреши, праски и ореви. Непосредните податоци се прикажани во следната табела.

| Видови на овошје | Вкупен број на стебла | Број на родни стебла | Вкупно призводство во тони | Кг по стебло |
|---|---|---|---|---|
| Јаболка | 18603 | 17602 | 669 | 38 |
| Круши | 3323 | 3323 | 66 | 20 |
| Сливи | 17020 | 13998 | 350 | 25 |
| Цреши | 13585 | 13585 | 314 | 23 |
| Вишни | 2272 | 2272 | 27 | 12 |
| Кајсии | 3275 | 2775 | 36 | 13 |
| Праски | 10340 | 9900 | 248 | 25 |
| Ореви | 7090 | 6690 | 147 | 22 |
| Бадеми | 3190 | 3190 | 38 | 12 |
| Дуњи | 2267 | 2267 | 45 | 20 |

ИЗВОР ДЗС 2022 ГОДИНА

***Рударство***

Општина Струмица располага со наоѓалишта на неметали. Екслоатацијата на неметалите датира од 1955 година кога е основан рудникот Огражден. Првите ископани количини се употребени во Скопската стакларница. Како резултат на зголемената побарувачка за кратко време процесот на копање на рудата се подобрува. Зголемената побарувачка на неметалите наметнува потреба од осовремување на процесот на мелење на рудата, кој во почетокот се одвивал со примитивни мелници. Во 1968 година е пуштена во работа автоматска мелница така што денес производството во рамките на АД за Неметали "Огражден" - Струмица е ставено во функција на состојбите и побарувањата на пазарот. Енормните резерви на фелдспатна и карбонатна минерална суровина, флексибилноста на постројките за подготовка на истите, како и високиот степен на контролирање на квалитетот на материјалот, овозможуваат потполно задоволување на потребите на купувачи по количина и квалитет.

***ПАРКИНГ***

Во градот Струмица затворен паркинг со кој управува јавното претпријатие "Паркиралишта Струмица" е подземниот паркинг под плоштадот "Гоце Делчев", а сите останати се отворени јавни паркиралишта. Паркирањето во Струмица може да го изведете на затворен или отворен јавен паркинг. Подземниот паркинг работи со капацитет од 82 паркинг места 24 часа на ден, секој ден, додека на отворените јавни паркиралишта капацитетот е 713 паркинг места со работно време од 07:00 до 21:00 часот од понеделник до петок и од 07:00 до 17:00 часот во сабота. Недела и за време на државни празници јавните паркиралишта се бесплатни.

***Проект „Струмица - Паметен вело град"***

Проектот „Струмица - Паметен вело град" е финансиран од Европската Унија преку Програмата „ЕУ за општините", во рамки на кој се реализираат следните активности:

- Мапирање, обележување и изградба на велосипедски патеки на улици и булевари во градот Струмица со вкупна должина од 10.6 км
- Набавка и поставување на паркинзи за велосипеди;
- Обука за одржлива урбана мобилност со велосипед;
- Подготвителни активности за воспоставување и развој на паметен систем за самоизнајмување на велосипеди;
- Спроведување активности за градење на вело-култура во општина Струмица;
- Изработка на сет промотивни материјали и алатки за промоција и видливост на проектот;
- Активности за јакнење на капацитетите и поттикнување на вело-културата кај деца и млади и пошироката јавност.

## Комунална инфраструктура и планирање

### Просторна и урбанистичка планска документација

Согласно одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на Р.С.М., 32/20, 111/23), направена е анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на плановите, по однос на релевантноста и ажурираноста на подлогите и податоците врз основа на кои се изработени донесените урбанистички планови, а со цел да се утврди потребата за отпочнување на постапка за изработка на нова документациона основа и нови проекции на потребите за просторен развој, односно постапки за изменување и дополнување на важечките планови.

Цел на оваа анализа е да се добие јасна слика за состојбите во просторот, како предуслов за изградба на стратегии за планирање правилни мерки за одржлив развој на општината.

**1. Анализа на релевантност и ажурираност на подлогите и податоците**

- **<u>ГУП на град Струмица</u>**

Во 2002 год. донесен е ГУП на град (Усвоен со Одлука бр.07-693/1 од 12.07.2002год). Во 2006 год донесена е Измена и дополнување на ГУП Струмица, плански период 2006-2020 ГУП.(Усвоен со Одлука бр. 07-4826/1 од 18.07.2006год)**,** со кој се оригирани одредени технички недостатоци и пропусти согледани при реализацијата на ГУП-от од 2002 год., а планскиот период на истиот е 2006 до 2020 година.

Подрачјето кое го зафаќа Генералниот урбанистички план е 1061ха, а во текстуалниот дел од истиот опфатот е детално опишан по граници на катастарски парцели. Во Генералниот урбанистички план, градот е е поделен на 9 урбани единици, со вкупно 42 блокови.

Врз основа на одредбите од овој ГУП на градот извршено е планирање на ниво на ДУП на значителен дел од планираните неизградени блокови планирани со проширувањето на планскиот опфат на градот.

Со најновите дигитализирани катастарски подлоги се појавуваат неусогласености помеѓу решенијата во ГУП-от и фактичката состојба на теренот, што претставува пречка при планирањето на ниво на ДУП-ови, особено во делот на трасите на сообраќајниците.

Од аспект на планираните намени со постоечкиот ГУП се дефинирани основни класи на намени кои го прават планот нефлексибилен во процесот на неговото спроведување на ниво на ДУП.

Од аспект на сообраќајната инфраструктура, заради неведените разлики во ажурираните подлоги, се јавуваат проблеми во планирањето и усогласувањето на сообраќајните решенија на ниво на ДУП со фактичката состојба на теренот.

Од аспект на инфраструктура, неопходно е усогласување на планските решенија со фактичката изграденост и плановите на комуналните фирми, како и планирање на инфраструктурна мрежа која ќе одговори на идните потреби на градот.

Според увидот во фактичката изграденост на планскиот опфат на ГУП, планираните површини по одредени намени ги задоволуваат потребите на градот и во наредниот плански период не е согледана потребата од проширување на планскиот опфат.

Од аспект на планираните намени постои потреба од редефинирање на делови од одредни наменски зони на ниво на групи на класи на намени кое ќе овозможи флексибилност при планирањето на ниво на ДУП.

Неопходна е анализа на потребите и условите за проширување на површините со намена урбано зеленило. Според податоците кои ќе бидат добиени од надлежните институции, неопходно е и преиспитување на постоечките површини со намени јавни дејности и институции со потребите на градот.

Планираните површини за енергетика и индустрија во претходниот плански период во значителен степен не се реализирани и од тие причини не е изразена потребата од планирање нови површини со наведената намена.

Од сообраќаен аспект класификацијата на примарната улична мрежа е пречка за реализација на градби во изградените делови од градот каде што не постојат услови и оправданост од планирање на нова секундарна улична мрежа за обезбедување пристап до поедини градежни парцели.

Во тек е постапка за донесување нов ГУП за град Струмица, со плански период од 2023 до 2033 година, со кој е планирано усогласување на увидените недостатоци при досегашното спроведување на ГУП.

- **Детални урбанистички планови**

Деталните урбанистички планови на блоковите кои го зафаќаат изградениот станбен дел од градот се воглавно изготвени во периодот помеѓу 1980 и 1990 година. Во поголемиот дел од градот не се изработени нови планови, усогласени со одредбите од ГУП.

Донесени се 84 детални урбанистички планови, а не се опфатени со планска документација 19% од вкупниот опфат на ГУП на град Струмица.

- **Урбанистички планови за село**

Поголемиот дел од населените места во Струмица се опфатени со планска документација.

Во тек се постапките за донесување на Урбанистички план за село Муртино, Урбанистички план за село Просениково, Урбанистички план за село Вељуса, и Урбанистички план за село Баница.

Досега воопшто не се опфатени со планска документација населените места Раборци, Триводи, Дарламбос, Мемешли, Орманли и Костурино.

Со оваа анализа е опфатена целокупната планска документација со која располага Општина Струмица, а во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Струмица за 2023година, се гледа кои опфати ќе бидат предмет на идно планирање.

**Индустриски зони**

На територијата на општина Струмица ги има следниве индустриски зони:

**Индустриска зона Сачево**

**површина:** 40,84 хектари

**оддалеченост:** 2 км од Струмица

**намена:** незагадувачко стопанство – лесна индустрија, стоваришта, сервиси и др.

**инфраструктура:** изработен детален урбанистички план за ИЗ Сачево, изработен основен проект за одведување на фекални и атмосферски води и обезбедени финансиски средства за негова реализација во 2010 година, изградба на водоводна мрежа (2010 година), поставување на улично осветлување (2010 година).

**Забелешка:** ИЗ Сачево е единствена индустриска зона во државата (после Бунарџик) во која земјиштето е 100 % во сопственост на државата и која располага со сите предуслови за инвестититорот веднаш да започне со градежни работи.




**Индустриска зона Агро берза**

**површина:** 15,3 хектари

**слободни површини за градба:** 10 хектари

**оддалеченост:** 500 м. од центарот на градот

**намена:** агро берза, откупно дистрибутивни центри, стоваришта, лесна индустрија – незагадувачко стопанство.

**дополнителни информации:** изработен детален урбанистички план за ИЗ Агро Берза, изведена фекална и атмосферска мрежа, изведена водоводна мрежа, во фаза на изработка пристапни патишта



**Индустриска зона Куклиш – Свидовица**

**површина:** 20 хектари

**оддалеченост:** 5 км од Струмица

**намена:** лесна индустрија – незагадувачко стопанство.

**дополнителни информации:** Нема изработено детален урбанистички план за ИЗ Куклиш – Свидовица



**Индустриска зона Север**

**површина:** 50 хектари

**оддалеченост:** 1 км од Струмица

**намена:** лесна индустрија – незагадувачко стопанство, сервиси и др.

**дополнителни информации:** изработен детален урбанистички план за ИЗ Север, изведена комплетна инфраструктура (водоводна мрежа, фекална и атмосферска мрежа, пристапни патишта, јавно осветлување)

**Индустриска зона „УРБАН БЛОК 18“**

**површина:** 25,2 хектари

**оддалеченост:** 1,5 км оддалеченост од градот Струмица

**намена:** лесна индустрија – незагадувачко стопанство, сервиси и др.

**дополнителни информации:** во фаза на градба е целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта)



**Индустриска зона „УРБАН БЛОК 19“**

**<u>површина</u>:** 25,77 хектари

**<u>оддалеченост</u>:** 2 км оддалеченост од градот Струмица

**<u>намена</u>:** лесна индустрија – незагадувачко стопанство, сервиси и др.

**<u>дополнителни информации</u>:** водовод, канализациска мрежа, гасоводна мрежа, трафостаница, пристапни патишта, осветлување

Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 19“



**Индустриска зона „УРБАН БЛОК 42“**

**<u>површина</u>:** 13,5 хектари

**<u>оддалеченост</u>:** 1,5 км оддалеченост од градот Струмица

**<u>намена</u>:** Б1 – мали комерцијални и деловни единици

**<u>дополнителни информации</u>:** водовод, канализациска мрежа, гасоводна мрежа, трафостаница, пристапни патишта, осветлување



Низ Општина Струмица поминува најважниот магистрален пат **М6**, кој ја поврзува со останатиот дел од Република Македонија, како и со Република Бугарија и Република Грција. Регионални и локални патишта во Општина Струмица ги поврзуваат населените места во општината и регионот го прават несомнено важен земјоделско индустриски центар во државата.

Патишта Локални асфалтирани патишта

| Категорија | Единична мерка | Вкупно Единична мерка |
|---|---|---|
| Регионални патишта | $м^1$ | 65300 |
| Магистрални патишта | $м^1$ | 10000 |
| Локални патишта | $м^1$ | 112500 |

| Мерка | | Вкупно |
|---|---|---|
| должина | $м^1$ | 18000 |
| површина | $м^2$ | 81000 |

Тампонирани патишта:

| Мерка | Единична мерка | Вкупно |
|---|---|---|
| должина | $м^1$ | 9500 |
| површина | $м^2$ | 42750 |

Поврзаност со железничка линија (km) железничка станица - ЖС Миравци - 40 km ЖС Штип - 60 km

Покриеност со електрична енергија 100 %

Покриеност со (теле) комуникациска мрежа 100 %

Покриеност со водоводна мрежа-град Струмица 100 %

| ТАБЕЛА ЗА ПОДАТОЦИ ЗА ПОДАТОЦИ НА ПАТНАТА МРЕЖА НА НИВО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| | Магистрални | М-6 од 61-71km- асфалт | L= 10km |
| | | | |
| | Регионална | R-604 од 0+000 до 15+000km-асфалт | L= 15km |
| | | R-605 од 0+000 до 2+200km-асфалт<br>од 2+200 до 12+400km-тампониран<br>од 12+400 до 17+400km-асфалт | L= 2,2km<br>L=10,2 km<br>L=5 km |

| | | | |
|---|---|---|---|
| I. Должина на изграде на патна мрежа во општината | | R-602 од 66+500 до 79+200km - асфалт | L= 12,7km |
| | | R-610 од 0+000 до 2+500km-асфалт | L=2,5km |
| | | R-608 од 1+900 до 7+500km-асфалт | L=5,6km |
| | | R-523 од 82+300 до 84+300-асфалт | L=2 km |
| | | | |
| | Локални | R-604 с.Градско Балдовци - асфалт | L1= 1,5km |
| | | M6-R608 преку с.Сачево - асфалт | L2=5,4km |
| | | R608 –КО с.Моноспитово - асфалт | L3=1km |
| | | M6- с.Просениково – КО с.Сарај - асфалт | L4= 7km |
| | | L4(с.Просениково) до с.Пиперево – асфалт | L4-1=1km |
| | | R610-КО с.Пиперево мост на р. Струмешница | L5=2,5 |
| | | | |
| | Патишта за специјална намена(шумски, земјишни, стопански, индустриски, и други) | З-Струмица до с.Попчево земјен | L6= 6km |
| | | З-с.Куклиш до с.Градско Балдовци - земјен | L7= 1km |
| | | З- с.Куклиш до с.Сачево – земјен | L8= 2,5km |
| | | З – с.Градско Балдовци до с.Сачево земјен | L9= 1,6km |
| | | З-R608 с.Свидовица – с.Муртино асфалт | L10= 2,5km |
| | | З-с.Муртино до с.Еднокуќево – земјен | L11= 1km |
| | | З-R608 с.Моноспитово земјен | L12= 1,5km |
| | | З – с.Свидовица до с.Сачево | L13= 2,5km |
| | | З-R523 – с.Просениково - земјен | L14= 1,8km |
| | | З- с.Просениково – с.Добрејци земјен | L15= 2km |
| | | З-с.Добрејци до КО с.Василево - земјен | L16= 0,5km |
| | | Ш-R604 до брана Водоча тампониран | L17=5km |
| | | Ш-R604 с.Седларци – с.Варварица - земјен | L18= 4,8km |
| | | З-R604 – КО с.Ангелци - асфалт | L19= 2km |
| | | Ш-R604 с.Триводи – земјен | L20=4km |
| | | Ш-R604 с.Дорломбос - земјен | L21=9,5km |
| | | Ш-R604 с.Злешево до с.Чепели - земјен | L22= 5km |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | I. **Должина на неизградена патна мрежа во општината** | Ш-с.Куклиш до с.Триводи | L23=9km |
| | | Ш-с.Куклиш до с.Дорломбос | L24= 6km |
| | | Ш-с.Свидовица до с.Дорломбос | L25=8km |
| | | Ш-с.Костурино до с.Триводи | L26=12km |
| | | Ш-с.Раборци до с.Чепели | L27=6km |
| | | Ш-с.Раборци до с.Попчево | L28=0,5km |
| | | | |

**Комунална инфраструктура и услуги**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" – Струмица

Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" – Струмица е претпријатие со следниве комунални услуги :

- Обезбедување услови за непрекинато снабдување на корисниците со вода за пиење;
- Евакуација на атмосферeките води од урбаните површини ;
- Отстранување и пречистување на отпадните води;
- Одржување на градската инфраструктура, заштита и разубавување на животната средина;
- Континуирано собирање, транспортирање и депонирање на отпадот од домаќинствата и од правните субјекти;
- Одржување на јавна чистота.
- Одржување на јавното зеленило.
- Организирање и управување со пазари.
- Одржување на градски гробишта и градска капела.

**Водоводна инфраструктура**

Водоснабдувањето на градот Струмица пратставува еден современ водоснабдителниот систем кој е изграден и континуирано се гради, кој се проширува и постојано осовременува повеќе од 50 години.

Најпрво градот се снабдувал со вода преку пумпна станица во месноста Софилар се до изградбата на старата филтер станица и цевоводот од брана Водоча. Во 1978 год е пуштена во употреба новата филтер станица преку која и денес градот Струмица се снабдува со вода.Суровата, непрочистена вода по гравитационен пат доаѓа од акумулацијата Турија до фабриката за обработка на вода преку цевковод во должина од 15км. изведен од азбест цементни цевки ф600 и ф500.

Водоводната мрежа во Струмица се состои од две висински зони (ниска и висока). Ниската зона покрива 90% од урбаната површина до 260мнв, а високата зона од 260 до 320мнв.

Високата зона користи вода од цевковод ф400 мм. и преку пумпно построение водата се потискува во водоводната мрежа, односно во резервоар за висока зона од 400 м3. Пумпите агрегати се со капацитет од 20л/с, а нивната работа е автоматска во зависност од нивото во резервоарот.

ЈПКД Комуналец ја прошири водоводната мрежа на град Струмица и во населените места: с.Добрејци, с.Просениково, с.Дабиле, с.Балдовци и с.Баница. Населените места с.Банско и с.Свидовица се водоснабдуваат преку свои посебни водоводни системи. Исто така ги управуваме и одржуваме водоводните системи кој ги обслужува граѓаните од с.Муртино и с.Сачево, како и водоводниот систем за с.Куклиш.

Со проширување на водоводните линии, нови водоводи во населените места, како и водоводните објекти значително се зголеми обемот на работа,а со тоа и додатни ангажирања на вработените во Секторот,, Водовод и канализација,, за непречено функционирање на сите овие водоснабдителни системи:

- Водоснабдителен систем за град Струмица и населените места с. Добрејци, с.Просениково, с.Дабиле, с.Балдовци, с.Баница и с.Водоча.
- Водоводи во населените места: Бања Банско и с.Банско, с.Муртино и с.Сачево с.Куклиш и с.Свидовица.

<u>Водоснабдителен систем за град Струмица и населените места с.Добрејци, с.Просениково, с.Дабиле, с.Балдовци, с.Баница и с.Водоча.</u>

Листа на инфраструктурни објекти:

•Доводен цевовод од А/С Ф600/Ф500мм. со должина од 14.900м.

•Фабрика за обработка на вода за пиење, со проектиран капацитет од 250л/с.

•Пумпна станица со капацитет од 20л/с.

•Резервоари за чиста вода:

_“Свети Петнаесет“ со капацитет од_____ 5.000м3

_“Филтер станица“ со капацитет од______1.250м3

_“Ловен Дом“ со капацитет од__________ 400м3

_“Чамлк“ со капацитет од______________ 400м3

•Систем за дистрибуција на водата со вкупна должина од 85 000м. и со дијаметар на цеви од Ф25 до Ф400мм. и тоа со следните видови на материјали:

•Азбест цемент (А/С)—————— 17%

•Поливинил хлорид (ПВЦ)——– 20%

•Поцинковано железо—————— 8%

•Лиено железо——————————- 5%

•Полиетилен (ПЕ)————————49%

•Други материјали———————— 1%

<u>Водоводи во населените места: Бања Банско и с.Банско, с.Муртино и с.Сачево, с.Куклиш и с.Свидовица.</u>

- Бања Банско и с.Банско:

Водоснабдувањето на хотелските капацитети во Бања Банско е решено во 1983 год. со захват на водата од река Воденичица, доводен цевковод од Филтрите, брзи филтри со систем за самоперење, резервоар од 250м3 и цевководи од хотелите.

Водоводниот систем за Бања Банско функционира задоволително во нормален режим на работа, проблеми се јавуват во услови на енормно зголемена и неконтролирана потрошувачка, но со превземените мерки за контрола на потрошувачката очекуваме дека и овие проблеми ќе се надминат во текот на 2017год.

Село Банско се снабдува со вода исто така од захватот на река Воденичица и еден дел од извориштето наречено Ќупо. Водоводната мрежа беше во лоша состојба, но согласно инвестирањата што беа направени во текот на 2011 и 2012 год. во овој водоводен систем, голем број на оштетување на цевководите и неконтролираните приклучоци и злоупотреби на

мрежата беа решени, така да водоснабдувањето на с.Банско е доведено до состојба каде веке постои контрола во управувањето со водоводниот систем.
– с.Муртино и с.Сачево

Водоводниот систем за с.Муртино и с.Сачево го решава водоснабдувањето на жителите од овие населени места. Водата се вади со пумпи со моќност од 13KW од бушотина на длабочина од 51м. коу се наогат во подножјето на Беласица, таму е изграден и резервоар од 600м3, па преку доводен цевковод во должина од 2400м. се носи водата до с.Муртино и с.Сачево. Системот добро функционира без посебни проблеми и жителите редовно се снабдуваат со чиста вода.

- с.Куклиш и с.Свидовица

Овие водоводи се независни и засебни еден од друг, но се решени на ист начин и слично функционират. Во најголем дел од годината се снабдуват со вода со пумпи од бушотини, но зависно од периодот во годината користат и изворска вода со изворска вода со зафаќање на води од Беласица. Водоводната мрежа е во лоша состојба,воглавно заради употреба на неквалитетен материјал при самата изведба, па заради тоа доага до почеси дефекти и прекини во водоснабдувањето. Понатамошните инвестирања треба да се планират во делот на намалување на експлотационите трошкови на овие водоводни системи и постепено обновување на приклучните линии и кукните приклучоци.

Потребите на градот со чиста и здрава вода за пиење се обезбедуваат во фабриката за вода,која е со капацитет од 250л/сек

Потребите за вода се определуват од водоснабдителната норма која по жител ја земаме да изнесува просечно 320л/ж/ден вклучувајки ја во таа бројка загубата на вода, и комуналните потреби.

Потрошувачката на вода во водоснабдителниот систем на Струмица последните години е стабилна и постојана, зголемувања се јавуват зависно со зголемувањето на бројот на нови корисници во населените места, но за сметка на намалувањето на потрошувачката на вода кај индустриските и стопанските капацитети, кумулативно останува иста.

Физичко — Хемиски третман на водата

Процесот на производство на чиста вода бара постојано следење на квалитетот како на пречистената, така и на суровата вода. Испитувањата на водата се вршат на следниот начин:

- Два пати во текот на денот испитувања на суровата, како и на чистата вода во нашата лабораторија на Филтер Станицата.
- Еднаш неделно, испитување примероци од повеќе различни места од градот, во лабораторијата на Заводот за Здравствена Заштита од Струмица.
- Четири пати годишно испитување на чистата вода во Републичкиот Завод за Здравствена Заштита во Скопје.
- Два пати годишно фитопатолошки испитувања на суровата вода и на чистата во Хидробиолошкиот Завод од Охрид.

**Одведување и пречистување на отпадни води**

Канализациониот систем на град Струмица е сепаративан и водите од него гравитационо се испуштаат во реципиентите – реките Тркања и Водоча. Изграден е од азбест-цементни, ПВЦ и ПЕ цевки со пречник од Ф200мм до Ф1400мм во вкупна должина од околу 105км. Канализационите цевки се водени по осовината на улиците, со заеднички ревизорни шахти. Фекалната канализација е решена преку единаесет главни колектори (К1 – К11) во кој се приклучуваат соодветните секундарните канали. Сите колектори се сливат во еден главен

собирен колектор (Ко) кој се испушта во река Тркања, близу до локацијата на идната пречистителна станица за отпадни води. Атмосферската канализација ги опфаќа каналите за одводнување на водите од урбаното градско подрачје, како и одводните канали кои ги прифаќаат надворешните површински води што го напаѓаат урбаното подрачје. Атмосферската канализација во градското подрачје е организирана во осум главни колектори ( К1 – К8 ). Испуштањето на колекторите К1, К2 и К3 е директно во река Водоча, додека колекторите К4, К5, К6, К7 и К8 се испуштаат во отворениот канал "Крушевска Република" кој се влива во река Тркања.

**Пазари**

Пазарите во општина Струмица се на територијата на градот на локации кои овозжуваат лесен пристап за задоволување на потребите на граѓаните од сите делови на општината. Со нив управува ЈПКД"Комуналец" – Струмица преку одделението "Пазари" во склоп на "Секторот за управување и одржување јавно зеленило и пазари". Тие се организирани за вршење промет со прехранбени производи на мало, на трите пазари: "Глобал", "Чешел" и "Кантон" и за вршење промет на големо "Кванти пазар" на кој има и дел за промет на добиток.

Организаторот на пазари "ЈПКД"Комуналец" на нив врши услуги на корисници, правни и физички лица, за вршење трговија на мало и на големо пред се на земјоделски производи од нашите производители но и на јужно овошје и на други индустриски, прехранбени и непрехранбени производи како и на занаетчиски производи.

Пазарот на големо "Кванти пазар" прерасна во регионален центар и е еден од најголемите во РМ, за пласман и откуп на големо на земјоделски производи. Таквиот тренд очекуваме да продолжи и во иднина бидејки неговиот капацитет е осетно зголемен со доуредувањето на целата негова површина.

ЈП ќе продолжи со зголемување на квантитетот и квалитетот на услугите пред се кон земјоделските производители а секако и кон откупувачите кои доаѓаат од целата држава. Планирано се и локации за изградба на објекти од времен карактер за заинтересирани правни субјекти.

<u>Одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на град Струмица</u>

Во рамките на ЈПКД "Комуналец" – Струмица делува Сектор ,,Управување и одржување јавно зеленило и пазари,,во чиј состав е и одделението,,Зеленило ,,чија основна задача е одржување на јавното градско зеленило. Согласно со одлуката на Советот на општина Струмица се врши одржување на јавните селени површини. Дел од јавните селени површини се одржуваат интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат следните површини:

1. Парковски зелени површини
2. Зелени површини на булеварите
3. Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер

<u>Транспортирање и депонирање на отпад</u>

Отпадот е последица на човековото живеење. Затоа правилното постапување со отпадот за нас представува императив зошто директно влијае на квалитетот на живеењето на граѓаните на нашата општина. За таа цел во склопот на Сектор ,,Комунална хигиена и управување и одржување на гробишта ,,е организирана одделението ,,Комунална хигиена,, кое работи на континуирано собирање,транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад и одржување на Јавната чистота.

Таквата активност е со единствена цел, воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот што произлегува од „Законот за управување со отпад“, „Стратегијата за управување со цврст отпад“, „Законот за јавна чистота“ и „Одлуката за комунален ред“ која е донесена од советот на општина Струмица, во кои се уредуваат правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот.

Исто така согласно се поголемиот број законски обврски кои се воведуваат во оваа област се наметнуваат секојдневни промени во постапувањето и евидентирањето на комуналниот и технолошкиот цврст отпад.

Основни дејности кои ги обавуваа оваа одделение се:

- Собирање, транспортирање на цврст комунален отпад од населението и технолошки и комерцијален отпад од индустриските капацитети и деловни објекти во општината.
- Депонирање на отпадот на депонијата за комунален отпад `Шапкар` кај с.Добрашинци и депонирање на инертниот отпад на депонијата “Тркања“.
- Одржување на јавната чистота, метење и миење на булеварите и улиците како во централното така и во периферното подрачје на градот.
- Празнење на урбани корпи за отпад.
- Одржување на улиците во зимски услови.
- Чистење и одржување на градските гробишта

Една од комуналните дејности, кои ги обавува јавното претпријатие е управување и одржувањето на гробови,гробишта и целокупната комунална инфраструктура на гробиштата.Согласно новата организациона поставеност во склопот на Сектор ,,Комунална хигиена и управување и одржување на гробиштата,,организирано е одделението ,,Гробишта“. Со одлука на Советот на Собранието на општина Струмица, капелата и градските гробишта во Струмица се дадени на управување и одржување на ЈПКД“Комуналец“ Струмица. Закопот на покојните од град Струмица се врши на две локации. Едната локација се наоѓа на западниот дел на градот и служи за погреб на покојни од Православната , Католичката или Протестантската вероисповед, со вкупна површина од 115.000м$^2$, а додека на јужниот дел од градот се наоѓаат гробиштата за закоп на покојни од Муслиманската вероисповед.

**Јавно претпријатие за енергетска дејност „Струмица Гас“ Струмица**

Јавното претпријатие за енергетски дејности “СТРУМИЦА-ГАС” – Струмица, ул. Боро Џони бр. 10 е основано со одлука на Советот на општина Струмица на седницата одржана 26.04.2010 година. Во одлуката за основање на истото како главни дејности од јавен интерес се наведени

– дистрибуција на природен гас;
– управување со системот за дистрибуција на природен гас;
– снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
– производство на топлинска енергија;
– дистрибуција на топлинска енергија;
– снабдување со топлинска енергија;
– дистрибуција на геотермална енергија;
– снабдување со геотермална енергија и
– производство на енергија од обновливи извори.

Главната цел на **ЈП Струмица-Гас** и Проектот за Гасификација на Општина Струмица е зголемувањето на конкурентноста на локалната економија преку овозможување пристап на сите корисници до најевтиниот енергенс, природниот гас, со истовремено подобрување на квалитетот на животот на локалната заедница. Тргнувајќи од основните начела на одржливиот

развој и потребата за заштита на животната средина, стратешка определба на ЈПЕД **„Струмица – Гас“** е развој на дистрибутивниот гасоводен систем и воведување на природниот гас во сите сфери на живеењето. За таа цел **ЈПЕД „Струмица-Гас“** на 15 април 2011 год, и официјално започна со изградба на гасоводна дистрибутивна мрежа од полиетиленски цевки PE 100 SDR 11 која во моментот е со должина од 43.000 метри. Користењето на природниот гас во општина Струмица официјално започна на 10ти ноември 2012 година, од кога 14 објекти кои се под надлежност на локалната самоуправа се приклучени на гасоводната мрежа и го користат природениот гас како енергенс за затоплување. Станува збор за четири основни училишта, три средни, четири градинки, зградата на општина Струмица, Дом на АРМ и основното музичко училиште. Динамиката за приклучување е во зависност од бројот на заинтересирани корисници на гас во даден кварт.. До 2021 година на гасоводната мрежа се приклучени 396 корисници во категорија домакинства, 22 јавни институции и 27 стопански субјекти. **ЈПЕД „Струмица-Гас“** е насочено кон најважната цел на претпријатието за приклучување на стопанските објекти на дистрибутивната гасоводна мрежа. Имајќи во предвид дека поврзување на националниот гасовод на РМ во моментот не е опција за општина како што е Струмица со својата географска положба, единствено решение за гасификација на Струмица беше воспоставувањето на т.н. виртуелен гасовод. Тоа подразбираше идентификација на блиска локација со пристап на природен гас, компресија на гасот на висок притисок во метални резервоари, негов камионски транспорт до општината и декомпресија на гасот пред внесувањето во локалниот дистрибутивен цевковод низ градот. Компресираниот гас со притисок од 250 bar се доставува до локацијата на декомпресиската станица во Струмица, со специјални мат модули (резервоари за гас или цилиндри во контејнерските модули), кои од транспортната приколка се растовараат врз посебни платформи кои се приклучени на декомпресиската станица преку посебна гасоводна инсталација. Декомресиската станица врши симнување на притисокот од 250 bar (колку што е притисокот во гасните модули) на работниот притисок на дистрибутивната мрежа кој е 4 bar.

**ЈП Паркиралишта Струмица**

Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори „Паркиралишта Струмица“ – Струмица е основано во 2008 година со цел на систематски начин да се реши проблемот со паркирање на моторни возила во градот Струмица со определување и уредување на паркинг места и паркиралишта, а со тоа да придонесе за подобрување на комуналниот ред во градот. Дополнително во 2013 година претпријатието ги превзеде и надлежностите во делот на одржување на уличното осветлување, што подразбира вршење на работите за функционирање и спроведување на координативно стручна функција во насока на моделирање и зајакнување на системот на услуги на јавното осветлување.

Основната цел на „Паркиралишта Струмица“ – Струмица е да се воведе организација на сообраќајот во мирување, како и да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Заради тоа и проектот за зонско паркирање и потребата од неговото спроведување е базирана на 5 клучни елементи:

- Подобрување на сообраќајниот тек - Сообраќајот во мирување и движење
- Почитување на еднаквоста помеѓу луѓето
- Подобрување на животната средина
- Подобри услови за движење на возилата на итните служби – прва помош, противпожарните специјални возила, полициските возила и слично
- Зголемување на сообраќајната култура и подигнување на нивото на свесност во сите сфери на општественото живеење.

Со воспоставувањето на системот на зонско паркирање делуваат на зголемување на сообраќајната култура на сите граѓани во општина Струмица, не само на површините каде што

е воведено организирано паркирање, туку и во сите останати делови. Навиките кои луѓето ги стекнуваат во централното градско подрачје во делот на паркирањето, ги применуваат и во поширокиот опфат на град Струмица. Почитувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација, информирањето од дополнителните и информативните табли кои се поставени насекаде во градот Струмица заради олеснување на пристапот до паркинг места, свесноста за воспоставеноста на систем за контрола и механизмите на отстранување на непрописно паркираните возила ќе ги стимулират сите чинители во сообраќајот да се однесуваат одговорно како кон самите себе така и кон останатите учесници.

**ЈСП „СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“Струмица**

Заради подобрување на мобилноста на граѓаните на Општина Струмица, и со тоа подобрување на условите за живот и комуникација на граѓаните на Општина Струмица, од страна на градоначалникот и Советот на Општина Струмица се разви идеја за воведување на градски, приградски и училишен превоз на територијата на Општина Струмица. Оваа идеја да се развие во реален проект, Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 15.03.2023 донесе Одлука за основање на Јавно претпријатие ЈСП „СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“ Струмица, и истото е запишано како Јавно претпријатие во ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА од 16.03.2023 година.

Имајќи во предвид дека ЈСП „СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“Струмица е новоформиран правен субјект кој треба да се развива, Годишната програма за работа на ЈСП „СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“Струмица за 2023 предвидува неколку ,,чекор-по-чекор,, програмски активности кои ќе овозможат реализација на идејата за јавен превоз во Општина Струмица.

**ЈП „ Лана“ Струмица**

Стационарот за бездомни кучиња ЈПЗБК Стационар -Лана Струмица располага со 58 индивидуални боксови, амбуланта и хируршка сала каде уличните кучиња се згрижуваат, стерилизиат, вакцинираат и имаат престој одреден временски период. ЈП Лана располага и со две возила со по 6 кафези со кои се врши заловување на кучињата по струмичките улици кои станаа горлив проблем. Во стационарот се згрижуваат заловени бездомни кучиња кои се сместуваат во боксовите. Целта на стационарот Лана е да е привремен дом за уличните кучиња, место каде ќе бидат згрижени, безбедни, место каде ќе може да се сретнат љубителите на кучињата, но и можност да вдомат некое куче.

Основната дејност на овој субјект е заловување, медицински третман, стерилизација/кастрација и повторно враќање на местото на заловување. Со самото тоа што секое заловено бездомно куче се стерилизира/кастрира се очекува нивниот број значително да се намалува во иднина, бидејќи нивното размножување е оневозможено. Еден дел од заловените кучиња се вдомуваат и со тоа за околу 10% е намален бројот на вратените кучиња на местото на заловување т. е на подрачјето на Општина Струмица.ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, со секојдневните патроли на подрачјето на Општина Струмица, води грижа за бездомните кучиња,ги храни,терапира по потреба и води евиденција за нивниот број и нивната здравствена состојба.

## **Социјална инфраструктура**

### Образование

Меѓу повеќе развојни приоритети, Општина Струмица го препознава и образованието, кое единствено како на национален, така и на локален план може да донесе подолгорочна општествена стабилност, економски развој и сигурен културен идентитет.

Според податоците од Пописот на населението и домаќинствата од 2021 година, спроведен од Државниот завод за статистика, образовната структура на населението, невработеноста и бројот на неактивно население во општина Струмица се прикажани во следните табеларни прегледи:

*Табела бр.1 Преглед на образовна структура на населението во општина Струмица*

| Образовна структура | |
|---|---|
| Без образование | 1046 |
| Незавршено основно образование | 3526 |
| Основно образование | 9721 |
| Средно образование | 17553 |
| Високо образование | 6750 |
| Магистри на науки | 503 |
| Доктори на науки | 39 |
| Непознато | 2856 |
| **Вкупно** | **41994** |

*Табела бр.2 Преглед на невработени лица во општина Струмица*

| Невработеност | |
|---|---|
| Без образование | 57 |
| Незавршено основно образование | 141 |
| Основно образование | 408 |
| Средно образование | 857 |
| Високо образование | 224 |
| Магистар | 19 |
| Доктор на науки | 1 |
| **Вкупно** | **1707** |

*Табела бр.3 Преглед на неактивно население во општина Струмица*

| Неактивно население* | |
|---|---|
| Ученици и студенти | 2540 |
| Домаќинки | 3172 |
| Пензионери | 9568 |
| Други | 4323 |
| **Вкупно** | **19603** |

**Во неактивно население не се опфатени учениците под 15 годишна возраст.*

Во претходните 10 години бројот на запишани ученици во основното и средното образование на национално ниво* бележи намалување. Бројот на влезната генерација во основното образование, како и вкупниот број ученици, од година во година, се намалува. Бројот на запишани ученици во основно образование во учебната 2020/2021 година е помал за 8.4% во споредба со 2010/2011 година. Бројот на запишани ученици во средното образование, исто така, се намалува, односно во учебната 2020/2021 година е намален за

24.1%, во споредба со 2010/2011 година. Бројот на запишани студенти во 2020/2021 година е намален за 19.6% во споредба со 2010/2011 година.
*https://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblasti.aspx

Врз основа на податоците од доставените извештаи од општинските основни училишта, вкупниот број на ученици од прво до деветто одделение во основното образование во претходните пет учебни години се движи околу 5000 ученици, односно најмал број на запишани ученици има во почетокот на учебната 2022/2023 година-4889 ученици, а најмногу запишани ученици имало во учебната 2021/2022 година-5076 ученици.

*Табела бр.4 Преглед на запишани и завршени ученици во општинските основни училишта*

| Учебна година | Запишани ученици | Завршени ученици |
|---|---|---|
| 2017/2018 | 5023 | 4096 |
| 2018/2019 | 4960 | 4914 |
| 2019/2020 | 5018 | 4938 |
| 2020/2021 | 5023 | 4980 |
| 2021/2022 | 5076 | 4911 |
| 2022/2023 | 4889 | / |

Разликата во бројот на запишани и завршени ученици во основното образование произлегува од повеќе причини, меѓу кои најмногу придонесува иселувањето во други држави.
Бројот на наставници во основното образование во претходните пет учебни години е зголемен од 466 на 486. Една од причините за зголемувањето произлегува од воведувањето на новите наставни програми по физичко и здравствено образование, англиски јазик и вториот странски јазик (германски и италијански јазик).

Врз основа на податоците од доставените извештаи од трите средни училишта во општина Струмица, средното образование во претходните пет учебни години го следат околу 3000 ученици, односно на почетокот на учебната 2022/2023 година има најмалку запишани ученици-2585, а во учебната 2017/2018 година имало најмногу запишани ученици-3056.

*Табела бр.5 Преглед на запишани и завршени ученици во општинските средни училишта*

| Учебна година | Запишани ученици | Завршени ученици |
|---|---|---|
| 2017/2018 | 3056 | 3007 |
| 2018/2019 | 3018 | 2831 |
| 2019/2020 | 2836 | 2817 |
| 2020/2021 | 3013 | 2921 |
| 2021/2022 | 2766 | 2678 |
| 2022/2023 | 2585 | / |

Разликата во бројот на запишани и завршени ученици во средното образование произлегува од повеќе причини, меѓу кои најмногу придонесуваат предвременото напуштање на средното образование, иселувањето во други држави и намалениот број на ученици кои завршуваат основно образование.

Бројот на наставници во средното образование во Општина Струмица во претходните пет учебни години е намален од 261 на 244.

**ПРЕГЛЕД НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Во општина Струмица постојат сите компоненти на децентрализираниот образовен систем: предучилишно образование, основно образование, средно образование и институција за доживотно учење.

Јавните општински установи детски градинки „Детска Радост”-Струмица и „Виножито”-Струмица, се предучилишни организации за комбинирана дејност (јасли, градинка, воспитни групи со полудневен престој-подготвителна група и целодневен престој за деца на возраст од 6 до 10 години. Во нив се остварува згрижувачка и воспитно-образовна работа, превентивна здравствена заштита и исхрана за околу 1000 деца.

Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Јоска Свештарот”-Струмица е јавна установа за неформално образование чија главна дејност е организирање на курсеви за општо образование: странски јазици и информатика, како и обуки за струки од доменот на личните услуги, градежништвото, угостителството, здравството и негата и други услуги. Отворениот граѓански универзитет спроведува и испити за сертифицирање на претходно стекнати знаења и вештини.

Мрежата на основното образование во општина Струмица се состои од десет основни училишта, девет училишта во кои се изведува настава за ученици од прво до деветто одделение: „Видое Подгорец“-Струмица; „Сандо Масев“-Струмица; „Никола Вапцаров“-Струмица; „Маршал Тито“-Струмица; „Герас Цунев“-с.Просениково; „Маршал Тито“-с.Муртино; „Св. Кирил и Методиј“-с.Дабиље; „Даме Груев“-с.Куклиш и „Гоце Делчев“-с.Вељуса и основно музичко училиште: „Боро Џони“- Струмица, во кое учениците се стекнуваат со основно музичко образование, професионално ориентирање и стекнување на општа музичка култура.

Подрачни училишта имаат пет основни училишта: ООУ „Никола Вапцаров“: ПУ с.Градско Балдовци; ООУ „Маршал Тито“-Струмица: ПУ с.Рич и ПУ с.Попчево; ООУ „Сандо Масев“: ПУ с.Баница, ПУ с.Водоча и ПУ с. Добрејци; ООУ „Даме Груев“: ПУ с.Костурино, ПУ с.Раборци, ПУ с.Дорломбос, ПУ с.Свидовица и ООУ „Маршал Тито“, с.Муртино: ПУ с.Сачево, ПУ с.Банско и ПУ с.Габрово.

Во основните училишта наставата се изведува на македонски наставен јазик, а во три училишта наставата за учениците од прво до петто одделение се изведува и на турски наставен јазик: ООУ„Маршал Тито“-Струмица; подрачното училиште во с.Банско, кое работи во состав на ООУ „Маршал Тито“-с.Муртино и подрачното училиште во с.Дорломбос, кое работи во состав на ООУ „Даме Груев“-с.Куклиш.

Почитувајќи го принципот на законитост, одговорно и транспарентно работење на Општина Струмица, во учебната 2021/2022 година, беше направена оптимизација на училишната мрежа во подрачното училиште во с.Мемешли, кое работи во состав на ООУ „Даме Груев“-с.Куклиш.

Во рамките на ООУ„Сандо Масев“-Струмица, функционира Центарот за поддршка на образованието на учениците со попреченост, кои согласно Законот за основно образование можат да следат настава во редовните училишта. Министерството за образование и наука обезбедува финансиски средства за образовни асистенти на учениците со попреченост во основните училишта, а Општина Струмица обезбедува финансиски средства за лични асистенти за ученици со попреченост во основните и средните училишта. Бројот на ученици со попреченост кои имаат наод и мислење запишани во општинските основни и средни училишта во претходните две учебни години е зголемен.

*Табела бр.6 Преглед на запишани ученици со попреченост кои имаат наод и мислење во општинските основни и средни училишта*

| Учебна година | Запишани ученици |
|---|---|
| 2017/2018 | 41 |
| 2018/2019 | 61 |
| 2019/2020 | 55 |

| | |
|---|---|
| 2020/2021 | 54 |
| 2021/2022 | 63 |
| 2022/2023 | 68 |

Мрежата на средно образование се состои од три средни училишта: СОУ „Јане Сандански"-Струмица, СОУ „Никола Карев"-Струмица и СОУУД „Димитар Влахов"-Струмица. Во СОУ „Никола Карев" и СОУУД „Димитар Влахов" се запишуваат ученици според наставни планови и програми за стручно образование (тригодишно и четиригодишно), а во СОУ „Јане Сандански" се запишуваат ученици според наставни планови и програми за гимназиско образование и за економско образование. Од учебната 2020/2021 година во средните училишта во општина Струмица е воведено дуалното образование.

Во состав на средното општинско училиште „Димитар Влахов" во Струмица работи и ученички дом, во кој секоја учебна година се сместуваат околу 90 ученици.

Наставата во сите средни училишта се изведува на македонски наставен јазик.

Од аспект на инфраструктурата, Општина Струмица располага со 26 училишни згради и 11 спортски сали во кои се изведува настава за ученици од основното и средното образование. Вкупната бруто површина на училишните згради изнесува 38.317 м2, а на спортските сали изнесува 10.000 м2.

За овие податоци извор е „Стратегија за развој на образованието на Општина Струмица за 2023-2027 година"

**Социјална заштита**

Општината Струмица има донесено Социјален План за периодот 2021-2024.

<u>Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби</u>

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање, податоците беа обезбедени од релевантни институции, НВО сектор и беа консултирани и вклучени претставници на релевантни институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Општина Струмица, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите граѓани.

**Прва специфика на општината е демографското стареење.**

Според податоците од пописот од 2021 година од Државен завод за статистикана возрасната структура на населението во Општина Струмица, , од Табелата се гледа дека доминира население на возраст од 35 до 59 години. Имајќи предвид дека е видно пониска стапка на младо население, може да се заклучи дека во Општина Струмица се забележува трендот на стареење на населението.

**Возрасна структура на населението во Општина Струмица Попис 2021**

| Возраст | Вкупно | Жени | мажи |
|---|---|---|---|
| | 49995 | 25294 | 24701 |
| 0-19 | 11160 | 5400 | 5760 |
| 20-34 | 8698 | 4365 | 4333 |
| 35-59 | 17128 | 8508 | 8620 |
| +60 | 13009 | 7021 | 5988 |

Кога станува збор за старите лица во Општина Струмица тие претставуваат социјално најмаргинализирана категорија на граѓани, посебно оние кои живеат во руралните средини. Руралните средини се разликуваат од урбаните средини, па затоа може да се забележи дека потребите и приоритетите на населението се различни. Од претходно направени истражувања и информации добиени од претседателите на месните заедници, може да се утврди дека социјално најмаргинализирана категорија се старите лица којшто живеа сами и без грижа во оддалечените села во струмичкиот регион, но и оние лица коишто останале сами, бидејќи семејствата им се иселени надвор од државата.

**СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

Општина Струмица секогаш ја покажува својата силна заложба во спроведување на активности, проекти и социјални услуги од доменот на социјалната заштита, како и мапирање на потребите на лицата социјално загрозени. Согласно социјалните услуги, кои се обезбедуваат во рамките на новиот Закон за социјална заштита Општина Струмица ги имплементира следниве социјални услуги:

- **Услуги на информирање и упатување**, согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Струмица.
- **Услуги на стручна помош и поддршка**, согласно член 72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Струмица.
- **Услуги на советување**, согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица.

Дополнително, Здружението на глуви и наглуви во Општина Струмица кое брои 80 членови, дава услуги од советодавна работа на своите членови – глуви и наглуви лица.Имаат клуб за социјализација, рехабилитација и интегрирање.Здружението има простории доделено од Општината.

Здружението ЦПЛИП Порака – Струмица брои вкупно 100 членови, раководи со социјален клуб каде што се реализираат повеќе активности од советодавни услуги, активација, ресоцијализација и работна активација. Здружението располага со просторија за дневно згрижување, која е доделена од општината.

Ромско – Турско здружение Хајат Струмица брои вкупно 20 членови. Активностите на оваа здружение се насочени кон обезбедување на советодавна услуга за правата од здравствена и социјална заштита и вклучување на ромските и турските деца во образовниот процес преку мобилни тимови на терен.Преку аплицирање на јавни повици преку реализирање на проекти од различни донатори, каде и Општината се јавува како донатор и со финансиска поддршка.

- **Услуги во домот**

**<u>Помош и нега во домот</u>**

Црвен крст врши поддршка на стари лица во домот (социјализација, пазарење) на волонтерска основа со деца на возраст од 15 до 16 годишна возраст. Исто така од страна на Црвен Крст-Струмица, од проект реализиран преку Регионална програма за локална демократија на Западен Балкан финансиран од ЕУ, а спроведен од УНДП и поддржана од Општина Струмица, беа спроведени услуги за нега на стари лица со попреченост во домашни услови.

**<u>Лична асистенција</u>**

Обука и провајдер на лични асистенти, поддршка на стари лица во домот (социјализација, пазарање) на волонтерска основа со деца на возраст од 15 до 16 години организирани од Црвен крст на општина Струмица. Во рамките на програмата Лична асистенција на лица со попреченост имплементирана од страна на Министерство за труд и социјална политика и Црвен крст на РСМ во Општина Струмица ангажирани се вкупно 18 асистенти кои даваат услуга персонална асистенција на 28 лица. Оваа програма има за цел да им помогне на лицата со попреченост до 64 година да постигнат поголема независност и целосно да ги исполнат своите права. Лична асистенција се засновува на фактот дека лицата со попреченост треба да имаат еднакви права како и сите други и треба да овозможат слобода на избор и независно раководење на личниот живот.

- **Образовни асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес**

Општина Струмица секогаш ја покажува својата силна заложба кога се работи за ученици со попреченост вклучени во редовниот процес . Од 2016 година преку Програмата ОКР започна со реализација на оваа социјална услуга и бевме прва пилот Општина која го реализираше проектот Лични асистенти на ученици со попречност вклучени во редовен образовен процес. Проектот се имплементира преку програмата Општинско – корисна работа во партнерство помеѓу Општина Струмица и Агенција за вработување на Р.М и истиот е финансиски поддржан од страна на УНДП. Во учебната 2019/2020 година бројот на ангажирани лица стигна 22 и тоа 9 финансирани од УНДП со 20% кофинансирање од Општина Струмица и 13 асистенти целосно финансирани од Општина Струмица.

- **Услуга за дневен престој**

**Дневен центар за лица со интелектуална попреченост.** Управуван е, и финансиран од МТСП преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Струмица. Дневниот центар е сместен во поранешната касарна на Општина Струмица, и според својата местоположба допринесува за нормално и правилно функционирање на центарот. Корисници на Дневниот центар се лица со телесна или интелектуална попреченост. Тоа се лица со тешка и најтешки пречки во телесниот развој и со комбинирани пречки. Вкупно се сместени 11 корисници и се на возраст од 7 до 20 години, во однос на полот, 7 деца се од машки пол и 5 деца се од женски пол. Центарот на своите корисници им обезбедува престој, храна и индивидуална и групна работа со лицата од страна на вработениот стручен тим. Со родителите се одржуваат редовни средби и истите се вклучени и во активностите на дневниот центар Просторот ги задоволува условите за работа и е соодветно опремен за потребите на корисниците и вработените. Вработени се вкупно три лица и тоа психолог, социјолог и социјален работник и истите се финансиски поддржани од Министерство за труд и социјална политика.

**Социјален клуб за лица со интелектуална попреченост** – Здружението ЦПЛИП Порака – Струмица брои вкупно 100 членови, раководи со социјален клуб каде што се реализираат повеќе активности од советодавни услуги, активација, ресоциализација и работна активација. Здружението располага со просторија за дневно згрижување, која е доделена од страна на општината.

**Дневен центар и клуб за стари лица на Општина Струмица.** Здружението на пензионери Струмица сега има 11.500 члена, организирани во 26 ограноци. На територијата на здружението на пензионери Струмица

функционираат 18 клубови за дневен престој на пензионери, за социјализација и 10 засебни станови. Здружението од годишната членарина и донации кои ги собира, истите ги доделува на пензионери со ниски примања и тоа 12.000 денари неповратни средства, 10.000 денари за бањско лекување и до 18.000 денари помош при лекување.

**Проект „Народни кујни''** - Владата на Република Северна Македонија, со цел да излезе во пресрет на потребите на старите и немоќни лица кои поради материјална необезбеденост се наоѓаат во исклучително тешка социјална положба, се определи за политика на развој на социјалната заштита преку обезбедување на еден топол оброк за оваа група граѓани. Во 2007 година Општина Струмица потпиша договор со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална политика и ЈОУДГ Детска радост – Струмица за подготвување и дистрибуција на храна за стари и возрасни лица изложени на социјален ризик. Согласно списокот изготвен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, 119 лица во Општина Струмица имаат добиено Решение за користење на бесплатен топол оброк, кој е подготвуван во ЈОУГД Детска градинка Струмица и истиот е дистрибутиран и делен во Дневен центар и клуб за стари лица на Општина Струмица. Во Народна кујна вработени се вкупно 3 лица и истите се платени од буџетот на Општина Струмица

**Специјализиран фитнес центар за лица со попреченост**. Центарот е отворен во рамките на проектот „И ние постоиме“ преку Регионална програма за локална демократија на Западен Балкан финансиран од ЕУ, а спроведен од УНДП и поддржана од Општина Струмица. Овој центар е единствен во регионот и истиот се спроведува од Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ од Струмица и Здружение на граѓани за помош и поддршка на лица со даунов синдром „ВЕРА“ од Струмица. Тимот кој што работи е составен од фитнес тренер и волонтери – асистенти кои им помагаат на лицата со попреченост во извршувањето на вежбите. Бројот на корисници кои ги користат овие услуги изнесува околу 30-тина.

**Услуга на привремен престој** - Центар за рехабилитација и реинтеграција на поранешни зависници од наркотични средства. Тераписка заедница “Покров” е првата долгорочна рехабилитациона програма за одвикнување од дрога, алкохол и хазарт во Македонија, отворена во 2009 г. структурирана по принципот на светските тераписки заедници. Најголем дел од средствата во проектот Покров се донирани од Швајцарската агенција за развој (SDC), Општина Струмица, Струмичка епархија и други партнери од локалниот бизнис сектор. Проектот за реновирање на Центарот за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дрога и алкохол – ’Покров’ во Струмица е пример за функционирањето на Програмата Форуми во заедницата. Здружението Избор од Струмица долги години работи на повеќе програми кои опфаќаат давање на услуги на лица корисници на дрога. Една од програмите е програмата за одржување на ниска преваленца на ХИВ која опфаќа интравенски корисници на дрога. Годишниот број на опфатени лица во оваа програма е 530 лица од регионот на Општина Струмица и струмичко.Во оваа програма за одржување на ниска преваленца на ХИВ спаѓа и програмата за унапредување на здравствените и социјалните права на сексуалните работници во Струмица.

**Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство.** Општина Струмица е прва општина во Република Северна Македонија која со сопствени средства отвори Шелтер центар. Врз основа на статистиките од Центарот за социјални работи и Здружение на граѓани Скај Плус Струмица, препознавајќи ги потребите на граѓаните/граѓанките увидовме нужна потреба за отварање на Шелтер центар во Општина Струмица. Општина Струмица покрај финансиските средства го обезбеди и просторот во кој е сместен Шелтер центарот на Општина Струмица. Шелтер центарот претставува комплекс од социјални услуги за лица жртви на семејно насилтво, жени и деца, кои можат да бидат сместени за период до 6 месеци и ќе

бидат насочени кон обезбедување на индивидуална поддршка, задоволување на секојдневни потреби и правно советување или социјално – психолошка помош кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.

**Центар за дневен престој на деца со попреченост во општина Струмица.** Во центарот за децата со попреченост се спроведуваат разновидни активности како и услуги со индивидуален третман. Услугите ги спроведува здружението за поддршка во развојот и специјална едукација и рехабилитација на децата – Едупрактика која заедно со општина Струмица доби грант за развој на оваа услуга. Центарот е наменет за вкупно 44 корисници - деца со попреченост од 3 до 14 години. Од нив, односно 24 деца, ги користат услугите за дневен престој, а останатите имаат можност за индивидуален третман. Активностите во дневниот престој и индивидуалните третмани ги спроведуваат тим од 10 вработени, составен од стручен персонал и негуват

**Клуб за помош и поддршка на деца и млади со Даунов Синдром.** Во клубот, лицата преку воннаставни активности се социјализираат и се подготвуваат да бидат самостојни во заедницата, а за нивните семејства тоа значи помош и поддршка за надминување на проблемите во заедницата.

**Парелелка на деца со аутизам.** Пред точно 14 години во Струмица започна со работа првата паралелка за образование на деца со аутизам. Формирани се две групи со по четири ученици со аутизам на различни нивоа. Организатор на наставата е ООУ „Сандо Масев“ од Струмица, а „пионерската“ улога во отворањето на паралелката за ученици од ваков вид на попреченост, ја имаше Општина Струмица. Истата е сместена во Детската градинка Клон 4 во Општина Струмица која е под надлежност на Општина Струмица. Денес наставата ја посетуваат 8 деца со аутизам, од Струмица поделени во неколку групи во три паралалеки, а за нивната потреба од неодамна е отворена и таканаречена „Сензорска соба“. Со оваа паралелка работат тројца дефектолози и истите се финансиски поддржани од страна на Министерството за образование.

**Услуги за вон – семејна заштита.** Живеење со поддршка – Според податоците и евиденцијата од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица во моментот имаме евидентирано 33 деца без родители и родителска грижа и тоа 15 деца се сместени во згрижувачки семејства, 12 деца се сместени во роднински семејства и 6 деца се сместени во мал групен дом. (Извор: Социјален план на Општина Струмица 2021-2024)

На подрачјето на Општина Струмица има Јавна меѓуопштинска установа Центар за социјални работи. Согласно нивната евиденција, во табелата дадени се бројот на корисници на гарантирана минимална помош по години (корисници кои се материјално необезбедени и без примања). Од табелата може да се види дека бројот на домакинсва кои користа гарантирана минимимална помош има тендеција да расте. Во 2022 година во однос на 2020 тој број е зголемен за 271 домакинство, односно за % проценти.

Табела за корисници на гарантирана минимална помош

| Корисници на гарантирана минимална помош | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Носители на домаќинства | 1593 | 1858 | 1864 |
| Носител на домаќинство - жена | 432 | 523 | 543 |
| Членови на домаќинства | 4104 | 4268 | 4367 |
| Возраст на најзастапени | Од 46 до 59 год. | Од 26 до 45 год. | Од 46 до 59 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| корисници (во години ) | 897 | 978 | 986 |

Од табелата може да се види дека бројот на домакинства кои користат гарантирана минимимална помош има тендеција да расте. Во 2022 година во однос на 2020 тој број е зголемен за 271 домакинство, односно за 15 % проценти.

- **ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ**

Општина Струмица согласно законските надлежности преку Програмата за активности на Општина Струмица во областа на социјалната заштита доделува еднократна парична помош.
Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

| Ред. бр. | Причина за барање на еднократна парична помош | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тешка финансиска состојба | 83 | 47 | 36 | 40 |
| 2 | Стари лица | 37 | 12 | 12 | 34 |
| 3 | Лекување | 29 | 7 | 5 | 11 |
| 4 | Самохран родител | 14 | 4 | 3 | 6 |

| Ред. бр. | Баратели на еднократна парична помош по пол | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мажи | 89 | 38 | 37 | 58 |
| 2 | Жени | 74 | 32 | 29 | 33 |

Од податоците во табелите може да се заклучи дека најголем број на барања за еднократна парична помош се доделува на лица со тешка финансиска состојба (лица без работа, лица со мали промања). Најголем број на барања за еднократна парична помош се доделуваат на лица со тешка финансиска состојба и лекување. Бројот на лицата кои се нашле во тешка финансиска состојба во периодот од 2022 е зголемен за 36% во однос на 2021 година. о пол се гледа дека бројот на барањата од женскиот пол е поголем во однос на машкиот пол и тоа: 2021 година за 8%, 2022 за 10% и 2023 година за 16%.

- **Домување**

Табела: Број на живеалишта и лица кои живеат во живеалиштата според видот на живеалиштето во Општина Струмица од Попис 2021 година

| Струмица (2021 година) | Вид на живеалиште - ВКУПНО | Станбена зграда | Нестанбена зграда | Зграда за институционално домување | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на живеалишта | 12208 | 12172 | 31 | 4 | 1 |
| Лица кои живеат во живеалиштата | 49995 | 49921 | 6 | 64 | 4 |

Од податоците од табелата се гледа дека бројот на вкупните живеалишта е 12.208 во кои живеат 49995 жители. Најголем број жители , односно 49921 живеат во 12172 станбени згради.

Општина Струмица има формирано Општинскиот Совет за социјална заштита. ОССЗ има вкупно 21 членови и тоа: претставници на Советот на Општина Струмица, општинска администрација, Сектор за внатрешни работи, Основно Јавно обвинителство, Агенција за вработување-Центар за вработување Струмица, ЈЗУ,,Здраствен дом', Центар за социјални работи, претставници на Здруженија на граѓани, основни училишта и средни училишта. По потреба во работата на ОССЗ се вклучуваат и други заинтересирани институции и организации. Советот за социјална заштита го изготви Социјалниот план на Општина Струмица 2021-2024, Планот беше изговен со претходно мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на нови социјални услуги, се со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме за поквалитетен живот на нашите граѓани од ранливи категории.

**Култура**

**Традиционални културни настани кои ги одбележува општината**

Во Струмица се одржуваат низа манифестации од кои некој од нив имаат и меѓународен карактер. Такви настани се „Струмичкиот карневал", „**Меѓународната Струмичка ликовна колонија"** , фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков", Меѓународен филмски и видео фестивал „Астер фест".

***Струмички карневал.*** Една од највпечатливите културно-фолклорни манифестации во кои се споени долговековното духовно културно наследство и современите текови на животот, е преставен преку Струмичкиот карневал. Струмичкиот карневал се одржува традиционално секоја година во рамките на тримерските денови, односно на почетокот на големиот Велигденски пост. Во 1995 година Струмица со својот карневал се вклучува во големата фамилија на карневалски градови во светот, односно е примена во **FECC - Faundation of the European Carneval Cities-** Здружение на европските градови, а во 1998 година Струмица беше и домаќин на Конгесот на оваа светска асоцијација.

***Меѓународна Струмичка ликовна колонија.***Една од најзначајните културни случувања во градот и Републиката. Постои од 1964 година, а се одржува секоја година во периодот од 01 до 20ти август.Секоја година учествуваат 20-24 уметници сликари од разни земји на светот кои зад себе оставиле и остават огромна и значајна збирка на уметнички дела.

***Меѓународен фестивал на камерен театар Ристо Шишков.***Ова е традиционален фестивал на камерен театар во чест на великанот на македонското глумиште- актерот Ристо Шишков. Се одржува секоја година од 8 до 14 Септември. Фестивалот е од награден карактер со една единствена награда за најдобра актерска изведба.

***Меѓународен филмски и видео фестивал на Југоисточна Европа „Астер фест".***Се одржува од 24-26 јуни до 2012 година, а од 2012 во рамките на настаните на Струмица Опен фестивал. На него учествуваат професионални филмски автори од 14 земји кои живеат или се родени во Југоисточна Европа.

***Струмица ОПЕН фестивал*** е најголемата културно-уметничка и забавна манифестација во регионот која се одржува од 2012 година. Изминатите осум години програмата на овој фестивал на свој веќе препознатлив начин ги разубавува летните ноќи на 20-тина отворени локации во Струмица и околината. Низ годините, фестивалот бележи огромен раст на квалитетот и бројот на настаните. Од фестивал со 7-дневна програма во 2012 година Струмица ОПЕН фестивал прерасна во 10-неделен фестивал со над 30 настани. Интернационалните гости, не само како дел од програмата, туку и како посетители кои ги полнат хотелските капацитети во летниот период се вистински показател за прераснувањето на оваа манифестација во силен струмички бренд. Во моментот СОФ важи за еден од најмасовно посетуваните настани во нашата земја. Целта на манифестацијата е активирање на сите сетила на граѓаните, конзумирање културна програма на високо ниво, уникатни забавни настани како и врвни музички концерти зачинети со вкусна храна. Освен тоа има цел да ја поттикне креативноста на локалните жители и да го зголеми нивото на квалитетот на културно-уметничкиот живот во нашиот град. За време на последното, осмо издание на Струмица ОПЕН фестивал присуствуваа над 250.000 посетители. Струмица ОПЕН фестивал 2019 ги отвори вратите на љубителите на спортот, музиката и уметностите со најуникатниот фестивалски концепт досега. Новитет за минатогодишното издание беше поголемиот акцент на спортско-рекреативните активности во соработка со локалните спортски клубови. Дел од настаните имаа натпреварувачки карактер, а дел остануваат како повеќегодишна традиција за фестивалот. Културно-уметничката и музичка програма опфати класична, џез, рок, поп, хип- хоп и електронска музика со на над 30 домашни и странски музички ѕвезди за сите вкусови.

**Археолошки локалитети и наоди**

Позначајни културно-историски споменици во Општина Струмица се : „Св. Богородица Елеуса“ - Вељуса, „Св.Леонтиј“ Водоча, „Св. 40 **Севастополски** Маченици“, Археолошки локалитет „Св.15 Тивериополски Маченици“ Струмица, „Орта Џамија“ Струмица, тврдината „Цареви кули“, **„**Струмин гроб“ и други**.**

***Св. Богородица Елеуса, Вељуса.*** Меѓу средновековните цркви од византискиот период, на оддалеченост од 7 км западно од Струмица во с. Вељуса се наоѓа манастирската црква Света Богородица Милостива (Елеуса), посветена на празникот Воведение на Пресвета Богородица (21 ноември стар и 4 декември нов стил). Според изворно богатата историска документација зачувана за овој манастир (присутни во Светогорскиот манастир Ивирон) оваа црква го зазема едно од најзначајните места во црковната и културната историја не само во југоисточниот дел на Македонија, туку пошироко на Балканот. Во подниот мозаик застапени се геометриски мотиви и ги пратат основите на конхите во централниот дел од наосот, натрексот и јужната капела. Изградбата на Вељушкиот храм е карактеристична и по многу претенциозните желби на основачот: не со димензиите, туку пред се со ликовните вредности и раскошната ризница од скапоцени уметнички творби да ги надмине сите постојни уметнички остварувања на црквите во струмичката средина.

***Св.Леонтиј Водоча***. Комплексот цркви Св. Леонтиј се наоѓа во село Водоча на оддалеченост од 4 км. од Струмица. На локалитетот се сочувани три цркви (источна, западна и средна) со три фази на живописување во ентериерите, архитектонски остатоци, придружни објекти и манастирски комплекс, трпезарија, стопански објекти, две бањи и повеќеслојна христијанска некропола. Од ранохристијанскиот период се сочувани темелни партии од базилика со мермерна декоративна пластика од V и VI век, а во VII до IX век. Подоцна е подигната источната, трикорабна куполна црква, која била епископска. Оваа црква е оштетена во Самуиловиот период а подоцна е повторно обновена. Како епископска се споменува во

1018 год. во повелбите на Василиј II, по пропаста на Самуиловата држава. Денес од неа се зачувани олтарната апсида, проскомидијата и ѓакониконот.

***Св. 40 Севастиски Маченици***. Средновековната црква „Св. 40 Севастиски Маченици" во близина на населбата Банско се наоѓа на 1,5 км северно од селото и 1 км западно од асфалтниот пат за Банско. Црквата Св. 40 Севастиски Маченици има основа на слободен крст со развиен апсидален простор: ѓаконикон и проскомидија, а на запад продолжува наосот со влез, додека на исток се сочувани остатоци од синтронос. Тоа упатува на заклучок дека црквата била и епископско средиште. Временски црквата, според архитектонската градба и животописот припаѓа на XII и XIII век, а била доградувана и во турскиот период. Црквата поседувала бел мермерен иконостас од кој се пронајдени сочувани декоративни и конструктивни елементи.

***Св. Петнаесет Тивериополски Маченици***. Комплексот цркви „Св.15 Тивериополски Маченици" во Струмица е една од најстарите ранохристијански базилики на Балканот. Со неа е сврзано народното предание за 15-те христијански маченици дојдени од Тивериопол (Мала Азија). Петнаесетте Маченици од Тивериопол биле погребани во доцноантичка некропола, надвор од градот, каде што се закопувале христијаните. На овој простор е откриен комплекс од црковни градби во чиј централен дел се наоѓа голема засведена гробница. Централната гробница и другите 16 засведени гробници се изградени врз постар храм, односно ранохристијанска базилика, чиј под бил декориран со полихромен мозаик. Појавата на крстот меѓу мотивите на мозаикот укажува на христијански објект.

***Орта Џамија.*** Еден од репрезентативните духовно-уметнички светилишта во Општина Струмица ги претставуваат архитектурата и живописот од црквата во старото урбано јадро на Струмица под темелите на исламскиот верски објект Орта Џамија. Опожарените градби од камен и кал го најавуваат постоењето на трикорабна црква од крајот на XI и почетокот на XII век.

***Цареви кули***. Тврдина која се наоѓа на ридот над Струмица. Оваа тврдина се наоѓа на зарамнено плато , опкружено со дебели ѕидови и кули. Денес, само фрагментарно се зачувани ѕидините на западната страна, кулата на југозападната страна, централната кула и правоаголната просторија длабока неколку метри, која служила како склад за жито, вино, вода, и др.Главниот влез бил на јужната страна. Тврдината најверојатно била во употреба уште во I век п.н.е. па се до турскиот период.

***Римска Терма.*** Локалитетот познат како Римска терма претставува всушност доцноримско термоминерално лекувалиште (Balneum) кое е подигнато во III и IV век. Тој се наоѓа на околу 12 км оддалеченост источно од Струмица, во подножјето на планината Беласица. Термата е откриена во 1978 год. при копањето на темелите на хотелот "Цар Самуил". Објектот ги користил лековитите води на изворот "Парило", кој се наоѓа на 50 метри југозападно од него, чиј капацитет е 42 литри во секунда, а температурата е 72°Ц. Во бањата досега се откриени 11 простории со вкупна корисна површина од 623 м$^2$. Ѕидовите се зачувавани во височина од 2 метра до 6,70 метри. Зачуваноста е најголема во просториите што служиле како сауна и базенот со ладна вода – фригидариум. Во сите простории се зачувани подовите, кои се градени од тула и малтер и почетните партии од сводните конструкции. Зачуван е и комплетниот систем на подното и ѕидното затоплување, а се зачувани и доводните и одводните канали. Со последните ископувања се пронајдени нови објекти во кои се откриени полихромни подни мозаици од средината на IV век.

***Струмин гроб.*** Одалечен е 3км од Струмица.Гробот има мавзолеен изглед и се состои од 9 слоеви делкан бигор. Гробот е висок 230 см, широк 240см и долг 400 см.За настанувањето на гробот кај народот постојат три легенди:

◊Гробницата припаѓала на Струма, сестрата на кралот Марко

◊Гробницата припаѓала на Персеј, принц, роднина на Александар Македонски

◊Гробницата припаѓала на Струма, ќерка на некој заповедник на Словените на Струмичката област.

**Културни институции**

**ОПШТИНСКА МАТИЧНА БИБЛИОТЕКА ''БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО''.** Формирана во 1946 година како градска библиотека. Во 1961 година прераснува во матична библиотека. Од 1978 година е сместена во сопствен објект со површина од 600м кој оваа 2006 година е целосно реконструиран.Организација: Во склоп на Матичната библиотека работат и три подрачни библиотеки во населенте места: Колешино, Муртино и Василево, истите се сместени во Домовите на културата.

- Број на вработени: 14
- Книжен фонд: 140.000 монографски публикации.

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРА И МУЗЕЈ.** Установата е основана како покраински музеј во 1952 година. Од 01.01.2005 година прераснува во регионален конзерваторски центар надлежен за Струмица, Дојран, Валандово, Богданци, Гевгелија и нивните околини.

**Галерија на икони**. Галеријата се наоѓа во долниот дел на црквата “Св. 15 тивериополски свештеномаченици”. ормирана е во 2000 година и за неа се грижи НУ Завод и Музеј – Струмица. Галеријата содржи 67 икони, плаштеница “Оплакување Христово”, црквено – богослужбени книги, кандила, чинии и свеќник. Највредна икона е “Пресвета Богородица со Исус Христос”, од XV век, која е донесена од манастиорт “Св. Богородица Елеуса” – Велјуса.

**НУЦК АНТОН ПАНОВ.** Почнувајќи од 06 Април,2004, со измените на одредбите од новиот закон за култура на Р Македонија, трите претходно самостојни организации : Дом на култура, Уметничка галерија и Народен театар Антон Панов, се интегрираа во една заедничка организација, под името Национална установа Центар за култура Антон Панов – Струмица. Објектот на Центарот за култура Антон Панов – Струмица, е една инпозантна градба од 5560 м2 изграден од самопридонес на граѓаните, пуштен во употреба од 01.05.1986 година, како Дом на културата Благој Јанков Мучето. Народниот театар Антон Панов, основан 1949 година и Уметничката галерија Струмица, основана 1964 година, исто така тука најдоа свој простор за обавување на своите активности, со што овој објект прерасна во храм на музиката, уметноста и целокупното културно живеење на граѓаните од овој град. Националната установа Центар за култура Антон Панов,Струмица, во рамките на своите програмски активности реализира годишна програма како производ на активностите на трите сектори кои работат и делуват во истиот. Имено, програмата на центарот е сублимат на активностите од : Драмско сценскиот, ликовнио-галерискиот и музичко концертниот сектор. Културниот центар Антон Панов, Струмица го организира, консолидира и води целокупниот културен живот во општината.

**ОМ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ „БЛАГОЈ МУЧЕТО“ – СТРУМИЦА.** Во домот децата и младите се ангажираат во нивното слободно време на колективни општествени занимања, како и индивидуални активности за кои покажуваат интерес, како и грижа за докажување. Со разни форми на работа се овозможува средба на децата за забава, игра и слично при што се води грижа при концептирањето на содржината за работа, а се тргнува од идејните позиции на

нашето општество потпирајки се на културно научна и хумана основа. Се настојува поврзување на децата и младите од сите училишта во општината, регионот како и од државата и надвор од неа. Соработува со сите организации и асоцијации што собираат деца и млади во своите редови како и со стопаски организации. Стекнатите знаења и умеења и творечките докажувања децата ги применуваат во практика преку разни форми на манифестации како: културно забавни програми, литературни читања, ликовни и литературни конкурси, квиз натпревари, изложби, драмски и куклени претстави, организирање на детски средби и гостувања, посета на културно историски знаменитости и слични манифестации. Во домот децата членуваат во повеке клубови односно секции за кои покажуваат интерес како: рецитаторска, литературна, новинарска, драмска, пеачка, фолклорна, ликовна, музичка, модерен балет, млади археолози, и други активности за кои изразуваат желба

**СПОРТ**

Општина Струмица е една од најразвиените спортски општини во Република Северна Македонија. Може да се пофалиме дека после Скопје имаме најмногу клубови учесници во највисок степен на натпревари (прва лига) особено во т.н големи спортови:

Прволигаши:

- Фудбал (ФК Академија Пандев АД, ЖФК Тиверија Струмица)
- Одбојка (ОК Струмица, ОК Наковски Волеј, ОК Македонија, ОК Струмица жени)
- Кошарка (КК Струмица АД)

Може да се спомнат и второлигашите како што се: ФК Беласица АД, РК Астраион, ОК Виктори Волеј, ППК Астраион Мегаспин како и клубовите кои го претставуваат индивидуалниот спорт: КК Шихан, КК Фудо, Тим Зоран, Тениски клуб НЕТ, планинарски клубови, орентациони клубови, вело клубови, ловечки и риболовни друштва кои севкупно ги имаме околу 70-тина на број.

Во продолжение се наведени спортски објекти кои се во државна сопственост (дадени под концесија, училишни спортски сали, приватни спортски објекти како и општински објекти со доставени прилози - договори):

- **СТАДИОН МЛАДОСТ / БЛАГОЈ ИСТАТОВ** кој е со капацитет од 4 760 места за седење (Концесионер ФК Беласица до 2037 година)
- **СПОРТСКА САЛА ПАРК** кој е со капацитет од 2 220 места за седење (Концесионер КК АБА до 2025 година)
- **СПОРТСКА САЛА ПАРТИЗАН** кој е со капацитет од 250 места за седење (Концесионер КГС ПАРТИЗАН, Концесијата е истечена)

Со училишните спортски објекти (училишни спорски сали) стопанисуваат училиштата кои преку управните одбори ги издаваат на спортски клубови, спортски друштва и рекреативци

- **УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ НИКОЛА ВАПЦАРОВ- СТРУМИЦА** (Мала сала за кошарка, одбојка, ракомет, мал фудбал. Димензии 44 x 25 со трибина 400 седишта )
- **УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ САНДО МАСЕВ – СТРУМИЦА** (Мала сала 25x15 без трибини)
- **УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ МАРШАЛ ТИТО – СТРУМИЦА** (Мала сала за боречки спортови, пинг понг и одбојка 25x15 без трибини)
- **УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ ДАМЕ ГРУЕВ - КУКЛИШ** (Мала сала за кошарка, одбојка, ракомет, мал фудбал. Димензии 44 x 25 со трибина 400 седишта )
- **УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ СОУ ДИМИТАР ВЛАХОВ- СТРУМИЦА** (Мала сала за кошарка, одбојка, ракомет, мал фудбал. Димензии 44 x 25 без трибина )

**Приватни објекти:**

- **СПОРТСКИ ЦЕНТАР АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ:** Спортски објект (фудбалско игралиште) во приватна сопственост на најпознатиот македонски фудбалер Горан Пандев со капацитет на трибини - 500
- **МАЛО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ:** Спортски објект (фудбалско игралиште) во приватна сопственост на најпознатиот македонски фудбалер Горан Пандев

**Општински објекти дадени на користење на спортски клубови:**

- **ОПШТИНСКО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА "ФИЛИП ЛАЗАРЕВСКИ":** Изградено во 2014 година од страна на Општина Струмица и Фудбалската Федерација на Македонија со намена исклучиво за фудбал , дадено на користење на фудбалските клубови од Струмица: ФК Академија Пандев АД, ФК Беласица, ФК Тиверија, ЖФК Тиверија како и спортската фудбалска паралелка- Струмица. Стандардни фудбалски димензии 105 x 68 со трибина со капацитет 150 седишта.
- **СТАДИОН СЦ ИСТАТОВ (ГРАДСКО БАЛДОВЦИ):** Направено во 2010 година од страна на СЦ Истатов со намена исклучиво за фудбал , дадено на користење на 10 години на СЦ Истатов. Стандардни фудбалски димензии 105 x 68 со трибина со капацитет 400 седишта. Концесијата е истечена. Во моментот игралиштето го користи локалниот фудбалски клуб од с. Градско Балдовци кој настапува во 3-та лига - исток.
- **ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ ВО АРМ.** Располага со два терена за тенис. Истите се дадени под концесија од страна на државата на Тениски Клуб НЕТ од Струмица

## Женски спорт

Во Струмица најприсутен спорт е одбојката и тоа во женска конкуренција со активно учество на четири клуба во организиран систем на натпреварување и тоа:
- ОК Струмица жени (прва лига)
- ОК Наковски волеј (прва лига)
- ОК Македонија (втора лига)
- ОК Виктори волеј (втора лига)

Само во овие четири клуба активно спортуваат повеќе од 600 девојки од најразлична возраст

*ЖФК Тиверија Струмица*

Клубот настапува во првата женска фудбалска лига, неколку пати шампион во кадетска и младинска конкуренција како и освојувач на купот на Македонија. Клубот има регистрирано 180 фудбалерки од најразлична возраст. Општина Струмица секоја година ги помага активностите на клубот кој е најактивен низ различни проекти, донаторски и еколошки акции.
- Со срце за Струмица
- Да, и девојките играат фудбал
- Куп на Карневалот (турнир женски фудбал)

*ЖРК Струма*

Женскиот ракометен клуб Струма учествува во пионерската ракометна лига. Во него членуваат околу 30-тина девојки

Покрај горенаведените клубови во останатите покрај во машка конкуренција се натпреваруваат и девојки. Такви клубови се следните:

- Пинг понгарски клуб Астраион Мегаспин
- Тениски клуб НЕТ
- Шотокан карате клуб Шихан
- Шотокан карате клуб Фудо
- Кошаркарски клуб Струмица МВП
- Кошаркарски клуб Ролинг 08
- Планинарско Алпинистички Орентационен Клуб Еделвајс
- Алпинистичлки клуб Скала
-Ориентационен клуб Ентузијаст
- Ориентационен клуб Маратон

**Здравство/здравствени установи во општината**

**ЗДРАСТВЕН ДОМ СТРУМИЦА**

ЈЗУ Здравствен дом Струмица е здравствена установа од примарна здравствена заштита во која се вработени лица со следнава професионална структура:

- Стоматолози
- Стоматолози на специјализација
- Средно медицински персонал

Вработените се поделени во повеќе служби и тоа:

1. Општа болница со домашно лекување
2. Трудова медицина
3. Спортска медицина
4. Педијатрија
5. Гинекологија со породилно Ново Село
6. Школска медицина
7. Лабараториска дејност
8. Депо за лекови
9. Стоматологија
10. Административно-техничка служба
11. Центар за ментално здравје

ЈЗУ Здравствен дом – Струмица дава здравствени услуги на територија на општините: Струмица, Ново Село, Василево и Босилово.Службата за трудова медицина, Спортска медицина, Педијатрија и Школска медицина-специјалистички ординации се наоѓаат во кругот на т.н. Нова Болница на ул.„Младинска“ бб. Амбулантите по општа медицина се лоцирани во зградата на т.н.: Стара Болница на ул.„Димитар Влахов„ каде е сместена и Службата за итна медицинска помош со домашно лекување и Стоматолошката служба. Амбулантата по општа медицина има во 4 УЗ во Струмица, како и населените места Ново Село – општи амбулант и породилиште, како и во населените места Дражево, Сушица, Куклиш, Костурино, Попчево, Вељуса, Дабиље, Муртино, Моноспитово, Мокриево, Босилово, Турново, Василево, Иловица, Просениково, Пиперево.

ЈЗУ Здравен дом Струмица располага со 3 транспортни санитетски возила. ЈЗУ Здравен дом има свое Депо за лекови, во кое има вработено еден дипломиран фармацевт и еден фармацевтски техничар.

**ГРАЃАНСКИ СЕКТОР**

На територија на Општина Струмица активни се следниве Здруженија на граѓани:

- ОО на Црвен Крст Струмица
- Организација на жените на Општина Струмица, Струмица
- ЗГ Скај плус Струмица
- ЗГ Избор Струмица
- ЗГ Мобилност Струмица
- Фондација ,,Елеуса"Струмица
- Фондација за развој на мали и средни претпријатија - Регионален центар Струмица
- Здружение за помош и поддршка на лица со Даун синдром ,,Вера" Струмица
- Центар за истражување и анализи Новус Струмица
- Здружение за развој и едукација на лицата со пречки во развој ,,Еднаквост" Струмица
- Здружение на граѓани „Хајат-НВО"Струмица
- Здружението на граѓани Еколошко друштво Планетум"Струмица
- Здружение на граѓани „Порака"Струмица
- Здружението на граѓани Сојуз на синдикат на земјоделски производители" Струмица
- Здружението за унапредување и развој на земјоделството ,,Хорти Еко" Струмица
- Здружението на граѓани Еколошко друштво ,,Планетум" Струмица и други

## Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија

Заштитата на животната средина претставува еден од клучните сегменти за локалниот развој на заедницата. Нејзините карактеристики се придобивки на заедницата кои ги наследува, користи, но и отстапува на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е значаен фактор кој го унапредува квалитетот на живеење како на сегашните, така и наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е во функција на развој на економијата, посебно на туризмот. Со користење на обновливи извори на живот се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективите во областа на економијата, а со тоа и на вработувањето.

Природното наследство содржи развојна и културно - морална димензија.

Состојбите на животната средина се однесуваат на тоа во која мерка успеваме да се справиме со депонирањето на комуналниот отпад, но и други отпадни материи, квалитетот на водата, воздухот и почвата и заштитата на вредностите на природата.

### *Управување со отпад*

Во Општина Струмица има Депонија Шапкар за санитарен и индустриски отпад во село Добрашинци со површина од 12 (ха). Вкупните количини коишто се депонираат-исфрлаат дневно изнесуваат 44,25 тони. Депонијата се наоѓа на 15km од градот Струмица и до неа води асфалтиран пат. Површината на депонијата изнесува 12 ха и е во употреба од 1986 год. Депонијата ги исполнува сите минимум технички услови коишто се предвидени за една комунална депонија. Од предфизибилити студијата за интегрирано управување со цврст отпад во Југоисточниот регион е констатирано дека нема потреба од поставување на pvc – мембрана, бидејќи подлогата на депонијата е од глина со КВ.10-7 до 10-9 m/sec. и длабочина до 20m. Покрај самата депонија постои цевковод преку кој депонијата може да се снабди со техничка вода. Целата депонија е оградена односно затворена со мрежа, пред влезот е поставена рамка

со портирница. Имајќи ги во предвид сите овие предности, оваа депонија е избрана за регионална депонија во Југоисточниот регион. Состојбата со депониите налага оптимално решавање на проблемот. Пред се се мисли како на примарна селекција на отпадот, но и на организирано подигнување на отпадот од што поголем број на населени места во општината.

***Собран и создаден отпад***

Согласно податоците за општина Струмица, ЈПКД „Комуналец“ врши организирано собирање на отпадот од 12.100 домаќинства и 1.501 правно лице, или 33.825 жители (од вкупно 49.955 жители), во градот Струмица, 15.513 жители во населените места и во неколку јавни институции и производни погони во населените места. Останатите рурални населени места во Општината (Попчево, Белотино, Рич, Дорломбос и Мемешли) односно 617 жители не ги добиваат услугите поради недостиг на технички и финансиски средства. Имајќи го предвид принципот универзалност на услугата кој е застапен во законите за управување со отпад, Општината и ЈПКД „Комуналец“ во најкраток можен рок треба да изнајдат решение и овие рурални средини да ги опфатат со организирано собирање на отпад. Прецизни мерења за количината на комунален отпад, кој се собира од градот Струмица и населените места и се транспортира и депонира на градската депонија, не се вршат. Количината на комунален отпад се пресметува врз база на запремината на транспортните возила и извршената работа.

***Водни ресурси***

Хидрографската состојба се однесува на количеството и квалитетот на површински води кои главно зависат од појавата, времетраењето и интензитетот на врнежите.

Водоснабдувањето на општина Струмица со индустријата се врши од акумулацијата Турија од 1978 г. Годишно Струмичкиот слив испорачува 5.5 - 6 милиони m3 сирова вода на ЈПКД Комуналец преку доводниот цевовод од браната Турија до фабриката за вода. Водоснабдувањето на Струмица до 1978 г. е вршено од акумулацијата Водоча. Во акумулацијата Водоча се чуваат секоја година како резерва 1-1.5 милиони m3, во случај на прекин на водата од Турија. Во акумулацијата Турија секоја година се чуваат како резерва за градот 10 милиони m3 вода. За наводнување на површините од ХМС Турија годишно се испорачуваат од 3 до 18 милиони m3. Во ХМС Турија просечно се наводнуваат од 1000 до 2500 ха годишно. При наводнувањето водата минува низ турбините на ХЕЦ Турија, која е во сопственост на Електростопанство на Македонија, и годишно се произведуваат од 500.000 до 1.200.000 kwh. Во ХМС Водоча годишно се наводнуваат од 400 до 600 ха, со просечна годишна потрошувачка на вода од 5-6 милиони м3 вода. Во општина Струмица од овој систем се наводнуваат земјоделски површини во атарите на Струмица, Баница, Водоча, Вељуса и Добрејци. Од населбите кои се дел од општината Струмица, од ХМС Турија се наводнуваат земјоделските површини само од Просениково. Водите од акумулацијата Маркова река, се користат за снабдување на Куклиш и Свидовица и за наводнување на 300ха во атарите на Градско Балдовци и КуклишНемаме податок за квалитетот на водата на површинските води во општината.

Канализациониот систем на град Струмица е сепаративан и водите од него гравитационо се испуштаат во реципиентите – реките Тркања и Водоча. Изграден е од азбест-цементни, ПВЦ и ПЕ цевки со пречник од Ф200мм до Ф1400мм во вкупна должина од околу 105 км. Канализационите цевки се водени по осовината на улиците, со заеднички ревизорни шахти.

Фекалната канализација е решена преку единаесет главни колектори (К1 – К11) во кој се приклучуваат соодветните секундарните канали. Сите колектори се сливат во еден главен собирен колектор (Ко) кој се испушта во река Тркања, близу до локацијата на идната пречистителна станица за отпадни води.

Атмосферската канализација ги опфаќа каналите за одводнување на водите од урбаното градско подрачје, како и одводните канали кои ги прифаќаат надворешните површински води што го напаѓаат урбаното подрачје. Атмосферската канализација ги опфаќа каналите за одводнување на водите од урбаното градско подрачје, како и одводните канали кои ги прифаќаат надворешните површински води што го напаѓаат урбаното подрачје.
Атмосферската канализација во градското подрачје е организирана во осум главни колектори ( К1 – К8 ). Испуштањето на колекторите К1, К2 и К3 е директно во река Водоча, додека колекторите К4, К5, К6, К7 и К8 се испуштаат во отворениот канал "Крушевска Република" кој се влива во река Тркања.

Општина Струмица, има вкупно 49 955 жители, од нив околу 99% се покриени со водоснабдителниот систем, и тоа преставува бројка од околу 8.600 домаќинства. Водоснабдувањето на општина Струмица со индустријата се врши од акумулацијата Турија од 1978 г. Годишно Струмичкиот слив испорачува 5.5 – 6 милиони м3 сирова вода на ЈПКД Комуналец преку доводниот цевовод од браната Турија до фабриката за вода. Водоснабдувањето на Струмица до 1978г. е вршено од акумулацијата Водоча.

Во акумулацијата Водоча се чуваат секоја година како резерва 1-1.5 милиони м3, во случај на прекин на водата од Турија. Во акумулацијата Турија секоја година се чуваат како резерва за градот 10 милиони м3 вода. За наводнување на површините од ХМС Турија годишно се испорачуваат од 3 до 18 милиони м3. Во ХМС Турија просечно се наводнуваат од 1000 до 2500 ха годишно. При наводнувањето водата минува низ турбините на ХЕЦ Турија, која е во сопственост на Електростопанство на Македонија, и годишно се произведуваат од 500.000 до 1.200.000 kwh. Во ХМС Водоча годишно се наводнуваат од 400 до 600 ха, со просечна годишна потрошувачка на вода од 5-6 милиони м3 вода. Во општина Струмица од овој систем се наводнуваат земјоделски површини во атарите на Струмица, Баница, Водоча, Вељуса и Добрејци. Од населбите кои се дел од општината Струмица, од ХМС Турија се наводнуваат земјоделските површини само од Просениково. Водите од акумулацијата Маркова река, се користат за снабдување на Куклиш и Свидовица и за наводнување на 300ха во атарите на Градско Балдовци и Куклиш.

*Опис на речните корита*

Пред Втората светска војна состојбата на речните корита била многу лоша. Не можело да стане збор за некакви регулациони работи, па немало ниту една река или порој што биле регулирани. Се било оставено на природната стихија, големите води не можеле да бидат прифатени во нерегуларните корита, а Струмичкото поле било почесто поплавувано, па дури и од средни и мали води. Поради таквата лоша состојба во која се наоѓале реките и водотеците,првите работи на одводнувањето се започнати со изведбата на Младинскиот канал, за прифаќање на вишоците води од беласичките порои и прокопување на Моноспитовскиот канал како први одводнувања во Струмичката котлина. Потоа следува делумната регулација на р.Струмица и на некои други порои и водотеци. Со изготвувањето на хидролошка студија за р.Струмица во 1963 година, следи организиран пристап за изработка на техничка документација. Тоа било услов да се пристапи кон организирана изведба на регулациони работи на повеќе реки.

**Река Струмица:** Како главен реципиент за прифаќање на површинските води за Струмичкото поле е р.Струмица. Регулационите работи се изведени од км 0+000 до км 34+500, односно од македонско-бугарската граница па до зафатот за наводнување ,,Владевци,,. Прокопано е ново регулационо корито, формирани се вештачки насипи за обезбедување на протек на големите води, со двоен попречен профил и други придружни објекти и мостови. На потегот кај с. Просениково е изграден преливен објект за растоварување на река Струмица од

големите води и префрлување во Моноспитовскиот канал, кој преку водите одат во Моноспитовското блато,а од таму пак во р. Струмица на км 11+784,30.

**Река Турија:** Регулационите работи на р.Турија се започнати со прокопувањето на ново речно корито за свртување на истото во Азмак,со што вливот сега е кај с.Турново во р.Струмица,наместо стариот водотек кој се влеваше кај с.Просениково. Ова е изведено заради растоварување на р.Струмица на овој потег. Во овие реони кои страдаат од поплави,плодните површини можеа да бидат засадени со култури дури во месец мај,по повлекувањето на водите.Реката Турија служи и како реципиент на отпадните води од ХМС,,Турија,, чија бруто површина изнесува 11015 ха.

**Река Тркајна:** Извршени се регулациони работи од вливот во Моноспитовскиот канал на км 0+000 до км 4+980 во должина од околу 5,0 км. до пред базната преграда. Изведената базна преграда има функција на смирување на поројните води и како такви ги спроведува во регуларниот дел од речното корито.

**Река Водоча:** Извршени се регулациони работи на речното корито во должина од 20.50 км. и тоа од вливот во Моноспитовскиот канал, па се до клисурестиот дел на реката над с. Водоча, со сите придружни проектирани објекти (каскади, прагови, риголи, мостови).

***Почва***

Почвата на територијата на општина Струмица, е плодна и поволна за одгледување на земјоделски производи. Во однос на морфологијата на теренот, подрачјето на речниот слив на река Струмица, е спуштен терен на просечна надморска висина од 350 m.

Во сливното подрачје се застапени следните видови почви:

1. делувијални формации: составени од песочни и глинести честички од прашина со слаба порозност и просечна длабочина од 0.5 до 2 m;
2. пролувиум формации: составени од меки честички од метаморфни и магматски карпести маси со чакал и глинен песок со релативно висока порозност;
3. алувијални формации (алувиум или речен нанос):составени главно од песок и чакал со присуство на глина;
4. горни и долни речни тераси кои се составени од прашина и глинен песок и чакал со средна до голема густина со висока порозност и длабочина помеѓу 10 до 25 метри;
5. плиоценски наслаги: составени од честички од чакал, глина, лапор и варовник. Овие формации се со длабочина од 1.200 метри.

Вкупното обработливо земјиште во сливното подрачје на река Струмица изнесува 33.430 ha. Пољоделски култури се одгледуваат на површина од 24.332 ha (72.8%), а останатите 9.000 ha се користат за одгледување на повеќегодишни култури и оранжерии.

Подрачјето на општината претежно е покриено со почви од I бонитетна класа-алувијални, алувијални-карбонатни и делувијални-карбонатни почви.

Само мал дел од атарот од село Баница е покриен со почви од III бонитетна класа (карбонатна рендзина). Почви од VII бонитетна класа се застапени североисточно од периферијата на Градот до село Дабиле.

Површината на продуктивното земјиште во атарот на селата Добрејци, Баница, Градско, Балдовци, Просениково, Куклиш и градот Струмица изнесува 9.035 (ha). Од тоа на земјоделско земјиште отпаѓа 7.298 ha или 80,7%, на шумско земјиште 1.737 ha или 19,3%.

***Воздух***

Се до 25 Јануари 2018 година, Општина Струмица не беше вклучена во мониторинг мрежата на Република Македонија за следење на загаденоста на амбиентниот воздух. Не беа извршени мерења за состојбата на воздухот во градското подрачје. Со заложба на Општина Струмица, Министерството за Животна средина и просторно планирање постави станица за мониторинг на амбиентниот воздух во дворот на Општа болница до Здравен дом. Со поставување на станицата за мониторинг на амбиентниот воздух, Струмица за прв пат доби официјални податоци за состојбата на воздухот врз основа на кои може да се превземат мерки како што е Акционен план за подобрување на амбиентниот воздух и План за амбиентен воздух. На 25.01.2018 година станицата официјално беше приклучена на републичката мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот на Министерството за Животна средина и просторно планирање (МЗЖСПП). Следењето на податоците на концентрациите може да се следат на Web страната на МЗЖСПП на air.moepp.gov.mk. Од таа дата па до денес добиваме релевантни податоци за состојбата со загаденоста на амбиентниот воздух.

После изминати неполни 10 месеци на работата на мониторинг станицата поставена во дворот на Општа болница и следејќи ги параметрите на супстанциите во амбиентниот воздух изработен е Акционен план за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и Мерките и активностите за имплементација на Акциониот план кои беа усвоени на седница на Советот на Општина Струмица одржана на 31.12.2018 година, кој претставува склоп на мерки за алармирање и информирање на јавноста и во август 2019 година беше изработен и Планот за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на воздухот 2019-2024 година, исто така донесен на седница на совет. Одделението редовно ја следи состојбата на воздухот согласно извршените континуирани мерења на квалитетот на амбиентниот воздух од Државниот Автоматски Мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух (ДАМСКАВ) на дневно, месечно и годишно ниво. Се до 25 Јануари 2018 година, Општина Струмица не беше вклучена во мониторинг мрежата на Република Македонија за следење на загаденоста на амбиентниот воздух. Не беа извршени мерења за состојбата на воздухот во градското подрачје. Со заложба на Општина Струмица, Министерството за Животна средина и просторно планирање постави станица за мониторинг на амбиентниот воздух во дворот на Општа болница до Здравен дом. Со поставување на станицата за мониторинг на амбиентниот воздух, Струмица за прв пат доби официјални податоци за состојбата на воздухот врз основа на кои може да се превземат мерки како што е Акционен план за подобрување на амбиентниот воздух и План за амбиентен воздух. На 25.01.2018 година станицата официјално беше приклучена на републичката мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот на Министерството за Животна средина и просторно планирање (МЗЖСПП). Следењето на податоците на концентрациите може да се следат на Web страната на МЗЖСПП на air.moepp.gov.mk. Од таа дата па до денес добиваме релевантни податоци за состојбата со загаденоста на амбиентниот воздух.

После изминати неполни 10 месеци на работата на мониторинг станицата поставена во дворот на Општа болница и следејќи ги параметрите на супстанциите во амбиентниот воздух изработен е Акционен план за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и Мерките и активностите за имплементација на Акциониот план кои беа усвоени на седница на Советот на Општина Струмица одржана на 31.12.2018 година, кој претставува склоп на мерки за алармирање и информирање на јавноста и во август 2019 година беше изработен и Планот за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на воздухот 2019-2024 година, исто така донесен на седница на совет. Одделението редовно ја следи состојбата на воздухот согласно извршените континуирани мерења на квалитетот на амбиентниот воздух од Државниот Автоматски Мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух (ДАМСКАВ) на дневно, месечно и годишно ниво. Анализата на одделението покажува дека загадениот воздух е во периодот од 15 ноември до 1 март односно во текот на грејната сезона и загадувањето по

денови се движи приближно исто додека во пролетниот, летниот и првиот дел од есента нема загадување на воздухот.

***Шумски екосистеми***

Вкупната површина под шуми во општина Струмица изнесува 18.860 (ha). Високостеблени површини спаѓаат: бука 1.373(ha) или 7,2%, горун - 243(ha) или 1,2%, црн бор - 570(ha) или 3,0%, насади и култури 12(ha) или 0,06% и четинари 122(ha) или 0,6%. Нискостеблени површини спаѓаат: бука 353(ha) или 1,8%, горун 4.539(ha) или 24%, благун 2.198(ha) или 11,6%, плоскач 6.491(ha) или 34,4%, Б.габер 1.161(ha) или 6,1%, О. лисјари 1.199(ha) или 6,3% и О. четинари 30(ha) или 0,1%. Шикари 568(ha) или 3,0%. Согласно сопственоста 9,2% се во приватна сопственост.

Површините на исечени шуми се движат од 228(ha) во 1999 година до 315(ha) во 2004 година што е за 38% повеќе. Управувањето со шумите е во надлежност на правните субјекти: Македонски шуми, Струмички слив и Комуналец. Наведените субјекти водат грижа и за репродукција на шумскиот фонд со засадување на садници, со тоа што активно е вклучена општина Струмица и невладиниот сектор.

Општина Струмица спроведе проект за био-базирани стратегии каде беше скениран целиот регион и беа добиени податоци за потенцијалите за био маса и нивната понатамошна обработка. По овој проект продолжение е проектот Скејл ап каде крајниот продукт истотака е обработка односно компостирање на отпадот од земјоделските површини или сточарските стопанства, како и шумските остатоци за кој за прв пат добивме податоци за истите.




**Обновливи извори на енергија**

Во Општина Струмица тренд е поставувањето на фотоволтаици како обновливи извори за добивање на енергија. Во тек е процедура за инсталација на 3 MW односно изградба на фотонапонска централа со капацитет од 3MW која ќе биде поставени на пречистителната станица за отпадни води и на зградата на комуналец и според проектираната мокност ќе задоволува околу 67 посто од потребите на Општината.

Истотака имаме физибилити студија за оправданоста за доделување на јавно приватно партнество за поставување и одржување на кровни фотоволтаици на објекти во сопственост на Општина Струмица.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (вода, ветар, сонце и дрво) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е голем.

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**Процена на постенцијални ризици по заедницата**

Процената претставува документ кој е во функција на планирањето и организацита на системот за управување со кризи, го помага процесот на одлучувањето на надлежните носители на функции и одговорности на локално ниво, ја подржува комуникацијата, координацијата, соработката, партнерските односи и употребата на ресурсите заради превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните и природните богатства, како и општата безбедност на општината.

Процената на загрозеноста на безбедноста од сите ризици и опасности го опфаќа подачјето на општината, во утврдените граници на градот Струмица кој е седиште на општината и 24 населените места: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели, со вкупна површина од 321,73 км2 .

Подрачјето на Општина Струмица со своите карактеристики: географска положба, релјефот- рамничарски дел богат со земјоделски површинии ридско планински со шумско богатство, климатските услови, богатата хидрографска мрежа, социо-економскит, населбите и население, комуникацијата, животната средина со природните и културно историските богатства, стопанската развиеност и присутната индустрија како и други елементи се предуслов за појавата на повеќе ризици и опасности кои се случувале во минатото а се очекува да се случуваат и во наредниот период.

Врз основа на истражувањата, документирањето и анализата на информациите и документите за случените во минатото несреќи и непогоди, како и проценувањето преку веројатноста и предвидувањето на подрачјето на општината, утврдени се следните опасности:

1. **<u>ПОПЛАВИ</u>:** река Струмица, река Тркајна, Маркова река, Свети Илијски порој, порој Крушевска Република, преполнување на одводните канали, преплавување на улиците и излевање на атмосферската канализација низ градот, порој Арбанашник Габрово, поплава од подземни води настануваат при поројни дождови и предизвикуваат последици врз населението, имотот и обработливите површини. Накратко еве ги опасностите:
   - Поплава со излевање на реки,
   - Поплава со излевање на порои,
   - Поплава од подземни води
   - Поплава од излевање на акумулации.

2. Поплавите предизвикуваат директна, индиректна и долгорочна штета. Проценето е дека на ова територија Системот за управување со кризи има способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справување со поплавите. **<u>ПОЖАРИ:</u>** подрачјето на општина Струмица во минатото било зафатено од пожари кои предизвикале човечки загуби, материјални штети, деградација на околината и други последици. Најчести пожари кои предизвикувале поголеми штети биле шумските пожари, а потоа следуваат пожарите на објекти, пожарите на отворен простор. Опасностите се:
   - Шумски пожар
   - Пожар на објекти
   - Пожар на отворен простор

Според досегашните анализи најзастепени се шумските пожари поради повеќе причини:

- невнимателно однесување при собирање на шумски плодови, при излети, кампувања
- фрлање на отпушоци во шумите
- намерно палење поради бесправна сеча или формирање на пасишта и сл.

Причини за појава на пожари во урбаните средини се несоодветно спроведените урбанистички мерки за заштита, неправилен распоред на објектите, големите количини на запаливи материи во населените места.

**Најизразени подрачја за пожари се:**

Шумски пожари
- на масивот на планината Беласица, атарите на Свидовица,Костурино, Злешево, Орманли и Габрово
- на масивот на планината Смрдеш, атарите на Вељуса и Водоча
- на масивот на планината Плавуш, Попчево,Баница и Струмица

Пожари на објекти
- градот Струмица и населените места

Степенот на опасност може да биде од I, II, III I IV степен. Заради побрза интервенција како и навремена превенција според анализите може да се заклучи следното
- Потребно е дополнување на ТППЕ со опрема и средства
- За интервенција на шумски пожари на поголема н.м.в. потребна е набавка на теренски моторни возила за превози и специјални теренски ПП возила
- Организирање на показни вежби и сл

3. **<u>ЕКСТРЕМНИ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ</u>:** Подрачјето на општина Струмица со своите релјефни, хидрографски, климатски и други карактеристики придонесуваат за појава на опасности од екстремните временски услови како луња, град. Опасности: Невреме изразено со луња и град. Најмногу штети од оваа опасност има на земјоделските површини. Следењето на опасност од ова појава го врши радарскиот центар ,,Ѓуриште,,. На подрачјето на општина Струмица од 2013 година не се во функција противградните рампи за заштита од оваа појава.

4. **<u>ЕПИДЕМИИ НА КАРАНТИНСКИ И ДРУГИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ЛУЃЕТО И ЖИВОТНИТЕ:</u>** Подрачјето на Општина Струмица во изминатиот период беше изложено на опасноста од вирусно респиратнорно заболување КОВИД-19.

5. ДРУГИ ОПАСНОСТИ: Покрај наведените опасности подрачјето на општина Струмица е подложно и на други опасности: температурни максимуми и минимуми, сушни периоди, загадување на водата, загадување на почвата, криминални и асоцијални појави.

Општина Струмица има изготвено и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи од страна на Дирекција за заштита и спасување-Подрачно одделение Струмица.

## АНЕКС 2: ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ

**ИЗВЕШТАЈ**

од реализиран тематски состанок за подготовка на SWOT анализа за економија, комунална инфраструктура и планирање

Тематските **SWOT** анализи се изготвени на работилници при изготвување на стратегиските документи. На работилниците учествуваа засегнати страни за изготвување на стратегиски документи, кои се засегнати страни и во овој Интегриран локален развоен план.

- SWOT анализа за економија
- SWOT анализа за комунална инфраструктура и планирање

**ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – економски аспекти на општината Струмица**

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| **Образование:**<br>- Долгогодишна традиција на школство во општината<br>- Стручен наставен кадар<br>- Солидна распореденост на образовните установи на територијата на општината<br>-Потреба и желба на жителите за унапредување на образовниот систем во општината<br>- Бројни поединечни и екипни успеси на учениците во различни натпреварувања<br>- Делумно организиран систем за неформално образование на локално ниво<br>- Високо ниво на млади лица со високо образование<br>- Во наставната 2021/2022 во дел од средните училишта воведени се нови струки и нови образовни профили во соработка со струмичката бизнис заедница | **Образование:**<br>- Недоволен просторен капацитет на воспитно-образовните установи<br>- Недоволна опременост на кабинетите во сите училишта<br>- Ниска искористеност на капацитетите на надарените ученици (нивно стагнирање; пад на мотивацијата)<br>- Централизација во управување со образованието<br>- Влијание на политиката врз процесите во образованието<br>- Недоволна поврзаност на економијата и образованието<br>- Недоволно и несистематско вложување во дополнително образование на кадрите од образованието<br>- Мала стимулација и видливост на добри практики<br>- Врсничко насилство<br>- Неусклареност на побарувачката на пазарот на труд со понудата<br>- Мал број квалитетни високо образовни установи признати во системот на ЕУ школство<br>- Недоволна вклученост на младите во креирање на образовни политики<br>- Недоволна заинтересираност на возрасните за програмите за неформално образование<br>- Недостаток на потребни високошколски установи<br>- Недостаток на напредни обуки, семинари, конференции |
| **Спорт:**<br>- Голем избор на клубови за различни спортови<br>-Голем интерес од страна на деца од сите возрасти за занимавање со спорт<br>- Талентирани деца за спорт<br>- Успешна традиција на спортските клубови | **Спорт:**<br>- Недостаток на финансиски ресурси<br>- Неадекватна спортска инфраструктура и недостаток на терени за рекреација на граѓаните<br>- Недостаток од квалитетен стручен кадар од областа на спортот<br>- Неадекватна поддршка за спортските сојузи<br>- Висината на членарината во поголемиот број спортски клубови |
| **Здравје и благосостојба:**<br>- Поволна географска положба и климатски услови | **Здравје и благосостојба:**<br>- Недостаток на доктори специјалисти |

| | |
|---|---|
| – умерено медитеранска и континентална клима<br>- Тренд на зголемување на очекуваниот животен век и намалување на стапката на смртност<br>- Висока стапка на примавакцинација<br>- Постоење на национални превентивни програми<br>- Голем опфат на жителите со примарна здравствена заштита<br>- Зголемен волумен на потрошувачка на лекови и ортопедски помагала на сите нивоа на здравствена заштита, што укажува на поголема достапност<br>- Голем број на локални амбуланти со работно време прилагодено на потребите на граѓаните | - Долго чекање за прегледи во државните здравствени установи<br>- Непостоење на услови за хемотерапија како ни обезбеден превоз за главниот град (најтешките болни често мора со автобус или сопствен превоз да патуваат и по 3 часа во еден правец за да одат на хемотерапија и потоа да се враќаат дома)<br>- Ограничени можности за наградување на квалитетот на работата кај медицинските работници<br>- Инфраструктурата за пружање на палијативна нега не одговара на потребите |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Покриеноста со канализациона мрежа во градот Струмица е 95%<br>- Два пати во текот на денот испитувања на суровата, како и на чистата вода во нашата лабораторија на Филтер Станицата<br>- Еднаш неделно, испитување примероци од повеќе различни места од градот, во лабораторијата на Заводот за здравствена заштита од Струмица.<br>- Четири пати годишно испитување на чистата вода во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје<br>- Два пати годишно фитопатолошки испитувања на сировата и чистата вода во Хидробиолошкиот завод од Охрид<br>- Покриеноста на територијата на општината со систем на јавно снабдување е скоро 100%<br>- Колектор и погон за третман на отпадни води<br>- Постоење на простор за собирање на отпад за рециклирање | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Големи технички губитоци на вода во водоводниот систем од 70% во зимскиот период и 60% во лето<br>- Високи притисоци во мрежата кои предизвикуваат голем број на кварови<br>- Значителен број на септички јами во руралните делови на општината |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Близина до аеродромите во Скопје, Солун, Софија<br>- Планови за зајакнување на сообраќајната мрежа и поврзаност на национално и меѓународно ниво на кои Струмица се приклучува<br>- Поволни теренски услови како потенцијал за воспоставување трансферзални врски на алтернативни средства за транспорт<br>- Добра сообраќајна поврзаност и достапност | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Градби која не ја почитуваат функционалната врска: сообраќај - намена - изградба;<br>- Недоволен капацитет на постоечката сообраќајна мрежа<br>- Сообраќајна презагушеност за време на летната сезона<br>- Недоволен број на паркинзи<br>- Непостоење на локален јавен превоз<br>- Сообраќај преку централното градско подрачје |
| **Електрична енергија:**<br>- Капацитет за користење на обновливи извори на енергија – постои значаен потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија, особено сончева енергија | **Електрична енергија:**<br>- Висока амортизираност на постоечката енергетска инфраструктура и потреба за нејзина забрзана ревитализација и технолошка модернизација<br>- Губитоци при преносот и дистрибуцијата на електричната енергија како и енергетска неефикасност во потрошувачката на финалната енергија, што го зголемува инаку веќе високиот енергетски интензитет<br>- Недоволна истраженост на одредени ресурси: нафта и гас, како и поедини обновливи извори на |

| | |
|---|---|
| | енергија<br>- Недоволна вклученост на домашните научни и стручни институции во решавање на проблемите на енергетскиот сектор<br>- Неискористен потенцијал на обновливите извори на енергија<br>- Сезонски карактер на потрошувачката на енергенсите<br>- Непостоење на простор за складирање и дистрибуција на биомасата<br>- Зависност од увоз |
| **Туризам:**<br>- Разновидна флора и фауна<br>- Присуството на ендемски папрат Osmunda Regalis<br>- Зачувана природа<br>- Авантуристички парк<br>- Угостителски објекти со домашни производи<br>- Густа мрежа на пешачки и планинарски стази<br>- Излетнички дестинации на локалното население – Смоларски и Колешински водопади, манастирите Водоча и Вељуса – изграден локален бренд<br>- Богатство со природни ресурси како потенцијал за привлекување на СДИ<br>- Богато културно-историско наследство<br>- Расположливост на просторот и условите за изградба на нови туристички капацитети од висока категорија<br>- Високо квалитетни домашни производи – храна и пијалоци<br>- Висок степен на безбедност – ниска стапка на криминал<br>- Добар однос со соседните општини од републиката и соседните републики (Бугарија и Грција)<br>- Членство во FECC - Здружение на европски карневалски градови<br>- Постоење на 2 хотели со 4 ѕвезди (Сириус и Глигоров) | **Туризам:**<br>- Недоволна заштита на осетливите локалитети<br>- Неадекватна грижа за културното наследство лоцирано во руралните делови на општината<br>- Недоволна активност во промоција на содржините<br>- Изразена сезоналност и неинтегрирана туристичка понуда |
| **Екологија:**<br>- Висока свесност на населението за потребата од заштита на животната средина | **Екологија:**<br>- Скромен план за управување со отпад<br>- Непланско градење |
| **Економија, приватен сектор, инвестиции:**<br>- Добра инвестициона клима<br>- Ликвиден и солвентен банкарски систем<br>- Потенцијал за развој на земјоделието<br>- Ефикасна локална самоуправа – посебно Одделение за локален економски развој<br>- Погодна клима и географска положба<br>- Висока покриеност со интернет<br>- Потполна дигитализација на комуникационата мрежа | **Економија, приватен сектор, инвестиции:**<br>- Присутност на неликвиден реален сектор |
| **ЛС на општина Струмица:**<br>- Искуство во аплицирање на ЕУ Фондови<br>- Искуство во имплементација на проекти | **ЛС на општина Струмица:**<br>- Недоволно финансиски средства за предфинансирање и изработка на проектни |

| | |
|---|---|
| финансирани од ЕУ фондови<br>- Добра репутација кај тековни и идни проектни партнери<br>- Компетенции во клучни подрачја<br>- Добра мрежа на проектни партнери<br>- Редовно ажурирање и изработка на стратешки документ за развој на општината<br>- Подобрена наплата на даноци, надоместоци и такси<br>- Поврзаност со НВО во реализација на одредени програми и проекти<br>- Достапност на државна и ЕУ помош<br>- Поддршка од канцеларијата за ЕУ интеграција во стручна и техничка смисла | документации |
| **Земјоделие:**<br>- Географска положба со поволни климатски, земјоделски и природни карактеристики која овозможува мултифункционален земјоделски развој | **Земјоделие:**<br>- Намалување на производството на домашните земјоделски производи<br>- Недостаток на сопствени финансиски средства за вложување и скромна економска моќ на населението во руралните и периферните делови на општината<br>- Лоша диверзификација на земјоделието<br>- Мали и уситнети земјоделски стопанства со низок обем на производство |
| **Заштита и спасување:**<br>- Поседување квалитетни противпожарни возила и обучени пожарникари за успешен одговор на различни инциденти<br>- Добри работни услови и континуирана обука на пожарникари - спасувачи<br>- Постојана комуникација и поврзаност со соседните служби за заштита и спасување од соседните општини: Берово, Ново Село, Василево, Босилово, Радовиш, Конче<br>- Соработка со најблиските служби за заштита и спасување од општините од пограничните региони со соседните држави Бугарија и Грција | **Заштита и спасување:**<br>- Недостаток на современа лична заштитна опрема за употреба од страна на волонтери (локално население) во одредени инциденти |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>- Потенцијал за развој на мали и средни бизниси<br>- Поддршка на локалната самоуправа за ММСП и претприемачи | **Претприемништво и ММСП:**<br>- Дефицит на компетентни кадри за управување со бизнисот<br>- Недостаток на ориентација кон услужните дејности (менталитет)<br>- Правна несигурност<br>- Недоволна употреба на медијација и алтернативни начини за решавање на деловни спорови<br>- Ниска заинтересираност кај вработените во приватен сектор за промени |
| **Непрофитен сектор:**<br>- Повеќе од 20 активни НВО на територијата на општината<br>- Разноликост во дејностите на НВО за кои се регистрирани<br>- Развиена граѓанска свест<br>- Активно учество на НВО секторот во изработка на документите на локално ниво | **Непрофитен сектор:**<br>- Старосната структура на членовите на организациите (малку младинци и млади)<br>- Исти поединци во повеќе НВО-а<br>- Доминантна респонзивност на повици од англиско говорно подрачје<br>- Недоволна информираност за активни повици и грантови шеми |

| | |
|---|---|
| - Добра законска регулатива, примарна и секундарна | - Недостаток на сопствени средства и мал број на спонзори и донатори |
| **Култура и културни настани:**<br>- Големо културно и споменичко богатство<br>- Одржување на бројни културни настани (најмалку 1 месечно)<br>- Голем број активни и надарени уметници<br>- Меѓународна препознатливост на Струмица како значаен културен центар во Југоисточна Македонија<br>- Силна и независна културна сцена<br>- Висока посетеност на летни манифестации (СОФ)<br>- Концентрација на голем број културни случувања на мало растојание<br>- Интерес за културна мобилност и меѓукултурална соработка<br>- Традиција на уметничко творештво<br>- Традиција во музичко творештво<br>- Интерес за сценска и театарска уметност<br>- Развиена култура на читање книги<br>- Интерес кај туристите за културното наследство | **Култура и културни настани:**<br>- Недостаток на средства, опрема за современ развој на културата во институциите<br>- Потреба од уметнички и стручен кадар<br>- Послаба посетеност на културни настани со исклучок на СОФ и Карневалот<br>- Недостаток на вмрежување на различни културни сектори<br>- Недоволна промоција на независната културна сцена<br>- Недоволна валоризација на културното наследство<br>- Недоволна поврзаност на споменичкото наследство и културниот туризам<br>- Потреба за заштита од Унеско поради загрозеност на добрата<br>- Уситнетост, неповрзаност и преклопување на настани<br>- Слабо развиени креативни и културни индустрии<br>- Недостаток на приватни вложувања во културата<br>- Препуштање на вкусот на публиката<br>- Немање уметничка критика<br>- Немање единствена база на податоци во културата<br>- Културната понуда не ги задоволува потребите на младите и децата<br>- Непрепознатливост на проекти и програми на млади уметници<br>- Пропаѓање на спомениците и монументите на територијата на општината<br>- Недостаток на инфраструктура за развој на аудиовизуелни дејности и нови медиуми<br>- Недостаток на инфраструктура и простор за театарска сцена<br>- Монотона и застарена презентација на културното наследство<br>- Недоволна промоција на музеите<br>- Недоволна соработка на ТО, хотелиерите, угостителите и музеите |
| **Пазар на труд:**<br>- ниска стапка на невработеност | **Пазар на труд:**<br>- Нефлексибилен пазар на труд и неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието<br>- Депопулација на високо стручен кадар<br>- Недоволното искуство на вработените<br>- Недоволна поддршка на државата<br>- Мал број на пријавени компетентни кандидати за огласени работни места |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Образование:** | **Образование:** |

| | |
|---|---|
| - Подобрување на ИТ инфраструктурата во училиштата<br>- Унапредување на неформалното образование<br>- Планирани буџетски средства за поддршка на воспитни установи<br>- Неискористени објекти во државна сопственост<br>-Заинтересираност на приватниот сектор да инвестира во образованието<br>-Поддршка на програми и реализација на програми за млади претприемачи<br>-Можност за организирање на обуки за дефицитарни кадри во соработка со партнери<br>- Можност за формирање на ЈПП во областа на образованието<br>- Едукација преку достапните фондови | - Недоволна заинтересираност на работодавците за дополнително вложување во кадрите<br>- Централизација на образованието<br>- Недоволен број на обучени инструктори за практична настава<br>- Структурата на претпријатијата<br>- Хиперпродукција на дипломи |
| **Спорт:**<br>- Можност за регионална соработка<br>- Начин за функционирање на спортските организации преку модел на јавно-приватно партнерство<br>- Аплицирање на фондови на ЕУ за организирање на натпревари и развој на спортска инфраструктура<br>- Примена на добри практики од други општини и држави<br>- Зголемување на свесноста за потребата од занимавање со спорт | **Спорт:**<br>- Привремено заминување на талентираните спортисти во други спортски средини поради подобри услови за работа и спортски напредок<br>- Непрепознавање на значењето на развојот на спортот од страна на приватниот сектор и инвеститорите |
| **Здравје и благосостојба:**<br>- Школување на нови потребни кадри по пат на стипендирање<br>- Обука на постоечки кадри | **Здравје и благосостојба:**<br>- Ниски примања на здравствените работници<br>- Лоши услови за работа во јавниот сектор<br>- Одлив на здравствените работници во странство |
| **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Зголемување на ефикасноста на системот за водоснабдување преку отстранување на изворите на губење на водата и изградба на нови цевководи, резервоари и зонирање<br>- Постоење на простор за подобрување на водоводот во градското подрачје и проширување на водоводот во селските подрачја<br>- Намалување на потрошувачката на вода со нејзино рационално користење и воведување на можност за користење на пречистена сива вода (употребувана во домаќинствата) во руралните подрачја како техничка вода, при недостаток на чиста изворска вода<br>- Воспоставување на мерки за заштита на изворите и зачувување на квалитетот на водата на високо ниво<br>- Приватизација на комуналните служби<br>- ЈП во третман на отпадот и ИОЕ | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>- Недостаток на вода за целото подрачје на општината како последица на неефикасното користење на водните ресурси<br>- Транспорт на опасни материи преку територијата на о. Струмица |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Сообраќајно- географската положба го олеснува пристапот на меѓународните фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>- Отвореност кон приватниот капитал, флексибилност во утврдување на одговорност и | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>- Продолжување на градење кое не ја зема во предвид врската меѓу сообраќајот, намената на површината и изградбата<br>- Одложување на решенијата за паркинзите<br>- Дозволи за градење без решено прашање за |

| | |
|---|---|
| обврски (концесии и сл.)<br>- Поврзаност на инвестирањата во туризмот и земјоделието и изградбата на патна инфраструктура | пристап, капацитет на паркинзи и потенцијалното понатамошно оптеретување на сообраќајната мрежа<br>- Начин на прилагодување на постоечката состојба – парцијален пристап и пристап на "мали поправки"<br>- Зависност на инвестирањето во изградба на инфраструктура од страна на операторите и општината |
| **Електрична енергија:**<br>- Високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добиток на енергија од употреба на фотоволтаици<br>- Можност за валоризација на просторот со замена на постоечките далеководи со подземни кабли<br>-Воведување на ОИЕ за домаќинствата и туристичките објекти<br>- Висок потенцијал за заштеда на енергија во општината со помош на мерки за енергетска ефикасност<br>- Потенцијал за ветроенергија на подрачјето на општина Струмица<br>- Рециклажа на користеното растително масло за добивање на обновливо био-гориво<br>- Употреба на соларна енергија – пониски трошоци | **Електрична енергија:**<br>- Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина<br>- Развој на градот по мерки на инвеститорското лоби<br>- Претежно потпирање на необновливи енергетски извори |
| **Туризам:**<br>- Проширување на сместувачките капацитети на хотелите и унапредување на нивната енергетска ефикасност<br>- Отворање на нови излетнички места и атракции за ладните месеци директно влијае врз продолжување на сезоната на викенд туризмот<br>- Инфраструктурно покривање на локациите кои се планираат за инвестирање во туристички капацитети<br>- Нови туристички трендови свртени кон природата и здравиот начин на живот<br>- Близина до аеродромите во Скопје, Солун и Софија<br>- Идеална позиција за развој на излетнички туризам<br>- Развој на МИЦЕ, авантуристички и рурален туризам<br>- Растечка меѓународна побарувачка за туризам кој е ориентиран кон природата и органската храна | **Туризам:**<br>- Нискобуџетен туризам<br>- Глобално загадување<br>- Климатски промени<br>- Девастација на природата и автентичностите на општината<br>- Се поголема регионална конкуренција<br>- Нерационално користење на природните и културните ресурси |
| **ЛС на општина Струмица:**<br>- Можности за унапредување на знаењето и вештините на службениците од Општината и претпријатијата чиј основач е Општината<br>-Зајакнување на свесноста за користење на локални ресурси и диверзификациони активности<br>- Создавање конкурентни прилики во однос на опкружувањето<br>- Унапредување на билатералната соработка со цел ширење на мрежата на релијабилни | **ЛС на општина Струмица:**<br>- Право на сопственост и права за располагање со имотот на локалната самоуправа<br>- Централизација на власта<br>- Недостаток на проектни и технички документации<br>- Ограниченост како резултат на рестриктивните програмски прописи на повици (број на партнери, износ на кофинансирање, неопходност од однапред подготвена проектна и |

| | |
|---|---|
| проектни партнери<br>- Учество, т.е. пријавување на различни меѓународни конкурси на проекти како ИПА за набавка на потребни ресурси (возила за прва помош/противпожарни возила/опремување на простории за пружање на различни социјални услуги и сл.)<br>- Унапредување на соработката со претставништвата на меѓународните организации во Р.С.М.<br>- Изработка на општинска стратегија за намалување на ризикот од катастрофи и мапи на хазард<br>- Формирање на регистар (база на податоци) за земјиште во јавна (општинска) своина<br>- Можност за изнајмување или заложување на имот на општината како хипотека за финансирање на проекти без да се оптеретува општинскиот буџет | техничка документација)<br>- Спор и неадекватен тек на развој на севкупната инфраструктура<br>- Можност за создавање на конфликти помеѓу развојот и заштитата на културното и природното наследство<br>- Природни непогоди<br>- Во континуитет раст на бројот на вработени во ЛС<br>- Пораст на јавната потрошувачка на локално ниво<br>- Оперативно раководство кое не е доволно свесно за улогите и функциите кои ги има финансиското управување, контрола и интерна ревизија<br>- Низок праг на толеранција на различни мислења кај оперативните раководители<br>- Судски спорови покренати против општината |
| **Земјоделие:**<br>- Јакнење на преработувачкиот сектор во земјоделството<br>- Интегрирање и зачувување на земјоделските и природните ресурси | **Земјоделие:**<br>- Ниска продуктивност на земјоделското производство, недостаток на современа технологија и знаење |
| **Заштита и спасување:**<br>- Развој на современи противпожарни техники и опрема<br>- Обуки и вежби на жителите на општината за однесување и справување со различни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави и сл.) и ракување со технолошки современа опрема<br>- Изработка на акустични студии заради воспоставување на системи за известување и алармирања на територија на о. Струмица<br>- Усвојување на регистар на ризици заради воочување на одредени опасности и закани кои треба да се идентификуваат и предлагање начини за нивно отстранување или ублажување на истите | **Заштита и спасување:**<br>- Елементарни непогоди<br>- Ограничени финансиски ресурси наменети за заштита и спасување |
| **Претприемништво и ММСП:**<br>- Воведување на европски стандарди и норми во деловното работење<br>- Достапност на фондови и субвенции за самовработување<br>- Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>- Неискористен кредитен потенцијал на комерцијалните банки<br>- Достапност до државна помош<br>- Бизнис зони<br>- Привлекување СДИ во производните дејности<br>- Развој на ИТ секторот<br>- Можност за трансфер на технологии<br>- Можности за отворање на деловен инкубатор како основа за развој на претприемништвото, занаетчиството и ММСП | **Претприемништво и ММСП:**<br>- Намален прилив на СДИ, ниско ниво на реинвестирање и потенцијален одлив на странскиот капитал<br>- Голема конкуренција за привлекување на СДИ на меѓународниот пазар<br>- Бавно заздравување на светската економија<br>- Недостаток на капитал за развој на индустрискиот сектор<br>- Монопол на привилегирани компании<br>- Промени на законските регулативи<br>- Недоволно јасно дефинирани програми за финансирање на Start up проекти од страна на комерцијалните банки и ФИТР |

| | |
|---|---|
| - Овозможување на пристап до извори за финансирање на ММСП | |
| **Непрофитен сектор:**<br>- Аплицирање за средства од ЕУ, ИПА и сл. фондови<br>- Меѓусебно здружување на заеднички проекти на локално, регионално и мултилатерално ниво<br>- Соработка и партнерство со јавниот сектор<br>- Изработка на Стратегија за развој на НВО секторот<br>- Интеграција во ЕУ и можност за користење на ЕУ фондови<br>- Програми и повици на национално ниво | **Непрофитен сектор:**<br>- Користење на НВО секторот во политички цели<br>- Можност за влијание врз активностите на НВО-ата од политички аспект од страна на владеачките структури, а со цел застапување на сопствените интереси<br>- Можност за мешање на други држави во домашниот НВО сектор |
| **Култура и културни настани:**<br>- Зголемување на меѓународната побарувачка за туризам ориентиран кон автентична понуда од природно и културно наследство<br>- Воспоставување културна соработка со збратимените градови<br>- Пристап до фондови за финансирање на култура<br>- Децентрализација на донесувањето одлуки за култура од локално и регионално значење | **Култура и културни настани:**<br>- Продажба и отуѓување од културното наследство<br>- Елементарни непогоди и климатски услови кои можат да го оштетат споменичкото наследство<br>- Политизација на културата<br>- Централизација на културата во РСМ и скромно финансирање на програми во Струмица од страна на државните органи |
| **Пазар на труд:**<br>- Поддршка на процесот на транзиција од клупа на работа<br>преку консултативни, едукативни и активности за поврзување на потенцијални вработени и работодавачи<br>- Градење на еко-систем кој ќе поддржува иновации преку инспирација, промовирање на меѓусебно учење, обезбедување на физички простор и knowledge hub<br>- Охрабрување на воведување на нови идеи, модели и концепти како и промоција на општествени иновации како начин за решавање на социо-економски проблеми и и придонес кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните<br>- Поттикнување и промоција на младинското социјално претприемништво преку натпревари, едукативни програми и работилници, трансфер на добри примери и знаења<br>- Обезбедување на стипендии за дефицитарни струки во општината | **Пазар на труд:**<br>- Општа апатија и незаинтересираност на жителите за работа во локалните компании<br>- Лоша економска ситуација во градот и државата<br>- Заминување на млада квалификувана работна сила во странство<br>- Недостаток на квалификувана работна сила на пазарот на труд<br>- Повисоки плати во непосредното окружување<br>- Скромно образование на идните претприемачи за водење на бизнис |

**ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Социјална заштита и заштита на децата во Општина Струмица**

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| **Социјална заштита-Намалување на сиромаштијата:**<br>-Субвенционирање на лицата во социјален ризик или социјална исклученост заради намалување на **енергетската сиромаштија** (гас,)<br>-Сувенционирање на лицата во социјален ризик | **Социјална заштита**<br>• **Не адекватна организациона општинска поставеност на системот на спроведувањето на социјалната и детската заштита во рамките на општинските надлежности** |

| | |
|---|---|
| или социјална исклученост заради намалување на проблемите со **мобилноста** (набвка на велосипеди, , колички и дуги помагала за лица со телесен инвалидитрет)<br>-Субвенционирање на лица од социјален ризик или социјална исклученост заради **згрижување** на нивните деца во јавни општински установи детски градинки(покривање на надоместокот за згрижување-престој во институцијата)<br>-Субвенционирање на деца-ученици од семејства во социјален ризик или социјална исклученост вклучени во редовен образовен процес заради **достапност** до современ училишен прибор ( набавка на дигитални алатки за следење на наставата)<br>-Партиципација во потребните финансиски средства за лекување и третман на лицта зависници од дрога и други психотропни супстанци во посебната рехабилитациона програма за одвикнувањ во тераписката заедница ПОКРОВ<br>-Обезбедување на бесплатен организиран превоз за ученици од населените места од општината вклучени во редовен образовен процес заради придонес во **олеснување** на семејниот буџет<br>-Обезбедување на организиран бесплатен певоз на деца со попречености кои обавуваaат дневни активности во дневниот центар и посебната паралека за деца со аутизам во склоп на ОУ Сандо Масев во Струмица, заради **олеснување** на семејниот буџет<br>-Обезбедување на финансиска поддршка (покривање на надоместок за користење на простор и режиски трошоци) заради **зајакнување** на менталното и физичкото здравје на лицата во социјален ризик или социјална исклученост(лицата со попречености) во рамките на специјализиран фитнес центар во општината<br>-Финансиска поддршка за обезбедување на негуватели на деца со попречености згрижени во општинските установи –Градинки, заради **посебна нега и грижа** во процесот на растеретување и ослободување на личниот ангажман на родителитезарди нивно непречено заснивање на редовен работен однос и обезбедување на финансиски средства за семејството<br>-Финансиска поддршка на личи асистенти на деца со попреченоти вклучени во редовен образовен процес, зарди **помош и поддршка** во нивното секојдневно функционирање и редовно следење на наставата<br>-Финансиска поддршка за вклучување на млади невработени лица во социјален ризик или социјална исклученост заради нивен **самостоен работен ангажман**, започнување на свој сопствен бизнис-поддршка на старт апи бизниси за млади | **-** Спроведувањето на системот во моментот се одвива во рамките на длокругот и работењето на Одделението за Локален економски развој<br>• **Не јасно поставен систем на одговрност на вклучените лица во спроведувањето на ситемот(***реализација на годишната програма и другите плански документи***) кои ја тангираат социјалната заштита**<br>**-**мерките и активностите на општината креирани како општинска активација-политика за спроведување на дејноста се составен дел на повеќе програми на повеќе различни одделенија со различен фукус во делокругот на работење<br>- не постоење на посебно општинско координативно тело за следење на реализацијата – имплемнтацијата, како и резултатите од достигнувањето во процесот на спроведувањето на системот за социјална дејност на локлно ниво<br>• **Не добро воспоставен и уреден систем на меѓу институционална и мрежна соработка на сите релевантни чинители за спроведување на социјалната дејност на локално ниво**<br>• **Не задоволително ниво на заедничка активација помеѓу општината и Центарот на Југоисточниот плански регион во областа на спроведувањето на системот на социјалната дејност на локално ниво**<br>• **Не добра, неуедначена и лесно недостапна база на податоци и релевантни информации од областа на социјалната дејност**<br>• **Низок степен на мотивација на релевантните локални чинители (релевантните институции) за заедничко делување во процесот на оствување на системот на социјалната дејнност на локално ниво**<br>• **Многу низок степен на мотивација и вклученост на локалната бизнис заедницата во процесот на заедничко делување во процесот на остварувањето на социјалната дејност на локално ниво**<br>• **Се уште видлива и присутна дискриминацијата на локално ниво** |

| | |
|---|---|
| -финансиска поддршка за изготвување на прирачник за знаковен јазик за глуви и наглуви лица<br>-Обезбеден знаковен преведувач на седниците на совет на општината<br>-Финансиска подршка користење на просторни можности за слепи лица како клуб –канцеларија<br>-Финансиска поддршка на проекти од невладини организации кои ги застапуваат интересите на различните целни групи од социјалната дејност во функција на подигнување на нивото на квалитетен живот на ранливите групи гражани<br>-финансика поддршка на проекти од инерес на унапредувањето на животот на Ромите и Турците<br>-доделување на еднократна парична помош (финансиска поддршка) на лица од социјален ризик и социјална исклученост<br>-Обезбедување на бесплатен дневен оброк за лица од семејства во рисик и социјална исклученост во рамките на организирана НАРОДНА КУЈНА<br>- Обезбедување на социјални станови за лицата во ризик и социјална исклученост | • **Низок степен на информираност на граѓаните за можностите и улогата на општината, институциите на системот и граѓанскиот сектор во процесот на спроведување на системот на социјалната дејност на локално ниво**<br><br>• **Низок степен на меѓусебна поврзаност и заедничко делување на граѓанските организаци кои застапуваат интереси на посебни целни групи** *(ранливи категории)* **во процесот на унапредување и подобрување на системот на локално ниво.**<br><br>• **Слаб капацитет на гаѓанските организации од социјалната свера во процесот на обезбедување на финансиски средства за реализација на нивните програмски активности во рамките на проекти компатабилни со програмите на домашни и меѓународни организации надвор од расположивите резервирани општински буџетски средства во рамките на општинските плански документи.** |
| **Социјална превенција**<br>-Утврдена точна и јасна моментална фактичка состојба во областа на Социјалната дејност инкорпорирани во реално остварливи плански документи со конкретни мерки и активности, подготвени низ партиципативно учество на сите засегнати страни на локално ниво<br>-Постоење на Функционален Локален совет за Превенција<br>-Постоење на Функционален социјален совет<br>-Постоење на функционален Локалноекономско социјален совет<br>-Ппостоење на официјално Коориднативно тело за превенција од родово базирано насилство<br>- Локално координативно тело за заштита и спречување на дискриминацијата.<br>-Постоење на локален младински совет<br>-Постоење на Повеќенемаенски социјален центар(расположив просторен капацитет за функционирање и делување на здруженија на граѓани кои застапуваат интереси на различни ранливи целни групи без надомест), со можност за мрежно функционирање и работење и меѓусебно градење на капацитетите<br>-Постоење на советодавна канцеларија за жртви на семејно насилство<br>-постоење на специјално општинско возило за | **Социјална превенција**<br>**-**Бавен процес на децентрализациија и симнување на надлежностите- немоќ на општината соодветно и навремно да постапува согласно нотираните-постоечките социјални ризици на локално ниво, проблеми и ризици надвор од општинските надлежности<br><br>**-**Не задоволително ниво на институционална соработка во прцесот на превенирање на социјалните ризици<br><br>- Сеуште видлива инертност на сите засегнати страни во процесот на превенирање на социјалните ризици на локално ниво особено изразено кај граѓанскиот сектор<br><br>-Недоволен капациет на одредени локални граѓански зрдуженија за самостојно превзимање на акција за навремено превенирање на социјалните ризици на целните групи чии инереси ги застапуват.<br><br>-не развиен систем (не јасна и сеуште недоволно позната законска регулатива)- слаба активација во процесот на искористување на можностите за отварање на социјални претпријатија- не |

| | |
|---|---|
| организиран бесплатен превоз на лицата од социјален ризик и социјална исклученост<br>-Континуирано интервенирање во решавање на пречките-архитектонските бариери( симнување на рабници и изведба и прилагодување на пешачките премини на сите раскрсници во градот<br>-Годишно обновување и обележување на специјалните места за паркирање на возилата на лицата со попречености заради достапност до институците на системот<br>-Годишно зголемување на Буџетските финансиски средства во функција на социјалната и детската заштита во рамките на сите општински програми, особено на Програмата за социјална и детска заштита,<br>-инклузија на децата со поречености во образовниот процес<br>-функционирање на заеднички мултиетнички паралелки во основното образование<br>-Постоење на место за згрижување на бездомни лица во рамките на функционирањето на Општинската организација на Црвен крст Струмица<br>-постоење на обучен центар во рамките на функционирањето на ООЦК.<br>-Постоењето и функционирањето на специјален фитнес центар во Струмица<br>-Подготовка за започнување на активности за подигање на типска населба за домување на Лицата од малцинските етнички групи (Турци и Роми) кои живеат во супстандардни живеалишта во дивоизградена населба во Општина Струмица<br>-До опремување- вградување на постоечките игралишта и детски игралишта со посебно наменски справи за деца со попречености( нивно прилагодување)<br>-Проширување и модернизација на постоечките клонови од Општинската установа за згрижување на деца Детска радост струмица во функција на зајакнување и проширување на постојните капацитети за прифат и згрижување на деца од предучилишна возраст<br>-изградба и ставање во функција на нова детска градинка во Општина Струмица (градот) како посебна организациона единица<br>- изградба на детски градинки во населените места о склоп на ОУстанова зарди дисперзија и доближување на можностите што поблиску до поодалечените населени места од градот<br>- модернизација на образовниот процес и образовните институции со доекипирање на посебен стручен кадар и во рамките на нив оганизрање и функционирање на посебни сензорни соби за деца со попречености вклучени во редовен образовен процес<br>-обезбедување на чиста вода за пиење и канализација во рамките на нови системи, | препознаена можноста на социјалните претпријатија<br><br>-неадекватна и недоволна прилагодлива инфраструктура која се однесува на воспоставување на непречена мобилност и движење на лицата со инвалидитет<br><br>-Не адекватна пристапност до институциите на системот особено на објектите каде се сместени институции каде имаат надлежности во областа на социјалната дејност<br><br>-Не адекватна пристапност на поголем број на локални објекти, особено трговски објекти од кои имаат потреба лицата со посебни потреби<br><br>-Не адекватна пристапност и Несоодветна опременост(неприлагодени) на спортските терени согласно потребите на лицата со посебни потреби<br><br>-Не задоволнително ниво на јавната свест за присуството на лицата во социјален ризик и социјална исклученост во локалната заедница и во таа насока не прифаќање на различностите (дискриминација)<br><br>-Ниско ниво на јавно информирање- кампањи и присуство на лицата во ризик и социјална исклученост преку нивните здруженија кои ги застапуваат нивните нтереси во локалната задница и пошироко<br><br>**-**Слаб капацитет на здруженијата на граѓани кои ги застапуваат интересите на таквите лица во ризик за обезбедување на дополнителни финансиски средства надвор од општинскиот буџет, заради справување со ризиците-превенција<br><br>-Низок инерес на бизнис заедницата за вклучување во процесот на превенирање на таквите социјални ризици на локално ниво |

| | |
|---|---|
| реконструктивни инфраструктурни зафати и интервенции<br>-зајакнување на патната инфраструктура до населените места каде има граѓани во ризик или социјална исклученост<br>-Зајакнување и модернизирање на системот за јавно осветлување во местата на живеење каде има граѓани од малцинските етнички групи (Турци и Роми)<br>-организрање на заеднички акции и едукативни кампањи за зачувување на животната средина<br>-Вклучување на граѓани од социјален ризик и социјална исклученост особено граѓани од малцинските етнички групи во извршувањто на јавни работи<br>-вклучување во функционирањето и подигнувањето на квалитетот на живот на граѓаните од малцинските етнички групи во заедницата со помош на обрзовни-посебни едукатори, медијатори и фацилитатори (Турци и Роми)<br>Вклучување на лица зависнници од дрога и други психотропни супстанци во тераписка заедница ПОКРОВ и работно ангажирани во Социјалното претпријатие во состав на истата | |
| **Институционалната заштита**<br>-Активно функционирање на ЈУ завод за заштита и рехабилитација Бања банско Струмица<br>**-** Постоење на:<br>✓ Посебна паралелка за деца со аутизам во состав на ОУ Сандо масев Струмица<br>✓ Дневен центар за деца со попреченост управуван од МТСП преку МЦСЗ подрачна единица Струмица<br>✓ Центар за згрижување на Жртви на семејно насилство Струмица, партнерство помегу општината и граѓанска организација<br>✓ Центар за згрижување и нега на стари лица Отворено срце Струмица- -приватна установа<br>✓ Пензионерски дом Струмица<br>✓ Дневен клуб за деца со ментална попреченост ПОРАКА Струмица-партнерство помеѓу општината и граѓанска организација<br>✓ Тераписка заедница<br>-Постоењето на две посебни организациони единици за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст-градинки (Детска радост и ......) и во нивен состав дисперзирани 5 клона во градот и два во населените места Куклиш и Муртино<br>Постоењето на основни општински училишта со подрачни училишта како и три средни стручни училишта<br>-Постоењето на Дисперзирани студии на неколку | **Институциионална заштита**<br><br>**-**Не доволен капацитет и соодветен ресурс (човечки и технички) за целодневно згрижување на децата со попречености(ментална), управуван од МТСП, -Меѓуопштински центар за сцијална заштита Струмица<br><br>- Не постоење на доволен капацитет за згрижување и нега на стари лица (домови за стари лица)<br><br>-Не доволен капацитет и функционалност на моменталниот центар за згрижување на бездомните лица во состав на функционирањето на Општинската организација на Црвен крст Струмица<br><br>- Ниско ниво на партнерска соработка со институциите на системот, особено со локалните самоуправи од микро регионот и ЈПР за справување-згрижување на жртвите на семејно насилтво, односно зајакнување на капацитетите на постоечкиот-функционален Шелтер центарот во Струмица кој згрижува и интервентни реални случаеви од нивните локални заедници, како и во другите постоечки форми на згрижување - ресоцијализација и реинтеграција на лицата во ризик, организирани-постоечки во локалната заедница<br><br>-Не постоењето на дополнителни форми на |

| | |
|---|---|
| факултети дел од Универзитетот Гоце Делчев , како и дел од приватни универзитети | рехабилитација и интеграција на жртвите на семејно насилство вон перидот за згрижување во Шелетер центарот утврден со закон<br><br>-Не доволна приспособеност на образовните институции спрема потребите на лицата со попречености вклучени во редовен образовен процес |
| **Воинституционална заштита**<br>-Живеење со поддршка –(обезбедени самостојни живеалишта на дел од штитениците на заводот ББ со обезбедена 24 часовна поддршка)<br>-Живеење во згрижувачки семејства на 33 деца без родители и родителска грижа<br>-Развивање на социјални претпријатија на локално ниво заради нивно работно ангажирање<br>- Работно оспособување на млади и возрасни лица со попречености, како и останати лица во ризик или од семејства во социјална исклученост преку организирани обуки за квалификација и стекнување вештини за нивен работен ангажман<br>-Поддршка за зајакнување на капацитетите на младите, особено на млдите во ризик или од семејства во социјална исклученост заради самостојно започнување на сопствен бизнис СТАРТ АП | **Воинституционална заштита**<br>-Се уште не задоволително ниво на спроведување на процесот(моделот) за живеење со поддршка, особено на штитениците во заводот Бања банско<br><br>- Не доволно ниво на промоција на можностите за создавање на услови и отварање на поголем број на социјални претпријатија<br><br>-Не доволно ниво на активација(организирани кампањи) на локалните институции во однос на промоцијата на потребата од згрижувачки семејства на локално ниво<br><br>-Не задоволително ниво на органзирани обуки во рамки на специјализирани програми како поддршка на процесот за работно ангажирање на лицата во ризик и социјална исклученост |
| **Локални социјални услуги**<br><br>✓ **Советодавни услуги во рамките на постоечките канцеларии во општината за:**<br><br>-Услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка во соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица<br>-Посебна советодавна канцеларија за советување | **Локални социјални услуги**<br>-Не задоволително ниво на координација помеѓу општината, институциите на системот и граѓанскиот сектор во процесот на создавањето услови за испорака на социјални сервисни услуги на локално ниво<br><br>-не единстена, не систематизирана и не достапна база на податоци и информации која се однесува на локалните социјални сервисни услуги(постоечки услуги и можности за нови, |

| | |
|---|---|
| на жртви и насилници од семејно насилство во склоп на повеќенаменски социјален центар во соработка со граѓанска организација СКАЈ ПЛУС од Струмица и ХЕРА од Скопје<br>-Советодавни услуги во рамките на посебните канцеларии на на посебните здуженија на граѓани кои ги застапуваат интересите на своите целни групи а се во состав на повеќенаменскиот ссоцијален центар(лица со телесен инвалидитет, лица со даунов синдром, лица заболени од дијабет, лица зависници од дрога и други психотропни супстанци, како и посебните канцеларии на глувите и наглувите лица, слепите лица, лицата со аутизам и лицата со ментална попреченост, како и посебна канцеларија на граѓанската организација ХАЈАТ од струмица за советување, упатување, едукација и помош на граѓаните од малцинските етнички групи(Турци и Роми)<br>-Центар за обука и советување во рамките на организационат поставеност и фуннкционирање на Општинската организација на Црвен крст Струмица<br>-Советодавна канцеларија за лица(жени) заболени и оперирани од карцином во соств на Организација на жени од Струмица<br>-Одговрно општинско лице за комуникација со граѓани кои што имаат одреден вид и степен на попреченост со цел упатување и укажување на помош<br><br>✓ **Социјални сервисни услуги**<br><br>-Помош и нега во домот на стари лица како трипартитна партнерска соработка помеѓу МТСП, Општина Струмица и лиценциран сервис провајдер ОТВОРЕНО СРЦЕ од Струмица<br>-Помош и поддршка на стари лица во домот како партнерска соработка помеѓу Општина Струмица и ОО на Црвен крст Струмица во рамките на Регионална програма за локална демократија на западен балкан( финансирана од ЕУ,спроведена од УНДП со дополнителна финансиска поддршка од општина Струмица<br>Во рамките на Социјален клуб за лица со ментална попреченост ПОРАКА од Струмица испорака на повеќе социјални услуги како помош и поддршка согласно потребите и приоритетите на нивната целна група дел редовната годишна програма на здружението а финансиски поддржана од општината како проекти<br>-Лична асистенција а предходно пред измените на законот за основно образование и образовна асистенција на деца со попречености вклучени во редовен образовен процес, како трипартитна партнерска соработка помеѓу општината, УНДП и агенцијата за вработување-подрачна единица | како и постоечки провајдери-организации и приватни правни лица на локално ниво<br><br>-незадоволително ниво на информирање и промоција на услугите и можностите за нивно ползување во јавноста |

| | |
|---|---|
| струмица<br>-самостојно општинско финансирање на дополнително ангажирани лични асистенти на деца со попречености вклучени во редовен образовен процес согласно промената на бројот на децат кои имаат таква потреба во контекст на еднакви можности за сите<br>-Негувателство на деца со попречености згрижени во општинска установа –градинка детска радост од струмица<br>-Одмена во домот –помош и поддршка на лица со телесен инвалидитет во рамките на партнерска соработка помегу општината и ЗГ МОБИЛНОСТ Струмица<br>- Услуги за Згрижување, поддршка, рехабилитација и реинтеграција на жртви на семејно насилство во Центар за згрижување на ЖСН-Шелтер центар како партнерска соработка помеѓу општината и лиценциран сервис провајдер ЗГ СКАЈ ПЛУС од Струмица<br>--Услуги за привремено Згрижување, поддршка, рехабилитација, одвикнување и реинтеграција на лица зависници од дрога , хазард и пушење како и други психотропни супстанци во Тераписката заедница ПОКРОВ Струмица<br>-Услуги за згрижување, нега и целодневна поддршка во Приватна социјална установа за згрижување и нега на стари лица-Старечки дом ОТВОРЕНО СРЦЕ од Струмица<br>-Услуги во рамките на Дневен центар за лица со интелектуална попреченост управуван и финансиран од МТСП преку МЦСР Струмица<br>- Услуги во рамките на Дневен центар и клуб за стари лица управувано од Здружението на пензионери во Струмица<br>- Услуги за дневнен престој Во рамките на нов центар за дневен престој и стручна помош на децата со попречености и нивните семејства како идна трипатитна парнерска соработјка помеѓу МТСП, општината и локален сервис провајдер Здруѓение за поддршка во развојот и едукација и рехабилитација на деца ЕДУПРАКТИКА струмица<br>Социјална Услуга која се однесува на зајакнување на менталното и физичкото здравје на лицата со попречености во рамките на специјален фитнес центар како партнерска соработка помеѓу општината граѓанска организација.<br>Услуга-Организиран бесплатен превоз на деца со попречености кои обавѕваат дневни активности во Центри , специјални паралелки за аутизам, како и деца во редовен и вон редовен образовен процес<br>-Подготовка и обезбедување на храна- бесплатен дневен оброк за лица во социјален ризик и социјална исклученост во рамките на две НАРОДНИ КУЈНИ, едната како партнерска соработка помегу МТСП и општината и една во рамките на Евангелско методистичката црква ово | |

| | |
|---|---|
| Струмица<br>-Згрижување на бездомни лица во центар за бездомници во состав на функционирањето на Општинската организација на Црвен крст Струмица | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Социјална заштита**<br>– Ревидирање и редефинирање на актот за внатрешната организација и систематизација на Општина Струмица заради зајакнување и подигнување на нивото на ефикасност во спроведувањето на системот за социјална и детска заштита на локално ниво, односно спроведувањето на системот од мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, како и мерките, активностите и политиките за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на капацитетите на граѓанинот за сопствена заштита.<br>-Проширување(зголемување) на општинските Буџетските средства во функција на остварувањето на социјалната и детската заштита на локално ниво<br>-Зајакнување на општинските капацитети – ресурси(човечки и технички) во функција на ефикасно развивање, унапредување и спроведување на системот на социјална и детска заштита на локално ниво, преку доедукација и обуки на постоечките и новите административни работници вклучени во процесот, како и зајакнување на техчничкиот ресурс –нови дигитални алатки (креирање и ставање во функција на социјална платформа за олеснета комуникација, размена на информации и искуства како и прибирање на информации и податоци во функција на воспоставување на систем на мрежно функционирање и развивање на партнерска соработка помеѓу институциите на системот и граѓанскиот сектор од социјалната дејност со една единствена цел, заедничко развивање и унапредување на системот и во таа насока ефикасно општинско постапување и исполнување на надлежностите на општината и останатите релевантни чинители во областа на социјалната и детската заштита во локалната заедница.<br><br>**Социјална превенција**<br>-Засилена Фукионалност на работата на :<br>✓ Локален совет за Превенција на Општина Струмица<br>✓ Социјален совет на Општина Струмица<br>✓ -Локално економско социјален совет на | **Социјална заштита**<br>-Продолжувањето на остварувањето на Социјалната и детската заштита на локално ниво како надлежност (политика) во рамките на делокругот на работењето на Одделението за Локален економски развој во состав на Сектор за ЛЕР и заштита на животната средина (ограничена можност за развој и унапредување на процесот)<br><br>-Не доволна мотивираност на двете клучни институции (Градоначалник и Совет на општина Струмица) за потребата од промената<br><br>-не доволна мотивираност на членовите на општинските телата и комисиите, како и општинската администрација во функција на спроведувањето на социјалната и детската заштита на локално ниво<br><br>-Раздолжување на процесот на децнтрализација насоцијалната дејност- социјална и детска заштита на локално ниво (симнување на надлежностите на локално ниво)<br><br>-не доволно познавање и несоодветна применливост на надлежностите за социјална заштита од страна на одредени општински чинители, клучни за партерствата во процесот на спроведување на социјалнат и детска заштита на локално ниво<br><br>-не доволното информирање на граѓаните за резултатите и достигнувањето на општината во процесот на Спроведувањето на социјалната и детска заштита на локално ниво<br><br>-не доволно ниво на доверба на граѓаните во општината и институциите на системот одговорни за спроведување на социјалната и детска заштита на локално ниво<br><br>- не доволна мотивираност на бизнис заедницата за вклучување во процесите на зајакнување и унапредување на социјалната и детска заштита на локално ниво<br><br>-Дисперзирани активности(планирани буџетски финансиски средства) компатабилни |

| | |
|---|---|
| Општина Струмица<br>✓ Кооридналивно тело за превенција од родово базирано насилство на Општина Струмица<br>✓ Локално координативно тело за заштита и спречување на дискриминацијата на Општина Струмица<br>✓ Постојаната комисија за социјална и детска заштита при Советот на општина Струмица<br>како официјални, легитимни заедничко консултативни и советодавни тела на Општина Струмица донесени со Одлуки на Совет на општина Струмица.<br><br>-Исполнувањето-реализацијата на општинските политиките за социјална заштита и детска заштита во рамките на усвоените важечки годишни програми, како и срдноречни стратешки документи<br><br>- Правилно и функционално искористување на просторните можности на Повеќеаменскиот социјален центар на Општина Струмица<br><br>- Континуирана општинска поддршка(финансиска и друг вид поддршка) за унапредување на функционалноста на постоечките центри во функција на социјалната дејност во Општина Струмица:<br>✓ Дневен центар за деца со попречености<br>✓ Центар за згрижување на жртви на семејно насилство-Шелтер центарот<br>✓ Центар(тераписката заедница) за привремено Згрижување, поддршка, рехабилитација, одвикнување и реинтеграција на лица зависници од дрога , хазард и пушење како и други психотропни супстанци-ПОКРОВ<br>✓ Центар за згрижување и нега на стари лица Отворено срце Струмица<br>✓ Пензионерски дом Струмица<br>✓ Дневен клуб за деца со ментална попреченост ПОРАКА Струмица<br>-Континуирана општинска поддршка заради одржливост на воспоставените советодавни канцеларии за:<br>✓ Советување на жртви и насилници од семејно насилство<br>✓ Посебните канцеларии на здуженијата на граѓани кои ги застапуваат интересите на своите целни групи а се во состав на повеќенаменскиот ссоцијален центар(лица со телесен инвалидитет, лица со даунов синдром, лица заболени од дијабет, лица зависници од дрога и други психотропни супстанци | со спроведувањето на социјалната и детска заштита низ повеќе општински програми на други сектори и одделенија – не јасен сублимат на општинските резултати и достигнувања во спроведувањето на социјалната политика на локално ниво<br><br>-пасивизирање и немање континуитет на активацијата на граѓанскиот сектор кои застапуваат интереси на посебни целни групи (лица во социјален ризик и лица во социјална исклученост, особено лицата од малцинските етнички групи Турци и Роми)<br><br>-различните капацитети на граѓанскиот сектор кои застапуваат интереси на посебни целни групи (лица во социјален ризик и лица во социјална исклученост, особено лицата од малцинските етнички групи Турци и Роми во процесот на самостојно обезбедување на финансиски средства од разлчни извори на финансирање како можност, надвор од општинската финансиска поддршка<br><br>-не заинтересираност на клучните општински чинители вклучени во процесот на спроведување и унапредување на социјалната и детската заштита на локално ниво за примена на нови иновативни методи за меѓусебно мрежно поврзување и искористување на можностите на дигитализацијата<br><br>**Социјална превенција**<br>-Сеуште видлива појавата на дискриминација на одредени поединци или целни групи на локално ниво<br><br>-не доволното ниво на вклученост и меѓусебна мрежна поврзаност на сите релевантни чинители и засегнати страни во процесот на градење на заедничките капацитети во функција на намлуваање на социјалните ризици – како дел од целокупниот процес на спроведувањето на социјалната и детска заштита на локално ниво<br><br>**Институционалната заштита**<br>-Не доволно јасен или достапен за граѓаните системот за информирање и упатување на граѓаните за можностите на општината, институциите и другите релевантни чинители од областа на социјалната дејност на локално ниво<br><br>-Ниското ниво на доверба во релевантните институции на ситемот надлежни за институционалната заштита |

| | |
|---|---|
| ✓ Посебните канцеларии на глувите и наглувите лица, слепите лица, лицата со аутизам и лицата со ментална попреченост<br>✓ Посебна канцеларија за советување, упатување, едукација и помош на граѓаните од малцинските етнички групи(Турци и Роми) во состав на Ромска граѓанска организација Хајат од Струмица<br>✓ Советодавна канцеларија за лица(жени) заболени и оперирани од карцином во соств на Организација на жени од Струмица<br>**-** Зајакнување и унапредување на партнерствата со граѓанскиот сектор од социјалната дејност преку редовна-континуирана финансиска поддршка на реализација на проекти и нивни годишни програми во функција на ранливите категории на граѓани(лицата во социјален ризик и социјална исклученост)<br><br>- Зајакнување на процесот на индивидуална поединечна помош-субвенционирање на лицата во социјален ризик и социјална исклученост согласно надлежностите<br><br>**-**Проширување на капацитетите за згрижување на деца од предучилишна возраст во детските градинки, особено во населените места како дисперзиони единици во состав на на двете посебни Општински установи<br><br>-Зајакнување и унапредување на капацитетите и процесите во образованието соодветно на општинските надлежности :<br>✓ Доопремување<br>✓ Прилагодување<br>✓ Интеграција и недискриминација и др..<br><br>-Зајакнување и унапредувањето на општинските политики (урбанизмот и просторното планирање, јавните дејности-здравство, култура и спорт, животна средина и др) преку интегрирање и третман на потребите и приоритетите на граѓаните во ризик и граѓаните од социјалната исклученост во рамките на посебните програми на посебните сектори и одделенија во состав на внатрешно организационата поставеност на општината, компатабилни со општинските надлежности преку<br>✓ Создавање услови за соодветно домување во модерни и урбанизирани населби (извлекување на лицата од малцинските етнички групи-Турци и Роми кои живеат во супстандардни живеалишта во диво изградени објекти – населби)<br>✓ Подигањето на свеста за важноста и | -Ниското ниво на задоволство на граѓаните од транспарентноста и отчетноста во работењето и делувањето (достигнувањето и резултатите) на институциите на системот надлежни за институционална заштита<br>**Вонинституционална заштита,**<br>**-**Недоволна – незадоволителна моментална функционалност на постоечкиот систем и механизми за меѓусебна соработка (општината, релевантните институции и граѓанскиот сектор)<br><br>**-**ниско ниво на јавна свест за потребите од заедничко делување и придонес во процесот на спроведување на социјалната и детска заштита на локално ниво, особено во делот на вонинституционална заштита<br><br>**Локални социјални услуги**<br><br>-не доволни финансиски средства од Буџетот на општината за развивање на општински сервисни социјални услуги<br><br>-не доволен капацитет(расположиви општински човечки ресурси за следење и обезбедување на дополнителни финансиски средства во рамките на други можност за финансирање надвор од општинскиот буџет (домашни и меѓународни програми и повици од меѓународни организации, амбасади и други извори на финансирање) |

| | |
|---|---|
| достапноста на здравствена заштита, особено во примарното здаравство – имунизацијата, односно вакцинацијта на децата од малцинските етнички групи Турци и Роми, како и децата од семсјства во ризик и социјална исклученост<br>✓ Недискриминација и инклузија на децата од малцинските етнички групи Турци и Роми, како и децата од семсјства во ризик и социјална исклученост во образовниот процес<br>✓ Недискриминација и инклузија на децата и нивните родители од малцинските етнички групи Турци и Роми, како и децата од семсјства во ризик и социјална исклученост во културните и спортските активности во локалната заедница<br>✓ Недискриминација и инклузија на децата од малцинските етнички групи Турци и Роми и нивните родители, како и лицата во социјален ризик и социјална исклученост во јавните работи и акции за чиста и здрава животна средина<br><br>**Институционалната заштита**<br>-Унапредување на системтот за информирање и упатување на граѓаните за можностите на општината и институциите и другите релевантни чинители од областа на социјалната дејност на локално ниво преку:<br>✓ Организрање на кампањи<br>✓ Објави на веб страните, порталите и медиумите<br>✓ Организрање на редовни средби со одговорните лица(гадоначалникот и Советот), општинската администрација како и заеднички средби со раководните лица и другите одговорни лица на институциите на системот<br>✓ Контактни емисии<br><br>-Подигнување на нивото на транспарентност и отчетност во функционирањето и работењето на релевантмите чинители од социјалната дејност на локално ниво во функција на подигнување на довербата на граѓаните во системот<br><br>-Зајакнување на системот на меѓуинституционална соработка и мрежно работење со употреба на нови иновативни дигитални алатки и системи во функција на социјалната и детската заштита на локално ниво преку:<br>✓ Редефинирање на постоечките институционални партнерства<br>✓ Градење на нови партнерства<br>✓ Зајакнување на соработката со | |

| | |
|---|---|
| граѓанскиот сектор<br>во функција на навремено и ефикасно институционално постапување и решавање на проблемите на граѓаните (лицата од социјален ризик и социјална исклученост), компатабилни на надлежностите на секоја институција<br><br>**Вонинституционална заштита,**<br>**-**Општинско учество во процесот на зајакнување на можностите за Живеење со поддршка – (обезбедување на самостојни живеалишта на дел од штитениците на заводот Бања Банско со обезбедена 24 часовна поддршка кои покажуваат интерес за таков вид-нов модерен концепт на заштита)<br>-Засилување на општинската активација во процесот на создавање на услови за испорака на социјални сервисни услуги со опфат на целните групи и видови утврдени со Законот и важечките посебни правилници на МТСП за различните видови на социјални услуги, како и самостојно организирани општински социјални сервисни услуги во рамките на надлежностите<br><br>-Засилување на општинската активација во процесот на грижа за жртвите на семејно и родово базирано насилство вон периодот утврден со закон за згрижување, применлив во Општинскиот центар за згрижување на жртвите од семејно насилство-Постоечкиот шелтер центар, во рамките на нов иновативен општнски концепт именуван како „Куќа на пола пат“, како можност за дополнителна поддршка на жртвите во процесот на нивно зајакнување, ресоцијализација и реинтеграција во локалната заедница<br><br>- Засилување на општинската активација во рамките на кампањи и други алатки за подигање на јавната свест за подигање на нивото на интерес за пријавување на семејствата од Општина Струмица како Згрижувачки семејства заради зајкнување на процесот за Живеење во згрижувачки семејства на деца без родители и родителска грижа<br>- Општинско учество во процесот на организрање и Развивање на социјални претпријатија на локално ниво заради работно ангажирање на лицата во ризик и лицата од социјална исклученост<br>- Работно оспособување на млади и возрасни лица со попречености, како и останати лица во ризик или од семејства во социјална исклученост преку организирани обуки за квалификација и стекнување вештини за нивен работен ангажман<br>-Поддршка за зајакнување на капацитетите на младите, особено на млдите во ризик или од | |

| | |
|---|---|
| семејства во социјална исклученост и младите од малцинските етнички групи(Турци и Роми) заради самостојно започнување на сопствен бизнис СТАРТ АП<br><br>**Локални социјални услуги** –<br><br>-Засилена општинска активација во рамките на реализација на активностите како дел од сите годишни програми и стратешки докумнти на сите сектори и одделенија, особено на Одд за ЛЕР во чиаја надлежност и делокруг на работа е спроведувањето на социјалната и детска заштита а се дефинирани како можности за создавање на услови за испорака на социјални сервиси и услуги, во рамките на општинските надлежности<br><br>-Партиципативно учество на сите засегнати страни во идентификацијата на потребите и нивна приоритизација во процесот на креиање на општинските социјални политики(плански и стратешки документи) во кои има инкорпорирано активности како можности за создавање на услови и испоарака на социјални услуги во рамките на социјални партнерства со други институции или со граѓански сектор, дефинирани низ процесот на потврден правно формалниот вид на партнерство (социјално договарање, комесарирање или пренесување на надлежности), во рамките на законот и општинските надлежности, - **управен договор**.<br><br>- Унапредување на постоечките видовите на социјални услуги во општината и проширување со нови видови надвор од досега постоечките, во рамките на законот и надлежностите на општината<br><br>-Засилена активација на сите членови на телата и комисиите кои имаат одговорност проактивно да се вклучуваат тие процеси на создавање и испорака на социјални услуги на локално ниво<br><br>-Искористување на сите можности(општинска веб страна, веб страните на другите институции и лиценцирани сервис провајдери како и граѓански организации кои застапуваат интереси на различни целни групи а во рамките на реализацијата на проекти финансиски поддржани од општината даваат придонес во процес во процесот, особено општинските медиуми и портали) заради промоција и информираност на граѓаните за можноста за користење на постоечките општински социјални | |

**СЕКТОРСКА SWOT АНАЛИЗА – од областа на образование во Општина Струмица**

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ | МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|---|---|
| -успешно ја реализира надлежноста во областа на образованието, спроведувајќи ги општинските образовни политики | -примена на класична настава од страна на дел од наставниот кадар | -зголемување на општинскиот буџет наменет за образованието | -недоволно и бавно спроведување на процесот на целосна децентрализација |
| -навремено распределува финансиски средства од блок дотацијата и планира и распределува финансиски средства од општинскиот буџет за основно и средно образование | -во училиштата нема воведено ИСО стандард за квалитет | -зголемување на надворешните извори на финансиски средства за образованието | -општествена криза (економска, социјална, енергетска криза, епидемии/пандемии, политичка клима итн.) |
| -обезбедува финансиски средства за тековно одржување на училишните објекти | -недоволна пристапност на училишните објекти и недостаток на асистивна технологија за ученици со попреченост | -унапредување на соработката и партнерствата со невладини организациии, бизнис заедницата, други училишта од државата и странство | -внатрешна и надворешна миграција на население |
| -обезбедува и организира превоз и сместување на ученици во ученички дом | -дефицитарен наставен кадар | -унапредување на соработката со надлежни институции | -намален наталитет |
| -извршена гасификација во основни и средни училишта во градот за топловодно греење | -недоволна соработка на родителите со училиштата | | -потреба од оптимизација на училишната мрежа |
| -врши оцена и анализа на тековна поставеност на училишната мрежа и давање препораки за нејзина оптимизација | -присуство на меѓуврсничко насилство во училиштата | | -вклучување на наставен кадар во воспитно-образовниот процес, кој не ги исполнува условите според норматив |
| -професионален и мотивиран административен кадар, стручен и едуциран наставен кадар | -недоволна сообраќајна безбедност околу училишните објекти | | -неодржливост на завршените проекти |
| -непосредна соработка со училишните раководства | -недоволно спроведување на општите училишни акти | | -честа промена на законската регулатива |
| -успешна соработка со образовните институции и граѓанскиот сектор | -недоволен број на обуки за личен и професионален развој на наставниот кадар | | -рестриктивна политика за нови вработувања од страна на надлежните институции |
| -соработка со надлежни министерства | -недоволна вклученост на деца со надмината возраст во образовниот систем | | -недоволен износ на финансиски средства од блок дотациите за училиштата |
| -има овластен општински просветен инспектор, кој врши контрола на законитоста при | -недоволна реализација на воннаставни активности | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| спроведувањето на образовните процеси | | | 9 |
| -соработка со Државен просветен инспекторат и спроведување на препораките од спроведени интегрални евалуации во училиштата | -недоволна соработка со Отворениот граѓански универзитет „Јоска Свештарот“, Струмица | | |
| -успешна соработка меѓу општинските училишта и локалните институции | -нема верифицирано училиште за образование на возрасни | | |
| -меѓусебна координација и соработка на училиштата | -необезбеден превоз на учениците од средно образование за изведување на практична настава до компаниите надвор од градот | | |
| -добра инфраструктура на училишните објекти | -необезбеден училишен прибор за ученици од средните училишта кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | | |
| -реализација на проекти за подобрување на образовната инфраструктура преку надворешни извори | | | |
| -издвојување на финансиски средства од општинскиот буџет за капитални инвестиции во училиштата | | | |
| -издвојување на финансиски средства од буџетот на општината за реализација на активности и проекти во образованието | | | |
| -поддршка за учество и реализација на ЕРАЗМУС+ проекти | | | |
| -препознавање и интегрирање на потребите на ранливите категории ученици во општинските училишта | | | |
| -наградување на ученици и наставници/стручни соработници | | | |
| -поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието | | | |
| -поддршка за реализација на активности за | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| намалување на аерозагадувањето | | | 10 |
| -навремено донесување на Развојни програми, Годишни програми и Годишни извештаи на општинските училишта | | | |
| -извршена процена на стратешките приоритети и главни цели од Националната стратегија за образование 2018-2025 година | | | |
| -приоритетите и спроведувањето на мерките се темелат на почитување на утврдени принципи и вредности | | | |
| -поддршка за унапредување на средно стручно образование и воведување на образовни профили согласно потребите на пазарот на труд | | | |

**СЕКТОРСКА SWOT АНАЛИЗА – од областа на животната средина во Општина Струмица**

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Искуство на меѓународни проекти, фондови и слично | Недостиг на база на податоци |
| Економски силни и стабилни претпријатија | Слаба и недоволна меѓусекторска комуникација и соработка |
| Соработка со НВО и граѓански сектор | Недоволна искористеност на гасоводниот систем |
| Воспоставени процедури и примена на закони | Немање стратешка карта за бучава |
| Континуирано инвестирање во подобрување на квалитетот на животот во делот воздух, вода, почва заштита и биодиверзитет | Загадување на животната средина од страна на физички и деловни субјекти |
| Богатство на природни убавини, културно историски знаменитости, културни манифестации и развиен еко туризам | Недоволна изградена свест за зачувување и одржување на материјалните, културните и природните добра, но и заштита на животната средина |
| Редовно обновување, збогатување и одржување на урбано и улично зеленило | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Учество на странски фондови (ЕУ, ИПА, МФИ и други) | Неинформирање до сите засегнати страни |
| Соработка со универзитети и соработка со општини | Недоволни средства за реализација на проекти и активности |
| Јакнење на капацитетите на НВО | Недоволен капацитет на јавните претпријатија за спроведување на активности во согласност со потребите на граѓаните |
| Побрз начин на справување со сторители | Проблем со подземната инфраструктура |

| | |
|---|---|
| на прекршок | |
| Развивање на перпективни планови на подолг рок за почист град и останати надлежности | Лоша економска состојба која влијае врз зголемување на невработеноста и осиромашување на населението |
| Континуирана едукација на локалната администрација за унапредување на сопствените капацитети | Зголемен здравствен ризик кај населението од нарушениот квалитет на воздухот |
| Размена на искуства во администрацијата на регионот | |
| Едукација на граѓаните за посточките права и можности | |
| Намалување на отпад и обезбедување на поголем степен на јавна чистота | |
| Ангажирање на невработени и работоспособни лица во активности од јавен карактер | |
| Промоција на еколошки и културен туризам | |
| Обезбедување на финансиски средства и функционалност за имплементација на проекти | |

## АНЕКС 3: ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА

### Буџетски форум на Општина Струмица 2024/2025

Активностите на Буџетскиот форум на Општина Струмица се имплементираа во текот на месец октомври 2024 година.

За имплементирање на активностите беше формиран тим.

**Одржани се**:2 Форумски сесии и координативни работни средби на работната група ( Модератор и членови).

Изготвени се: 2 Покани и 2 Агенди (Дневен ред на форумските сесии); 2 Записника од форумски сесии; 2 Анализи за присуство на мажи и жени од анкетните листови од форумските сесии; Презентација - Структура на буџет на Општина Струмица за 2025 година, Презентација на развојните програми за 2025 година; Табела – Приоритизација на развојни програми – прва форумска сесија; Excel табела – Крајна табела за гласање на 17 програми (приоретизирани 5 програми од страна на граѓаните); Табела - Гласање на 6 проектни иницијативи (приоретизирани 3 проектни иницијативи од страна на граѓаните) и Извештај за Буџетски форум 2024/2025.

Форумските сесии се одржуваа во Младински центар (Административна зграда) со почеток во 17:00 часот, во среда - 16.10.2024 година и четврток - 17.10.2024 година.

**Првата форумска сесија** се одржа на ден 16.10.2024 со следниот Дневен ред: Добредојде на присутните и вовед во процесот - Модератор, Поздравно обраќање на Градоначалник Г-дин Костадин Костадинов, Градоначалник на општина Струмица (Кратко резиме на досегашните резултатите од реализацијата на Програмите од Буџетот на Општина Струмица за 2024 година), Кратка презентација на структурата на Буџетот и Развојните програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2024 година – Тимо Комаров,

Заменик раководител на Сектор за финансиски прашања; Избор на приоритетни Развојни програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2025 година и Предлози на проектни иницијативи од работните маси во рамки на избраните пет приоритетни Развојни програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2025 година. На ова форумска сесија учествуваа 63 граѓанин (29 жени и 34 мажи). Граѓаните се информираа дека форумот е модел за нивно партиципативно учество каде целта е да се донесе буџет во консултација со граѓаните и каде ќе ја имаат можноста на демократски и транспарентен начин да учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2025, потоа за подготовката и донесување на буџетот, структурата на буџетот и развојните програми на Општина Струмица за 2025 година. На првата форумска сесија се формирани следниве работни маси: Средно образование, Основно образование, Урбанизам и Животна средина, Јавни претпријатија и општинска администрација, Млади и спорт, Култура, Социјална, детстка и здравствена заштита, Урбани и месни заедници.

По работни маси граѓаните работеа на приоритизација на развојни програми. По работата по работни места, се презентираа приоритизацијата на развојни програми од табела: „Развојни програми 2025" по работни маси. По презентацијата вкупните резултати од приоритизираните развојни програми беа следниве: Програмата ЈН (Капитални расходи за урбана опрема), Програмата НБ (Капитални расходи за средно образование), Програмата ГА (Изградба на комерцијални објекти), ДА (Капитални расходи за месна самоуправа) и ЈГ (Изградба на системи за водоснабдување).

Потоа следуваше работа по работни маси на една предлог проектна иницијатива по сите развојни програми. Беа презентираните следниве проектни иницијативи по работните маси:

1.Нова населба во турско маало 3 фаза
2.Изградба на нови и реконструкција на постоечки водоводи во градот и населените места
3.Нов градски пазар
4.Струмица безбеден град
5.Учество во изградба на училишен дом во СОУ "Димитар Влахов"
6. Реконструкција на Дом на култура во с.Банско

**Втората форумска сесија** се одржа на ден 17.10.2024 со следниот Дневен ред: Добредојде на присутните и кратко потсетување на работата од претходната сесија и насоки за работа на втората сесија - Модератор, Обраќање на Заменик Градоначалничката на општина Струмица Елена Магеровска Паликаров и Раководителката на Секторот за урбанизам при општина Струмица Софија Патрикова; (Осврт на можностите за реализација на предлог иницијативите од работните маси во рамките на надлежностите на општината ); Избор на три главни предлог иницијативи од предложените и прифатени приоритети по систем на бодирање и гласање кои ќе влезат во состав на Развојните програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2025 година. На втората форумска сесија учествуваа 35 граѓани (16 жени и 19 мажи). Граѓаните на ова форумска сесија извршија приоритизација на предложените проектни иницијатици од првата сесија и тоа по работни маси на Табела. Потоа следуваше гласење. Поените беа запишувани електронски - Табела Excel од страна на претставник од работната група и по презентираните бодувања на проектните иницијативи резултатите беа следниве развојни проектни иницијативи:

1. Струмица безбеден град (94 поени);
2. Нова населба на турско маало – трета фаза (76 поени)
3.Реконструкција на Дом на култура во с.Банско (62 поени).

Форумските сесии беа реализирани согласно планираната динамика и се оствариjа целите од присутните граѓани каде на двете сесии по работни маси учествуваа во работата, даваа

предлози и приоритизираа буџетски развојни програми и развојни проектни иницијативи во согласност со избраните буџетски програми. Градоначалникот детално ги образложи плановите за развој, планираните расходи по програми за следната година. Учеството на граѓаните на форумските сесии е повеќе од задоволителен. Добиени се задоволителен број на проектни иницијативи кои општината ќе ги инкорпора во буџетот за 2025 година.

**Буџетски форум на Општина Струмица 2023/2024**

Активностите на Буџетскиот форум на Општина Струмица се имплементираа во текот на месец ноември 2023 година.

**Одржани се**: 2 Форумски сесии и координативни работни средби на работната група( Модератор и членови).

**Изготвени се:** 2 Покани и 2 Агенди (Дневен ред на форумските сесии); 2 Записника од форумски сесии; 2 Анализи за присуство на мажи и жени од анкетните листови од форумските сесии; Презентација - Структура на буџет на Општина Струмица за 2024 година, Презентација на развојните програми за 2024 година; Табела – Приоритизација на развојни програми – прва форумска сесија; Excel табела – Крајна табела за гласање на 3 програми; Табела-Гласање на 8 проектни иницијативи Буџетски форум на Општина Струмица 2023/2024; Excel табела – Крајна табела за гласање на 8 проекти и Извештај за Буџетски форум 2023/2024 .

Форумските сесии се одржуваа во Младински Центар – Административна зграда на Општина Струмица со почеток во 18:00 часот, во петок - 03.11.2023 година и петок - 10.11.2023 година.

**Првата форумска сесија** се одржа на ден 03.11.2023 со следниот Дневен ред: Добредојде на присутните и вовед во процесот - Модератор, Поздравно обраќање на Градоначалник-Г-дин Костадин Костадинов, Градоначалник на општина Струмица (Осврт на реализацијата на Буџетот за 2024 год и визијата за развој на општината во рамки на усвоените Развојни програми за 2024 година), Кратка презентација на структурата на Буџетот и Развојните програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2024 година – Тимо Комаров, Раководител на одделение за финансии и плаќање; Избор на три приоритетни Развојни програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2024 година и Предлози на проектни иницијативи од работните маси во рамки на избраните три приоритетни Развојни програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2024 година. На ова форумска сесија учествуваа 63 граѓанин (29 жени и 34 мажи). Граѓаните се информираа дека форумот е модел за нивно партиципативно учество каде целта е да се донесе буџет во консултација со граѓаните и каде ќе ја имаат можноста на демократски и транспарентен начин да учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2024, потоа за подготовката и донесување на буџетот, структурата на буџетот и развојните програми на Општина Струмица за 2024 година. На првата форумска сесија се формирани следниве работни маси: Средно образование, Основно образование, Урбанизам и Животна средина, Јавни претпријатија и општинска администрација, Млади и спорт, Култура, Социјална, детстка и здравствена заштита и Месни заедници и Урбани заедници.

По работни маси граѓаните работеа на приоритизација на развојни програми. По работата по работни места, се презентираа приоритизацијата на развојни програми од табела: „Развојни програми 2024“ по работни маси. По презентацијата вкупните резултати од приоритизираните развојни програми беа следниве: ЈГ Изградба на систем за водоснабдување, ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води и ФА Капитални расходи за уредување на градежно земјиште.

Потоа следуваше работа по работни маси на една предлог проектна иницијатива по сите развојни програми. Беа презентираните следниве проектни иницијативи по работните маси:

- Изградба на нов градски пазар;

- Реконструкција на домови на култура;
- Изградба на концертна сала по светски стандарди;
- Изградба на нови или адаптација на постоечки спортски игралишта со адекватен пристап и опрема со реквизити за лица со попреченост;
- Асфалтирање на втор слој асфалт на улици;
- Настава во природа за заштита на животна средина и едукација;
- Изградба на кино сала;
- Набавка на нови возила за противпожарна заштитаи специјални скали за гасење на пожар во високо станбени објекти.

**Втората форумска сесија** се одржа на ден 10.11.2023 со следниот Дневен ред: Добредојде на присутните и кратко потсетување на работата од претходната сесија и насоки за работа на вторага сесија - Модератор, Обраќање на Градоначалник на општина Струмица Г-дин Костадин Костадинов, Градоначалник на општина Струмица; (Осврт на можностите за реализација на предлог иницијативите од работните маси во рамките на надлежностите на општината ); Избор на три главни предлог иницијативи од предложените и прифатени приоритети по систем на бодирање и гласање кои ќе влезат во состав на Развојните програми, составен дел на Буџетот на општина Струмица за 2024 година. На втората форумска сесија учествуваа 49 граѓани (30 жени и 19 мажи). Граѓаните на ова форумска сесија извршија приоритизација на предложените проектни иницијатици од првата сесија и тоа по работни маси на Табела. Пред да се почне со приоритизација две предлог иницијативи од првата форумска сесија беа замените со други две, поради тоа што ти се тековни и континуирано се извршуваат во тековните програми на општина Струмица.Така да на место на проектната иницијатива Асфалтирање на втор слој асфалт на улици беше заменета со Дислокација на Струмин гроб, додека на место на Настава на програма во природа за млади беше заменета со Уредување, поставување на летниковци и простор уреден за кампинг на местото Чам Чифлик. Потоа следуваше гласење. Поените беа запишувани електронски - Табела Excel од страна на претставник од работната група и по презентираните бодувања на проектните иницијативи резултатите беа следниве развојни проектни иницијативи:

1. Изградба на нов градски пазар (64 поени);
2. Реконструкција на домови на култура (43 поени) и
3.Дислокација на Струмин гроб (42 поени).

Форумските сесии беа реализирани согласно планираната динамика и се оствариjа целите од присутните граѓани каде на двете сесии по работни маси учествуваа во работата, даваа предлози и приоритизираа буџетски развојни програми и развојни проектни иницијативи во согласност со избраните буџетски програми. Градоначалникот беше присутен на двете сесии и детално ги образложи плановите за развој, планираните расходи по програми за следната година. Учеството на граѓаните на форумските сесии е повеќе од задоволителен. Добиени се задоволителен број на проектни иницијативи кои општината ќе ги инкорпора во буџетот за 2024 година.